**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

**Правен факултет „Јустинијан Први“**

**ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА**

**на тема:**

# ПРАВОТО ВО МАКЕДОНИЈА ОД VII век до 1371 г., СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДЕЊЕ НА ЛУЃЕТО

**Кандидат:** **М-р Лиридон Зенку**

**Ментор:** **Проф. д-р Билјана Поповска**

**Скопје, 2021 година**

# Содржина

ВОВЕД 10

МЕТОДОЛОГИЈА 14

ПРВ ДЕЛ 16

СЛОВЕНСКО ОБИЧАЈНО ПРАВО 16

1.Словените 17

а) Македонските Словени 19

2.Поим за обичај 21

3. Дефиниција на обичајното право 22

4. Значење на обичајот во правниот поредок 24

5. Обичаите и начинот на војувањето на словените пред и за време на населувањето на Балканскиот Полуостров 27

а) Прокопиј за начинот на живеење на Словените 27

б) Прокопиј за словенската религија 28

в) Псевдо-Маврикие за обичаите на Словените 29

6. Извори на правото кај македонските Словени во раниот среден век 33

7. Предмет на обичајното право 38

7.1. Семејно право според обичајнотот право 38

7.2. Сопственост 50

а) Имотните односи меѓу сопрузите и меѓу родителите и децата 50

б) Присвојување на подвижни ствари 51

в) Користење на недвижни ствари 51

г) Куќа 52

д) Орудие и алатки 52

е) Облека, обувки и накит 52

7.3. Облигационо право 56

7.3.1. Продажба и купување 57

7.3.2. Заем на услуга 57

7.3.3. Позајмување 58

7.3.4.Дарување (donation) 58

7.4. Наследување 59

7.5. Режим на експлоатација на заеднички пасишта 60

7.6. Народен суд 61

7.7. Ордалиите или божјиот суд 62

7.8. Казни 62

ВТОР ДЕЛ 65

ЗАКОНОТ ЗА СУДЕЊЕ НА ЛУЃЕТО 65

1. Законот за судење на луѓето 66

2.Крмчии во кои се наоѓа текстот на ЗСЛ 70

2.1.Новгородска крмчија 70

2.2. Устјушка крмчија 73

2.3. Варсонофиевската крмчија 75

2.4.Троицки препис на Мерило праведно 76

3. Потеклото на Законот за судење на луѓето 78

3.1.Теоријата дека ЗСЛ има Бугарско потекло 79

3.2. Теоријата дека ЗСЛ потекнува од Моравија 81

3.3.Теорија за македонското потекло на ЗСЛ 84

4. Целта за донесувањето на Законот за судење на луѓето 86

4.1. Примање на христијанството 87

5. Три члена на ЗСЛ кои немаат содветен образец во Еклогата 91

6. Соодносите на ЗСЛ со одговорите на папата Никола I 95

7. Содржината на ЗСЛ 97

7.1. Религиозните престапи 102

7.2. Престапите против јавниот морал 103

7.2.1. Престап, неверството на женет маж со робинка 103

7.2.2. Обљуба со калуѓерка 104

7.2.3. Бракот меѓу духовните сродници 104

7.2.4.Престап, заведување на девојка без согласност на нејзините родители 105

7.2.5. Силување на негибната девојка 105

7.2.6. Силување на незрела девојка 105

7.2.7. Бигамија 106

7.3. Престапите против општествената сигурност 107

7.4. Престапот против правото на азил во црквата 108

7.5. Престапи за судството 109

7.6. Престапи коишто се состојат во уништувањето на туѓ имот 110

7.7. Престапите на кражбата 110
7.7.1. Кражба во војна 110
7.7.2. Кражба на стада 111
7.7.3. Кражба на гробови 111
7.7.4. Кражба во црква 111
7.8. Престапите против личноста и нејзиниот личен статус 112
7.9. Престапот на присвојување на туѓ роб 113
7.10. Поделбата на воениот плен 113
7.11. Ослободувањето на роб 114
8. Правото во Македонија во средниот век според ЗСЛ 115
8.1. Сопственоста 116
8.2. Облигационо право 117
8.3. Семејното право според ЗСЛ 118
8.4. Кривичното право според ЗСЛ 121
8.4.1. Видови казни според ЗСЛ 123
8.5. Црковна епитимија казни (пост и покајание) 125
8.6. Судови и судска постапка 129
ТРЕТИ ДЕЛ 132
ЗАКОНОДАВСТВОТО НА МАКЕДОНСКАТА ДИНАСТИЈА ВО ВИЗАНТИЈА 132
1. Правото во Византија 133
2. Империска криза 134
3. Односот меѓу државата и црквата 135
4. Законодавството на Македонската династија 138
4.1. Василије I 139
4.1.1. Законодавни акти на Василије I 144
4.1.2. Прохирон 149
4.1.3. Епанагогата 153
4.2. Лав VI Мудриот 157
4.2.1. Законодавни акти на Лав VI 161
4.2.2. Василиките 167
4.2.3. Новели на Лав VI 175
ЧЕТВРТИ ДЕЛ 179
ДУШАНОВИОТ ЗАКОНИК 180
1. Извори на правото 180

2.Општесвени односи во Македонија пред да биде во рамките на Српската феудална држава 180

3. Македонија во рамките на Српската држава 182

4. Цар Душан 185

5. Душановиот законик 191

5.1. Донесување на првиот дел 195

5.2. Донесување на втор дел на Душановиот законик 199

5.3.Значење на Душановиот законик 202

6.Главните одредби на Душановиот законик 204

6.1.Црквата и христијанството 210

6.2.Давачки и такси 211

7.Правото во Македонија во Средниот век според Душановиот законик 212

7.1.Семејното право 212

7.2.Наследување 213

7.3.Сопственост 215

7.4. Облигационото право 217

7.4.1.Трампа 217

7.4.2.Заем 217

7.4.3.Договорот за подарок 217

7.4.4.Договор за остава 218

7.4.5.Меѓународни договори 218

7.5.Кривично право 219

7.5.1.Видови кривични дела и казни според Душановото законодавство 220

7.5.1.1.Кривични дела против феудалниот општествен и државен поредок 220

7.5.1.2.Кривични дела против црквата и религијата 222

7.5.1.3.Кривични дела против имотот 224

7.5.1.4.Кривични дела против личноста 226

7.5.1.5.Казни 228

8.Судството по Душановиот законик 230

8.1.Судиите 231

8.2.Порота 231

8.3.Судови 232

8.4.Судска постапка 234

9.Судбината на Душановото законодавство 238

Заклучок 239

БИБЛИОГРАФИЈА 247

**Благодарност!**

При подготвување и финализирање на оваа толку значајна работа во професионалниот и академскиот живот, докторска дисертација, најдов поддршка, охрабрување и добрина од многу луѓе, на кои би сакал да им посветам дел од благодарноста и голема почит и тоа:

Благодарност и голема почит сакам да упатам до целиот академски персонал на Правниот факултет ,,Јустинијан Први‘‘во Скопје, при Универзитетот Св. Кирил и Методиј‘‘во Скопје.

Посебна почит и благодарност, изразувам и упатувам за научниот ментор Проф. Д-р Билјана Попоска, за дадената помош, совети, поддршка и ориентација при изготвувањето на овој труд.

Последно, но не и најмалку важно, би сакал да изразам моја посебна почит и благодарност, на моето семејство, заради трпеливост, постојана морална поддршка, охрабрување и разбирање, за времето што не можев да им го посветам во овој период. Тие се извор на целата моја енергија, а посебно изразувам и упатувам бескрајно почит и благодарност до мојата Сестра Доц. Д-р Теута Јусуфи Зенку што ми даваше неуморна и секава подршка во научен поглед и во други сфери.

Моето семејство е причината за моите достигнувања и за тоа што сум јас денес.

На сите споменати, Вечно ќе им бидам благодарен!

**Посветено на моето семејство.**

**Со голема лубов!**

# **Кратенки:**

ЗСЛ – Закон за судење на луѓе;

ОП – Обичајно право;

ЕК – Еклога;

СС – Скратена Синтагма;

ЈК – Јустинијановата кодификација;

ДЗ – Душановиот законик;

ЗЗ – Земјоделски закон;

CJC - Corpus juris civilis;

ЗМД – Законодавството во македонската династија;

ЦЗ – Царски закони;

# ВОВЕД

Кога зборуваме за правото во средновековна Македонија, нормално дека во раните години на средниот век таа била неразвиена и слободно може да се каже дека таа се потпирала на обичајното право. Со текот на времето, обичајот се повторува и станува задолжителен. Некои навики, од време на време, од генерација на генерација, се менуваат и исчезнуваат, обичаите ги регулираат односите во општеството и го одредуваат правото на секој поединец и група. Неговото функционирање во општеството како независен извор на права претпоставува едно општо уверување во смисла на неговата вредност, и за одредена заедница и за поединецот. Гледано како целина, може да се каже дека тие биле формирани слично на народни песни. Обичајното право не е статично, тоа е жива материја и во постојан развој, способно да се прилагоди на новите околности. Без значителни промени, обичајното право понекогаш оди во пишан закон, и обратно. Обичајното право е во постојан развој. Обичајното право било главниот извор на правото кое сите го почитувале, и сите правни спорови ги решавале со обичајното право, ова се применувало до доцна, при што обичајното право одело заедно со пишаното право, и се надополнувале едно со друго. Големо влијание на правото во средновековна Македонија без сомнение имал и Законот за судење на луѓето, еден од најпознатите историски извори на словенскиот закон за кој се верува дека е направен во втората половина на IX век или на почетокот на X век. Не постои спор околу фактот дека овој правен документ е моделиран и претставува преработка на одделни членови од XVII глава од византиската Еклога[1]. ЗСЛ има македонско потекло, кој бил составен од Методиј во 30-тите години на IX век кога тој бил византиски архонт во архонтијата Стримон, во областите на денешна Струмица, кога бил напишан на словенски јазик со грчко писмо[2].

Законот за судење на луѓето содржи претежно казнено право, но постојат и одредби од приватното и процесното право, во ова време овој законик бил главен пишан документ кој заедно со непишаното право, односно обичајното право, го сочинувале правото во средниот век во Македонија. Нормално дека во тоа време во Македонија се применувало Византиското право, но со создавањето на Законот за судење на луѓето, во Македонија се применувал овој закон, кој слободно може да се

[1] К. Илиевска,“ Законъ соудныи людьмъ“, Скопје, 2004, стр. 26 .

[2] Н. Сотировски,“Историја на државите и правата на југословенските народи“, Скопје, 1980, стр. 555.

каже дека бил многу поблаг и потолерантен закон од сите дотогашни закони во Византија. ЗСЛ го уредувал правото во овој регион, и заедно со обичајното право ги одредувале казните. Во целиот ЗСЛ имало само една официјална смртна казна, и еден куп други поблаги казни, овој закон повеќе бил наменет за кривичните дела. Слободно можеме да кажеме дека ЗСЛ е создаден после прифаќањето на христијанската вера на овие простори, но и после тоа дел од жителите на овие простори се уште верувале во паганската вера и обичајот, и затоа биле пропишани казни против паганското верување и истовремено се зајакнувало и проширувало христијанството.Оригиналниот ракопис на овој документ не е зачуван.

Што се однесува на хронолошката периодизација на византиска правна историја, правните акти коишто биле носени, односно кодификаторската работа може да се разгледува низ три значајни периоди[3] :

а) периодот кога биле донесени: Земјоделскиот закон (Nomos georgigos) и *Еклогата*,

б) втор период (законодавството на Македонската династија), кога биле донесени збирките: *Прохирон, Епанагога, Василики* и збирката *Новели* на Лав VI Мудриот, и

в) трет период (XIV век) кога настануваат две приватни правни збирки: Шестокнижието (Eksavivlos) на солунскиот судија и номофилакс Константин Арменопулос и Синтагмата на светогорскиот монах Матија Властар.

Владеењето на македонската династија започнало со доаѓањето на византинскиот престол на Василије I во 867 година, и за време на неговиот син и наследник Лав VI. Василије I ги презел правата од оваа голема и одлична работа, собирајќи ги во *Прохирон* („прирачник законик“, 879 г.) најважните извадоци од Corpus juris civilis(CJC), истотака издал уште една книга под името *Епанагога* прирачник за обичајно право. Неговиот син Лав VI ја заврши почнатата работа со уредување и издавање на *Василиките*„Царски закони“, целосен законски зборник во шеесет книги (887 – 893 год.), извадоци од законите објавени за времето на владеењето на Јустинијан, и Новелите на Лав VI[4], чија главна цел е да ги усогласат канонските

[3] Б. Поповска,"Историја на правото", Скопје, 2017, стр. 133 .
[4] Ш. Дил,"Историја на Византијског Царства", Јули, 1919, стр. 60 .

закони со византиското право, и да се изменат застарените закони, како и да се легитимира канонскиот закон. Сите овие имаа за цел „Освежување на античките закони“ во време на македонската династија.

Македонската династија, повеќе од која било друга во византиската историја, се обидувала да го обнови законот, особено со правната реформа.

Во периодот на класичниот феудализам во Македонија, покрај обичајното право како извори на правото се применувале и сите оние закони, односно законици, коишто се применувале во државите под чијашто власт се наоѓала Македонија, и на чијашто примена владеачките држави инсистирале, сакајќи да ја вклучат Македонија поцврсто во својот државно-правен систем. Така, во периодот кога Македонија се наоѓала под српска власт се применувале и сите оние извори на правото коишто важеле на територијата на феудална Србија[5]. Така е случајот со Душановиот законик. Не е зачуван ниту еден запис од Душановиот законик од времето на Царството, а камоли оригиналот – дури ни посебен ракопис од првиот законик од 1349 година[6].

Овој законик имал голема важност во тоа време во Македонија, и се применувал на големо. За ова ни сведочи и тоа фактот што на 21 мај 1349 година во Скопје бил прогласен „Законикот на благоверниот цар Стефан“, познат како Душанов законик. Дека Македонија била многу важна за Цар Душан, покажува и неговото крунисување кое што се случило во Скопје. Душановиот законик ги регулира сталешките(класните) односи, како и прашањата сврзани за местото на судот и карактеристиките на судската постапка. Законикот, исто така ги содржел правилата на брачното право, граѓанското право и кривичното право, како и правилата на судските постапки.

## Предмет на истражување

Предмет на истражување на оваа докторска дисертација е правото во средновековна Македонија што до сега во нашата земја не се истражувало толку колку што треба и има место за понатамошно истражување. Се истражувани сите правни дела на средновековна Македонија. Главните збирки и закони во средновековна Македонија се:

[5] Б. Поповска,”Државно-правна историја на Македонија VII-XX век“, Скопје, 2010, стр. 64 .

[6] Ѓ. Бубало,“Време Душановог законика“,- Slovène- International Journal of Slavic Studies, Vol 4, №2, Београд, 2015, стр. 120 .

-Обичајното право (непишано право),

-Законот за судење на луѓето,

-Прохиронот,

-Епанагогата,

-Василиките или Царските закони,

-Новелите на ЛавVI,

-Душановиот законик.

## Целта на ова докторско истражување

Целта на ова докторско истражување е да обезбеди сеопфатен преглед на правото во средновековна Македонија, во областа на сите гранки на правото од граѓанско право(семејно, наследно, сопствено), кривично право, облигационо право, итн. Почнувајќи од непишаното право. Истражувањето стартува со Обичајното право. Обичајното право е создадено пред да се појави државата и државното право, па потоа е продолжено со гореспоменатите збирки и закони во средновековна Македонија.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Според Клифорд Вуди, истражувањето опфаќа дефинирање и редефинирање на проблемите, формулирање хипотеза или предложени решенија; собирање, организирање и проценка на податоци; правејќи одбитоци и донесување заклучоци; и конечно внимателно тестирање на заклучоците за да се утврди дали тие одговараат на формулирање хипотеза.

Целта на истражувањето е да се откријат одговори на прашања преку примена на научни процедури. Главната цел на истражувањето е да се открие вистината што е скриена и која не е откриена сеуште.

Методите кои се користени за изработка на докторската дисертација, се применети соодветно и  имаат научно-истражувачки карактер.

Дескриптивниот метод се применувало во објаснувањето и опишувањето на предметот на истражувањето што е правото во средновековна Македонија во кое се истражувани сите правни дела на средновековна Македонија, главните збирки и закони во овој период.

Компаративниот метод е користен за утврдување на странските искуства во ова насока, се со цел да се извлече нешто повеќе што би било од помош во ова област, така на пример за Законот за судење на луѓето, но и за другите правни дела на средновековна Македонија.

Правно-аналитичкиот метод се користи за толкување на нормативните акти кои се однесуваат на оваа област.

Споредбено-правниот метод е користен со цел да се извлечат заклучоци за правните решенија кои се нудат  во Законот за судење на луѓето, Земјоделскиот законик, Еклога, и за другите правни дела на средновековна Македонија.

Во докторската дисертација е направена дополнителна анализа на Законот за судење на луѓето, содржината на овој закон, целта за донесување на овој закон и што е нај важно потеклото на овој закон, односно кој го напиша овој закон, без сомнение дека овој закон е напишан од св. Методиј на словенски јазик со грчко писмо, во

ахронијата Стримон во околината на денешната Струмица, за да му служи на неговиот народ.

За потребите на дисертацијата беа искористени неколку начини за прибирање на податоци кои беа користени, примарни и секундарни извори. За детално истражување на оваа дисертацијата се користени научна и стручна литература, домашна и странска литература.

# <u>ПРВ ДЕЛ</u>

# СЛОВЕНСКО ОБИЧАЈНО ПРАВО

# 1.Словените

Студијата на раните Словени останува главна, ако не и најважната тема во источно европската историографија. Денес, историјата на Словените главно ја пишуваат историчари и археолози. Студиите за Словените започнале како речиси ексклузивен лингвистички и филолошки потфат. До 1833 година, словенските јазици биле препознатливи како индоевропски.

Аргументите што се користат за лоцирање на прататковината на Словените – односно територијата каде што станале различен народ од другите индоевропски народи сродни на нив – се само од лингвистичка и археолошка природа. Беа откриени голем број нови аргументи што би можеле да помогнат во решавање на проблемот, но во моментот како најверојатна локација на словенска прататковина се наметнува денешна Украина, поконкретно просторот меѓу реките Буг и Дњепар. Украинската теорија била застапувана и развиена од разни истражувачи. Застапниците на ова гледиште сметаат дека Словените го следеле патот кон реката Дунав што го користеле голем број турски народи – вклучувајќи ги и Хуните, Аварите, Бугарите, Печенезите и Куманите[7].

Најстарите вести за Словените кои што се од сигурен карактер ги наоѓаме во I и II век на н.е. кај Плиние постариот, Тацит и Птоломеј, кои што говорејќи за Венетите (име што го употребуваат за означување на Словените), ја определуваат нивната географска распространетост, сместувајќи се на голем простор, кој што од Карпатите се простирале низ долината на Висла, се до Балтичкото море[8].

Според Павел Јосеф Шафарик (1795–1861 год) „словенското племе“ било дел од индоевропското семејство. Како последица, древноста на Словените одела и пред времето на нивното прво споменување од историски извори за „сите модерни нации морало да имааат предци во древниот свет“. Клучниот елемент на неговата теорија било делото на Јордан, *Гетика*[9].

[7] H.Birn-baum, "The Orginal Homeland of the Slavs and the Problem of Early Slavic Linguistic Contacts", Indo-European Studies 1, no.4. (Winter 1973), pg. 407 – 421 .

[8] Б. Поповска, „Државно-правна историја на Македонија VII-XX век", Скопје, 2010, стр. 9.

[9] Ф. Курта, „Создавање на Словените", Скопје, 2018, ст.6-74.

Според Јордан, племенските имиња Анти, Склавини и Венети се поврзани со старите Словени. Најраниот јасен доказ до етнонимот Словен не се случува се до шестиот век од нашата ера. Сепак, направени се повеќе обиди да се идентификуваат Словените, или нивните предци со пораните групи. Племето Шубенои спомнато од Птоломеј во вториот век пред нашата ера, се претпоставува дека било словенско, нивното оригинално име било Стлаванои – посложена форма од Словенои. Тие живееле во Сарматија, северно од Аланите[10].

Друго племе поврзано со Словените биле Венетите спомнати од писателите како Плиниј Постариот, Клавдиј Птоломеј и Тацит. Тие живееле на територија помеѓу базените на реките Одра и Висла. Иако, Тацит ги сметал Венетите како германско племе, Јорданес, во неговата *Гетика*, неколку века подоцна, јасно напишал дека тие биле Словени, иако далеку од сигурно е дека овие писатели пишувале за истите луѓе[11].

Третата голема старословенска група, Антите, се спомнати рано во првиот век од Плиниј Постариот, во неговата *Историја на природата*. Сметани меѓу ранковите на сарматските и скитските племиња, тие живееле на отворени степи северно од Црното Море[12].

Јордановите словенски Анти било речено дека исто така живееле околу северниот крај на (Понтското) Црното Море – од Днепар до Днестар.

Пишувањата на Јорданес сугерираат дека Словените биле стари, и дека долго време живееле во шумските подрачја на Источна Европа. Паул Барфорд и Курта, сепак го ставаат под знак прашалник знаењето на Јорданес околу стара демографија и географија. Иако, различните пишувања ги лоцираат словенските групи помеѓу горниот тек на реката Висла и регионот северно од Црното Море, ваквите информации се премногу енигматични да формираат јасна идентификација од каде и од кога постојат Словените. Понатаму, додека терминот Склавени е оригинално даден од Византиската Империја за некоја одредена етничка група, Флорин Курта аргументира дека овој термин бил користен од Византијците како термин за да ги категоризира барбарските етнички групи кои живееле зад и на реката Дунав[13].

---

[10] Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија VII-XX век", Скопје, 2010, стр. 9.
[11] Ibidem.
[12] Ibidem.
[13] Ф. Курта, „Создавање на Словените", Скопје, 2018, ст.6-74.

Словените биле див и слободен народ (односно не биле потчинети од никој) и немале водачи. Тие не биле предводени од еден човек, туку уште од стари времиња живееле во ,,демократија‘‘. Тие имале јавни собири на кои ги решавале политичките прашања. Словените живееле во безвластие и во заемна омраза (односно омраза меѓу групите), тие не препознавале воени чинови, тие имале повеќе старешини, но ниеден не бил врховен[14].

## а) Македонските Словени

Во текот на VI и VII век македонските[15] словенски племиња: Драговите, Велегизити, Вајунити, Берзити (Брсјаци), Сагудати, Ринхини, Струмјани и Смолјани, во рамките на општата преселба и населување на јужнословенските племиња на Балканскиот Полуостров, трајно го населиле неговиот јужен дел, односно територијата којашто на север се граничи со Шар Планина, Скопска Црна Гора, Козјак, Осогово и Рила; на југ, со р. Бистрица и брегот на Егејското Море до утоката на р. Места; на запад, со планините Кораб, Јабланица, Грамос и Пинд; на исток, со р. Места и западните делови на Родопите. Во време на населувањето тие се наоѓале во родовско-племенско уредување, при што, допирите со Византија, впрочем, тие се населувале на нејзината територија, ги интензивирале започнатите процеси на општествена диференцијација. Тие се изразиле низ формирањето и постоењето на Македонските Склавинии во текот на VI и VII век, кои, меѓутоа, набрзо потпаднале под власта на Византија, под која се наоѓале во текот на VIII и IX век[16].

За време на бугарскиот хан Крум (803 – 814), бугарската феудална држава своето внимание го насочила кон териториите на Тракија и Македонија. За време на наследниците на ханот Крум, постепено, власта на бугарската држава се ширела во македонските области, така што, во периодот на IX век се до 969 година Македонија се наоѓала во рамките на бугарската феудална држава. Со Мирот што го склучил

[14] Џон В.А. Фајн Јуниор ,,Балканот во раниот среден век“ , Скопје, 2015 , ст.25-41 .

[15] Во историографијата овие племиња се нарекуваат македонски затоа што главно се населени на територијата која што го чинела јадрото на некогашната античка македонска држава.

[16] Б. Поповска ,,Државно-правна историја на Македонија –извори-, Скопје, 2005, стр. 19.

бугарскиот владател Петар со Византија во 927 година, Византија го признала Петар за „цар на Бугарите“, со што и Македонија ја признала како бугарска провинција. Оттогаш во официјалните византински документи, и не само во нив, македонските Словени се сметале како поданици на бугарската држава. Значаен настан во историјата на Македонија во овој период било формирањето на Самуиловата држава, како прва самостојна држава на македонските Словени, како и формирањето на Охридската архиепископија како црковен центар на новата држава[17].

[17] Б. Поповска ,,Државно-правна историја на Македонија –извори-, Скопје, 2005, стр. 19.

## 2.Поим за обичај

Во писмени извори, зборот обичај се користи од X век. Зборот обичај постои кај сите словенски јазици, освен кај Јужните Срби[18]. Овој поим е ист или има слични форми и покрај некои фонетски акцентни разлики. Научната дефиниција на терминот *обичај* се јавува само на почетокот на XX век[19].

Со големо значење и широка употреба на поимот обичај во традиционалниот живот на Словените Вук Караџиќ додаде значајна содржина што ја има идејата за култура. Една од првите детерминанти (одредници) на традицијата на зборот датира од почетокот на 20-тиот век. Српски етнолог Тихомир Р. Ѓорѓевиќ го дефинирал обичајот на следниот начин: „Обичаите се искуства и навика на создадени одредби, кои, како закони иако не се напишани насекаде, го управуваат целиот живот и работата на одредено општество“[20]. Тој ги класифицирал обичаите во пет групи:

1) социјални обичаи,

2) економски обичаи,

3) верски обичаи,

4) правни обичаи и

5) медицински практики.

Покрај прасловенскиот збор *обичај*, кој најмногу се користи, се користат и други имиња како синоними, ќе споменеме неколку: навика, навики, шеги (шали) (особено кај Словенците)[21].

---

[18] М. Фасмер ,,Зтшлологическж словару, русского лзмка“, Москва, 1971.
[19] Ibidem.
[20] Т. Р. Ђорђевић, ,,Наш народни живот“, Београд, 1923, стр. 3.
[21] Т. Р. Ђорђевић, ,,Наш народни живот“, Београд, 1923, стр. 3-22.

## 3. Дефиниција на обичајното право

Обичајното право може да се дефинира како збир на законски обичаи, кои ги регулира односите во општеството и го одредува правото на секој поединец и група. Неговото функционирање во општеството како независен извор на права претпоставува едно општо уверување во смисла на неговата вредност, и за одредена заедница и за поединецот. Обичајното право, само во ретки случаи не е во согласност со другите обичаи. Етнологијата, антропологијата и историјата на правото покажуваат дека обичаите, како правила на општествено однесување, им претходат на создавањето на нациите и на антагонистичките класи во нив, државата и правата во современа смисла на зборот[22].

Општо земено, обичајот може да се дефинира како долготрајно и стабилно човеково однесување во дадените околности. Тоа произлегува од социо-економските и духовните потреби на одредено општество. Со текот на времето, обичајот се повторува и станува задолжителен. Некои навики, од време на време, од генерација на генерација, се менуваат и исчезнуваат.

Обичајот постои во практиката и во колективната свест. Преносот на обичаите, особено правното или обичајното право, може да биде во различни форми, како што се: правила, изјави, поговорки, реченици итн.

Гледано како целина, може да се каже дека обичајите биле формирани слично на народните песни. Приливот на нивното постепено обликување, многу од правилата на обичајното право можеле да бидат дело на респектабилни и мудри личности, духовни и световни лидери кои ги следеле останатите. Најрано запишување на обичајно правните норми, за кои знаеме, потекнува од XIII век. Ваквите досиеја се вклучени во статутарните права на далматинските градови и автономните области[23].

Сепак, индиректно, може да се заклучи дека пишувањето на овие норми било порано, во XII век. Така, во една проверка, во документ од 1250 г. се споменува документот од 1184 година, кој се однесува на судски службеници, т.е. за судијата и свештеникот. Според неговото потекло, статутарното право е компилација на римското

[22] M. Kostrencic,"Vinodolski zakonik"-Historijski zbornik, Zagreb, 1949, стр. 140 –145.
[23] Ibidem.

право (особено од законикот на Јустинијан), на старословенско право и (во помала мера) на законот за канони. Бидејќи општината е подалечна од централната власт, таа има повеќе истакнати елементи на обичајното право[24].

Појавата и развојот на нормалниот закон е долг и бавен. Некои од неговите одредби се создадени толку долго и бавно што е тешко да се одреди потеклото во времето на нивната примена. Само во време на значајни и брзи социо-економски промени, некои обичајни правни правила брзо се менуваат.

Прв пат се појавува како нелегален весник, така што подоцна таа ќе ја преземе како форма на обичај.  Многу одредби од обичајното право биле легитимирани со статутарните права на многуте крајбрежни општини на автономните единици на источниот јадрански брег. Под изговор за чување на стари, докажани и „добри обичаи“, честопати биле воведувани или санкционирани нови феудални односи. Таков бил случајот со Винодолскиот закон, кој ги регулирал овластувањата и правата на кнезот на општината и неговиот двор, пропишаните плебисцитски обврски (особено селани) и казните за бројни кривични дела[25].

При појавувањето на обичајните норми, тешко е да се заклучи и да се каже дали се работи за колективен или индивидуален акт.

Постојноста и потврдувањето на обичајното право, општо земено, не биле во писмена форма. Народните старешини, особено постарите, биле  вистински депоненти, чувари на законските обичаи. Старецот можел да биде помлад човек во полна снага. Во општествената реалност, старите лица станувале „постепено, преку постојано докажување на личната чесност, мудрост, познавање на локалните обичаи“ и дарбата за зборување. Основите на старите луѓе постоеле на различни нивоа, од селцето и селото до племињата и поголемите региони[26].

[24] J. Ostojic, ”Benediktinci u Hrvatskoj i astalim nasim Krajevima”, II, Split, 1964, стр. 390.
[25] M. Kostrencic,”Vinodolski zakonik”-Historijski zbornik, Zagreb, 1949, стр. 142 – 143.
[26] N. F. Pavković,”La peine dans le droit coutumier des Slaves du Sud”- Recueils de la Societe Jean Bodin pour l’histoire comparative des institutions, LVII, Bruxelles, 1989, стр. 349.

## 4. Значење на обичајот во правниот поредок

Обичајното право не е статично, тоа е жива материја и во постојан развој, способно да се прилагоди на новите околности. Без значителни промени, обичајното право понекогаш оди во пишан закон, и обратно.

Обичаите практично го регулирале речиси целиот живот на луѓето се до крајот на XII век. Во тоа време имало малку пишани права. Во развиениот среден век, словенските земји се зајакнати, но обичајното право преживува паралелно со државата. Обичајот е се уште главен извор на законот. Бидејќи правната традиција била најраниот извор на секое право, во средниот век таа е основа на државното право.

Поради неадекватното изградување и неспособноста да стигнат до најмалите клетки на општеството и поединецот, старото законодавство препушта регулирање на приватно-правните односи со обичајното право, наметнувајќи истовремено село и парохија припаѓаат на колективна кривична одговорност. Иако, препишувањето на казните е во надлежност на законодавните институции на државата, значителен број пишани извори говорат дека средновековниот закон веќе долго време ги чува обичајно правните прописи кои се однесуваат на кривични дела и казни[27].

Така на пример, на самиот почеток на XIV век, српскиот крал Милутин (1308) го одбил предлогот на Дубровник да го укине обичајот на враќање (вражде), т.е. казна за „мртва глава" и осуден на смрт за убиство. По сослушувањето на предлогот на Дубровник, српскиот крал одговорил дека „на тоа нема да се согласи и дека не било целта да ја пролее крвта на својот народ, туку дека имал намера да ја почитува и зачува старомодната традиција на враќање (вражде), на својот и своите предци, и дека нема да дејствува поинаку, бидејќи тоа го потврдува со заклетва и нека луѓето од Дубровник го прават она што го сакаат со својот народ, но дека нема да се однесуваат сами кон својот народ на друг начин, туку ќе се повикуваат според горесспоменатиот обичај"[28] Член 106 и 180. Во Законикот на Душан, предвидено е виновникот да биде строго казнет за кражба и присвојување на најдени ствари „кривецот оштро да се казни" како „крадец и пират" или „да плати според законот". Меѓутоа, во законот не е точно наведено тоа што тие се обврзани да платат, крадецот и пиратот, односно според кој

[27] Ibidem.
[28] Т. Тарановски, "Историја српског права у немањићкој држави", т.1, Београд, 1931, стр. 12-13.

„закон“ се плаќа. Затоа, може да се претпостави дека овие плаќања им биле познати на сите, односно регулирани со одредбите на обичајниот закон.

Неколку членови на ДЗ како и одредбите од христијанството, кои не се доволно јасни, се потпирале на обичнјите правни институции, што укажува на тоа како е неопходно да се дејствува во одредени случаи. Во принцип, државното законодавство не ги спомнува прекршоците и казните кои се регулирани со обичајно правните прописи. Долго време, постоењето и примената на два различни правни системи на државните закони и норми на обичајното право, нужно имплицира на прашањето за нивната интеракција. Што презеле државата и нејзините права од обичајното право, и обратно, дали државата и нејзините закони влијаеле на различни обичаи. Нема сомневање дека е тешко, јасно и прецизно да се разликуваат интеракциите помеѓу овие две права[29].

Разумно може да се претпостави дека државното законодавство има преземено многу норми и институции од обичајното право. Според нивното потекло и настани, некои државни институции се обичајно правни. Обичајно право на потекло е, на пример, институцијата во Статутот на градот Дубровник од 1272 година[30]. Некои форми на докази, исто така, биле преземени од страна на државата од обичајното право.

Таков е случајот со одреден тип божествен суд, познат и кај обичајното право на старите Словени. Од друга страна, исто така, имало значително влијание на државата врз обичајното право. Прифаќајќи го христијанството, јужните Словени ја прифатиле и писменоста, а преку неа, и првите влијанија на римско-византискиот закон. Ова влијание било поизразено во областа на државното и јавното право. Поради нејзиниот континуитет и долговечност, тоа е забележано во обичајното право. Во српското средновековно законодавство, а особено во Душановиот законик, сите поважни односи требало да се регулираат според законот[31]. Обичајното право не е споменато во него како подружен извор на правото, иако во суштина тоа било. Затоа, може разумно да се претпостави дека во актуелните општествени односи постои правен дуализам, а исто така и конфликти меѓу државниот пишан закон и обичајното право. Затоа, воведувањето жири од парохија „за сите дела“ од криминална природа

[29] Ibidem.

[30] Т. Тарановски, “Историја српског права у немањиђкој држави“, т.1, Београд, 1931, стр. 12-13.

[31] М. Фасмер, “Зтшлологическж словару, русского лзмка“, Ш, Москва, 1971 . стр. 15...

може да се смета како отстапка на постојните услови за живеење. Поротниот суд, бил релативно независен од парохиите, и обратно, судиите биле значително подложни на градовите. Судскиот совет кој се потпира на обичајното право[32].

Потеклото на многу државни институции е од народната традиција и обичаи. Таков е случајот, на пример, со потеклото на советот – најважните државни институции во средновековната ера. Предметите регулирани со обичаите и државното право не се исти. Потребно е да се истакне дека не сме доволно запознаени со приватно-правните односи во средниот век, и затоа многубројни пишани извори од тоа време, како што е Душановиот законик (1349–1354), регулирал особено, односи на јавното право во едно глобално општество[33].

[32] Т. Тарановски,"Историја српског права у немањићкој држави", т.1, Београд, 1931, стр. 216.
[33] Ibid. 168.

## 5. Обичаите и начинот на војувањето на словените пред и за време на населувањето на Балканскиот Полуостров

Изворите за општествените односи, обичаите и начинот на војувањето на Словените, пред и за време на населувањето на Балканскиот Полуостров, се наоѓаат во делата на византиските писатели: Прокопие, Јован Ефески, Псевдо – Маврикие, Менандар Протектор и други писатели. Сите тие, во своите дела даваат и податоци за општествено-економските и општествено-политичките односи кај Словените, пред и во време на населувањето на Балканскиот Полуостров[34].

### а) Прокопиј за начинот на живеење на Словените

Прокопиј[35] вели: над овие племиња, Склавиниве и Антиве[36], не господари еден човек, туку од старо време живеат во демократија и заради тоа секогаш на заеднички собранија ги вршат сите работи, згодни и незгодни. Исто така, и другите обичаи, речиси сите, и едните и другите, ги имаат и овие варвари од порано. Веруваат дека еден од боговите[37] е создател на ровјан и дека е тој само господар на се, и му жртвуваат говеда и секакви жртви[38].

За судбината, ниту знаат ниту, пак, инаку ја признаваат дека има што-годе влијание над луѓето, но кога веќе смртта им се наближува или ги затече болеста, или се во војна, се ветуваат, ако ги одмине, дека наеднаш ќе му жртвуваат за душа на бога и штом се спасат и жртвуваат како што ветиле, мислат дека си го откупиле спасувањето со тоа. Покрај тоа, почитуваат реки и нимфи[39] и некои други божества, им жртвуваат на сите и гатаат на тие жртви. Седат во бедни колиби оддалечени доста една од друга, менувајќи го често своето место на живеење. Тргајќи на бој, одат пеш на непријателот, во голем број, носејќи во раце мали штитови и копја, а оклопи никогаш не

[34] Б. Поповска ,,Државно-правна историја на Македонија –извори-, Скопје, 2005, стр. 21-29.
[35] Прокопиј бил византиски историчар кој што живеел во VI век. Тој напишал три дела: за Јустинијановите војни, за зградите што ги градел Јустинијан и Тајна историја. Во своите дела дал значајни податоци општествените односи кај Словените пред населувањето на Балканскиот Полуостров.
[36] Назив за словенските племиња северно од Црното Море.
[37] Перун.
[38] Л. Лапе ,,Историјата на македонскиот народ,, Скопје, 1975, стр. 9-10.
[39] Самовили.

облекуваат[40]. Некои немаат ни кошули ни наметка (гуњи), туку само облекувајќи ги бечвите до под појас одат така против непријателот. И едните и другите имаат еднаков јазик, сосем варварски.

А и по надворешноста не се разликуваат едни од други, зашто се сите високи и многу јаки, а снагата и косата, ниту им е премногу бела ни модра, ниту сосем им се прелива во црна, туку сите се руси. Живеат тешко и бедно како Масагетите[41], и како и тие секогаш се полни со нечистотија. Не се лоши или злосторници, ни најмалку, но по простотата си личат со Хуните. Па, името на Склавините и Антите им беше некогаш заедничко.

Порано и едните и другите се викале Спори заради тоа што, мислам, овде-онде растурено живеат по земјата. Оттука, имаат и широки земји. Најголемиот дел отаде Истар[42], тие го населуваат[43].

## б) Прокопиј за словенската религија

Прокопиј Кесариски наведува дека Словените имале врховен бог на молњата, кој бил нивни единствен господар на светот, кому му принесувале животни како жртви. Главно се смета дека овој бог се нарекувал Перун, главно словенско божество и господар на громот и молњата.

Голем број словенски племиња го почитувале, а иако неговото име не било споменато во ниеден пишан извор за Јужните Словени, многу топоними произлезени од неговото име постојат на Балканот. Прокопиј Кесариски исто така вели дека Словените го почитувале култот кон реките (веројатно ова значи дека тие го почитувале култот кај реките), како и нимфите (самовилите) на кои, исто така, им принесувале жртви.

Овој последен податок веројатно е точен, затоа што нимфите (самовилите) имаат важна улога во јужнословенскиот фолклор, се до денес. Така, најверојатно,

[40] Ibidem.
[41] Скитско племе што во стариот век живеело источно од Каспиското Езеро.
[42] Дунав.
[43] Л. Лапе ,,Историјата на македонскиот народ,, Скопје, 1975, стр. 9-10

раните Словени не биле дуалисти, туку имале еден пантеон на богови со „функции“, односно (на громот, морето, посевите и животните) што можел да им помогне или да им наштети на луѓето што зависело од тоа, дали тие правилно ги изведуваат обредите или не. Овие обреди вклучувале принесување жртви и најверојатно се одвивале на одредени свети места. Во врска со боговите, се чини дека постоеле и други натприродни суштества, коишто, исто така, морале да бидат потиснати, вклучувајќи ги и нимфите[44].

## в) Псевдо-Маврикие за обичаите на Словените

Псевдо-Маврикие[45] пишувал за племињата на Склавините и Антите дека имаат ист начин на живеење и обичаи, слободни се и никако не се даваат во ропство или под поданство, а особено во својата земја; многубројни се и издржливи, лесно ја поднесуваат и жештината и студот, и влагата и голотијата и скудноста во животните намирници.

Спрема странците се љубезни и со добра волја и внимавајќи ги пренесуваат од едно место во друго каде треба, а ако се случи со невниманието на домаќинот, странецот да пострада, напаѓа на домаќинот оној што му го предал, по должниот обичај да го освети странецот. Тие што се кај нив заробени не ги држат во ропство сето време, како другите народи, туку определувајќи им извесно време ги оставаат да решат, дали ќе сакаат да си се вратат во својата земја, со некој откуп, или ќе останат тука слободни и како пријатели[46].

Имаат многу разноразни коњи и секакви плодови во амбарите, а најмногу жито и просо. Жените им се чесни преку мера, така што на многу од нив смртта на нивните мажи им ја носи и нивната смрт, зашто самите доброволно се дават не сакајќи да живеат понатаму како вдовици. Живеат по шуми, околу реки, по мочуришта и крај езера каде тешко се доаѓа, а често излегуваат од населбите заради разбирливите

[44] Џон В. А. Фајн Јуниор „Балканот во раниот среден век“ , Скопје, 2015 , стр.27 - 28.

[45] Псевдо – Маврикие се смета за автор на делото “Стратегикон“ од првата половина на VII-от век. кое што содржи доста податоци за обичаите и начинот на војување на Словените.

[46] Б. Поповска „Државно-правна историја на Македонија –извори-, Скопје, 2005, стр. 21-22.

неприлики што ги снаоѓаат таму. Своите неопходни работи скришно ги закопуваат, немајќи јавни ништо преку мера оти живеат како крадливци[47].

Сакаат да се судираат со своите непријатели во густи места, клисури и стрмни места. Вешто се служат со пусии, ненадејни напади и измами, денски и ноќе, употребувајќи разноразни начини. И во преминувањето на реки повешти се од сите луѓе. Одлично издржуваат во вода, па често некои од нив изненадени со некаква опасност во своите места, се нурнуваат во длабочините, држат во уста трски приготвени за таква прилика, долги и наполно извртени што достигаат до површината на водата, па лежајќи на плеќи во длабочините дишат низ нив и издржуваат многу часови, така што исчезнуват секакво сомнение на нив[48].

А кога се случува да се гледа трски надвор од водата, неопитните мислат дека тие израснале од водата. Заради тоа, оние што ова го знаат, распознавајќи ја трската по резот и по положбата, или со помошта нивна им ја продупуваат устата или ги извлекуваат од водата, бидејќи не можат повеќе да останат таму.

Секој човек се вооружува со по две мали копја, а по некои од нив и со штитови, добри, но тешки. Се служат и со дрвени лакови и мали стрелки натопени во отров, што многу силно дејствува, ако таков ранет не се послужи со лековити тревки или други вештини познати на опитни лекари, или ако наеднаш не ја пресече раката за да не го зафати целото тело, доаѓа до смрт. Живеат без власт во меѓусебна омраза и не знат за ред. Не се трудат ни добро сложни да бијат бој, ни да се покажуват на голи и рамни места. А кога ќе се случи да решат да влезат во вистински бој, заедно викајќи тргаат малку напред, па ако се исплашат противниците од нивните викотници, напаѓаат со сета сила, а ако не, бегаат назад не сакајќи да имат допир со силите на својот непријател. Се склонуват кон шумите, имајќи таму силна поткрепа знаејќи вешто да се борат по тесните места[49].

Често го оставаат пленот како да се побркале и божем мразејќи го, го оставаат по шумите, па кога ќе дојдат другите се нафрлуват околу пленот, овие сложно се нафрлаат и ги истепуваат. Сосема се несигурни и не ги држат договорите, натерани повеќе од страв отколку од дарови. Бидејќи кај нив има разлики во мислењето или не

[47] Л. Лапе ,,Историјата на македонскиот народ,, Скопје, 1975, стр. 10-11.
[48] Б. Поповска ,,Државно-правна историја на Македонија –извори-, Скопје, 2005, стр. 21-22.
[49] Ibid.22.

се сложуваат или, ако се сложат, пак други го пречекоруваат она што ќе се одреди, зашто се сите страсно еден против друг и не сакаат никој еден на друг да му остапи... треба да се преземаат борбени походи против нив повеќе во зимско време, кога ќе оголат дрвјата, па не само да не можат да се кријат згодно, туку и кога снегот ги покажува трагите на бегалците и кога нивната фамилија ќе постане бедна туку речиси ќе оголее, а и реките заради мразот ќе станат згодни за преминување. Треба чување, колку е можно да не се влегува непромислено во непроодни места, во лето никако, кога се непријателите насобрани пред да ги истераат пешадијата или коњаниците[50].

Бидејќи има меѓу нив многу главатари, па се несложни помеѓу себеси, не е умно некои од нив да се привлечат со зборови, или подароци, а особено оние што се поблиску до границата, а да се нападнат другите за да не би ги сложило непријателството сите ги обединило под една влада. Треба добро да се пази на оние таканаречени пребегалци или прескалци што се нудат сами да ги покажуваат патиштата или да соопштуваат. Има дури и Ромеи кои во тек, на некое време, а заборавајќи на своите, побргу им укажуваат љубов на непријателите. Тие треба, кога прават добро да се наградат, а кога прават лошо да се казнат. Прехранбените продукти најдени во блиската земја не треба неразумно да се уништуваат, туку да се пренесат во својата земја, на добитокот или на кораби. Бидејќи нивните реки влегуваат во Дунав, лесно се врши пренесувањето со кораби... Бидејќи населбите на Склавините и Антите лежат покрај реки една зад друга и поврзани една со друга, така што нема меѓу нив празнини што треба да се спомнуваат, а околу нив се нај обично непосредно шумите или барите или ридовите, тогаш треба во походите против нив наеднаш со удирањето на првото село да се крене сета војска, зошто другите села, бидејќи се соседни и близу до шумите, штом ќе го сетат нивното џагорење, лесно ќе избегаат со своите. Нивните изненадени младинци кога ќе се затечат непотготвени, ги напаѓаат војниците, па заради тоа не можат да направат ништо големо на штета на непријателот што против нив врши напад[51].

[50] Ibidem.

[51] Б. Поповска ,,Државно-правна историја на Македонија –извори-, Скопје, 2005, стр. 21-23.

## г) Масуди за Словените

Масуди[52] пишувал за Словените дека живеале на север, од каде се ширеле према запад. Тие се поделени во неколку различни нации кои се во војна едни со други и имаат кралеви. Некои од нив припаѓаат на христијанската вера на јакобитската секта, додека други се пагани, не се писмени и не знаат ништо за божествениот закон. Меѓу различните народи кои ја сочинуваат оваа паганска раса, постои еден што во старите времиња имал апсолутен авторитет.

Во минатото, сите Словени ја прифатиле својата супериорност, затоа што од нивните редови беше избран владетел, додека началниците на другите племиња беа само негови вазали. Племето за кое ние сме рекле дека се нарекуваат Срби, сами ги горат, кога нивниот главен ќе умре, а тие, исто така, ги палат нивните јавачки животни. Тие имаат слични обичаи како Индијанците, иако тие живеат далеку од Западот. Како што трупот гори, тие се весели и свечени, а причината за ова свечено расположение е тоа што нивниот господар се смилува на мртвиот човек.

Жените на починатиот ги сечат рацете и лицето со нож, а која од нив тврди дека го љуби, виси на јаже, се качува на клупата до него и го обвиткува јажето цврсто околу вратот, тогаш тие ја отстрануваат клупата и ја остават така, се додека дише, после ова, таа умира и така повторно е обединета со нејзиниот сопруг. Нивните сопруги, кога биле еднаш во брак, повеќе не прават прељуба, но ако една девојка сака (љуби) еден човек, таа оди кај него и ја задоволува нејзината страст. Меѓутоа, ако еден маж земе жена и ја остави другата девојка, тогаш тој вели: „Ако имало нешто добро на тебе, ќе те љубев и ќе те сакав, но тебе некој ако те зема би те земала девојка", таа е избркана со овие зборови и ослободена[53].

[52]Масуди бил историчар и географ, роден околу 896 година, во Багдат (896-956) кој патувал во неколку земји на светот, ја напишал книгата, "The Meadows of Gold and Mines of Gems" (Ливади од злато и рудници за скапоцени камења), во која книга пишува и за словените.
[53] P. Lunde & C. Stone, "The Meadows of Gold", Routledge, London, 1989.

# 6. Извори на правото кај македонските Словени во раниот среден век

Извори на правото кои служеле за регулирање на општествените односи кај македонските Словени во раниот среден век биле: непишаното словенско обичајно право и византиското право, на чијашто примена инсистирала Византија. Последното, со оглед на тоа што во периодот на VIII-IX век, Македонија се наоѓала под власта на Византија. Исто така, и во периодот кога таа се наоѓала под власта на бугарската држава, IX век – 969 година, се применувало византиското право, со оглед на тоа што бугарското феудално право било неразвиено и претставувало рецепција на византиското. Византиското право било во основа некогашното римско право кое што од средината на VI век се потпирало на Јустинијановиот законик (Corpus juris civilis). Сепак, како последица на христијанизацијата, елинизацијата и развојот на феудалните односи, ова право се менувало и се модифицирало.

Сред македонските Словени се применувале неколку значајни извори на византиското право, какви што биле[54]:

-Еклогата, која што била донесена во средината на VIII век (739– 740 г.) и се потпирала на Јустинијановиот законик и делумно на византиското обичајно право;

-Законот за судење на луѓето (ЗСЛ) кој бил донесен во IX век и претставувал словенска редакција на Еклогата;

-Поморскиот, Воениот и Земјоделскиот закон, кои што се донесени во втората половина на VIII век и коишто ја дополнувале Еклогата; и

-Византинските збирки на црковното и световното право какви што биле: Номоканонот на Јован Схоластикот од средината на VI век, и Номоканонот од 14 титули од втората половина на VII век. Последниот е познат и како Фотиев номоканон, по цариградскиот патријарх Фотиј којшто го преработил кон крајот на IX век.

Некои значајни извори на византиското право, што се применувале сред македонските словени, какви што биле:

а) Земјоделски закон (Nomos Georgikos) - Земјоделскиот закон е византински законик што ги решава проблемите по судски пат што можат да настанат во едно село. Ова претставува најконтроверзен документ, затоа што не се открива кога, од кого и за кои селски заедници првично се однесувал. Текстот е напишан на грчки јазик, а денес се зачувани неколку грчки ракописи – повеќето датираат од подоцнежно време. Исто

[54] Б. Поповска ,,Државно-правна историја на Македонија –извори-, Скопје, 2005, стр. 35 .

така, постојат и подоцнежни словенски преводи. Главно, истражувачите го датираат законикот во доцниот VII век (за време на владеењето на императорот Јустинијан II) или во првата половина на VIII век[55].

Локалните обичаи значително се разликувале во целата Византинска Империја. Затоа, ако правниот документ се применувал, на пример, во Тракија, тогаш би можел да предизвика безредие ако им бил наметнат на тамошните селани. Повеќето истражувачи сметаат дека законикот важел локално, а бил изготвен за некој одреден регион. Ако ова е точно, тогаш најверојатно се работи за регионот на Балканот, затоа што подоцна се бележи дека на Јужните Словени законикот им бил познат, го преземале и го преведувале[56].

Во ЗЗ во неговите 85 члена, меѓу другото, се спомнуваат лозја и овоштарници со смокви, но не се наведени маслинови дрва. Со самото тоа што не се наведени маслинки ги исклучува пределите на Далмација и поголемиот дел од Грција, каде што маслинките биле главна земјоделска култура, како територија на која би се применувал законикот. Но, затоа во Македонија и во внатрешноста на Тракија имало смокви, но немало маслинки (што претставувало реткост, затоа што во повеќето области каде што имало смокви имало и маслинки), што повторно упатува на тоа дека законикот важел само за дел од овој поширок регион. Речиси целиот законик е посветен на односите во селото.

Во законикот се наведуваат само неколку податоци за односите меѓу селата, кога се расправа за меѓусебните меѓи и препирките во врска со нив. Во законикот има многу членови за кражби, несреќи и проблеми на селаните, а многу помалку се присутни работи што би биле од интерес за државата. Многу малку се расправа за даноците, освен прашањето кој треба да го преземе плаќањето на даноците за селанецот што го напуштил својот имот. На државата не и било важно колку данок плаќа секој селанец поединечно, затоа што целото село било задолжено со одредена сума вкупен данок. Во ЗЗ се пропишувало како да се распредели подеднакво даночниот товар што го оставиле избеганите селани во интерес на селаните. Обврските што произлегуваат од законикот се обврски за селаните (а не на државата), што претставува дополнителен доказ дека законикот се применувал во локални рамки. Евидентно е дека

[55] Џон В. А. Фајн Јуниор „Балканот во раниот среден век“ , Скопје, 2015 , стр.84.
[56] Ibidem.

не бил напишан од локалните селани за кои и, всушност, се однесувал. Бидејќи, се претпоставува дека тие биле неписмени, своите недоразбирања ги решавале со помош на обичајните (усни) правила на нивните селски собири или на судења од страна на селските старешини[57].

Земјоделскиот закон ги регулирал аграрните односи во селото, врз основа на обичајното и феудалното право. Се смета дека во голема мера овој закон го одразил словенското обичајно право и затоа многу често се вика и „Словенски закон“[58].

Бидејќи, овој законик е напишан врз основа на словенското обичајно право, со цел законикот да им даде своевидно упатсво на потчинетите судски чиновници, што ги решавале селските случаи и на тој начин да се запознаат со локалните обичаи што не им биле познати, ќе спомнеме неколку членови[59]:

Чл.10 – Наемничкиот дел изнесува девет (9) снопови, а делот на земјодавачот еден сноп. Оној кој постапи на друг начин, нека биде проколнат од Бога.

Овде се гледа дека во овој законик не се напишани сите обичајни права на Словените, туку како што спомнавме дел од нив, за да имаат предвид судиите, за што се зборува и какви се обичаите во овој регион. Тука јасно се гледа поврзаноста на пишаното право и непишаното (обичајното) право.

Чл.31 – Ако дрво се наоѓа на обработено земијште и ако соседната парцела е овоштарник и на него паѓа сенка од соседно дрво, тогаш нека се отсечат гранките од страна на неговиот сопственик; ако, пак, тука нема овоштарник не треба да се сечат гранките.

Во овој член како и кај другите, пишани се сите работи што се случувале во селото и што ги мачеле селаните, но, и ден денеска, некои останале, така како што биле од тоа време, како што е примерот со овоштарникот кога паѓа сенка од соседно дрво, тоа треба да се отсече, или пак ако овоштарникот е тука, не треба да се сади дрво во соседните парцели.

[57] Џон В. А. Фајн Јуниор „Балканот во раниот среден век“ , Скопје, 2015 , стр. 84 - 85.
[58] Б. Поповска „Државно-правна историја на Македонија –извори-, Скопје, 2005, стр. 37.
[59] Ibidem.

Чл.61 – Оние кои влегуваат во туѓи лозја или овоштарници од смокви, заради користење (на плодовите), нека не се казнуваат. Ако тоа го прават поради крадење, нека се истепаат и остават без облека.

Овде се гледа дека овој законик е напишан за овој регион (Македонија), каде што има овоштарници од смокви, и не за друг регион на Балканскиот Полуостров, каде освен овоштарници од смокви има и дрва од маслинки.

Чл.85 – Ако земјоделец нашол туѓ бик кој прави штета на туѓо лозје и не му соопшти на сопственикот (на бикот), туку со намера да го истера, го убие или повреди, ќе го надомести со здрав бик[60].

Бидејќи, бил пронајден само еден ваков законик, најверојатно не бил издаден врз основа на императорска наредба или во рамките на какви било државни или реформски обврски, туку се работи самостојно постапување на некој висок локален чиновник, (можеби стратег на тема,) што го применувал на територијата во негова надлежност. Неговата цел со законикот би била да им даде своевидно упатсво на потчинетите судски чиновници, што ги решавале селските случаи и на тој начин да се запознаат со локалните обичаи што не им биле познати. Впрочем, стратезите и другите високи чиновници (на пример, турмасите што исто така имале ингеренции во цивилното правосудство во темите), како воени лица, најверојатно не им биле познати селските обичаи. Понатаму, било вообичајно овие високи воени чиновници да бидат праќани на служба во други провинции, а не во провинцијата од каде потекнувале. Така, се случувало воени чиновници, дојдени од Анадолија (Мала Азија), што малку знаеле за балканските обичаи, пресудувале во балканските судови[61].

б) Закон за судење на луѓето - Законот за судење на луѓето (ЗСЛ[62]) е словенска редакција на Еклогата, која што најверојатно настанала околу средината на IX век. Постојат повеќе мислења за потеклото на овој Закон, и тоа:

1) бугарско, според која тој настанал во Бугарија во времето на владеењето на Борис или Симеон;

[60] К. Љубица, „Савремена администрација“, Београд, 1992,стр. 153.

[61] Џон В. А. Фајн Јуниор „Балканот во раниот среден век“ , Скопје, 2015 , стр. 86 .

[62] Оргиналот на ЗСЛ не е сочуван.Сочувани се само преписи на ЗСЛ кои што се делат на преписи на кратката редакција и на опширната редакција. Во литературата е утврдено дека поавтентични се преписите на кратката редакција и тоа, како најавтентичен се смета Новгородскиот ракопис од 1280 година.

2) моравско, според која тој е создаден од Методиј во Моравија, каде што престојувал како мисионер; и

3) македонско, според која го создал Методиј во Македонија, во времето кога бил управник на архонтијата Стримон[63] (во околината на денешна Струмица).

ЗСЛ содржи одредби од повеќе области на правото, при што, најбројни се оние кои се однесуваат на незнабоштвото, бракот и односите меѓу брачните другари. За овој закон, детално ќе се зборува во втората глава.

[63] Б. Поповска ,,Државно-правна историја на Македонија –извори-, Скопје, 2005, стр. 44.

## 7. Предмет на обичајното право

Веќе е споменато дека практично сите правни работи се регулирани со законски обичаи до подоцнежно време до XII век. Оттогаш, забележано е дека некои области на правниот живот се заобиколени според законските обичаи и постепено се свртуваат кон јурисдикција на законските норми на државата. Ова се области од јавното право и кривичното право. Спротивно на тоа, областа на приватното право се уште е регулирана со обичајното право до XIX век. Во некои словенски региони, правните обичаи, во помал или поголем степен, останале на сила, покрај државните закони, и против нив, до денес. Тоа е прашање на правен дуализам во полето на наследството, крвната одмазда и умирањето (кај југословенските Арбанаси), во областа при склучување на бракот, правото на првооткуп и откуп[64].

Обичајното право било најдолго задржано во областа на племенското општество и патријархалниот живот на семејните кооперативи и традиционалното земјоделство и сточарство. Во такви услови, кои понекогаш биле поволни за странските конзервативни власти, обичајното право било израз на општата волја на (селските) народи и неговите потреби. Обичајното право регулирало широка област во правниот живот[65].

### 7.1. Семејно право според обичајнотот право

Само мажот бил тој кој што се јавувал како полноправен субјект, при што, во прилог на ова ни говори Псевдо-Маврикие, којшто пишувајќи за обичаите на Словените во првата половина на VII век, вели дека „жените им се чесни преку мера, така што на многу од нив смртта на нивните мажи им ја носи и нивната смрт, зашто самите доброволно се давеле не сакајќи да живеат понатаму како вдовици“[66].

Семејството на словенски племиња, според нејзината внатрешна структура, може да се подели на два вида: кооператива или поединечно семејство. Но, овој втор вид може повторно да се разликува (дели) на два дела:

[64] Ibidem.
[65] Ibidem.
[66] Б. Поповска, ,,Државно-правна историја на Македонија VII-XX век“, Скопје, 2010, стр. 36.

а) на семејство кое паднало во туѓа земја заради причини кои не се поврзани со обичај, на пример: за целите на истрагата на другите членови, заради случајна поделба, итн., потоа ова семејство наскоро ќе се прошири и ќе стане кооперативна и повторно ќе управува со истите правила како и секоја друга кооператива.

Кооператива е тоа семејство, каде што се повеќе поединци со иста крв (но не е задолжително да се од иста крв) и семејството, во тесна смисла на зборот, живеат заедно во една единствена економија, која е нивна заедничка сопственост, заеднички се одгледува, и се управува од еден член што е главен, кого обично го избираат самите членови на кооперативата. Кооперативното семејство се препознава по бројот на оженети членови кои ја составуваат коперативата. Овој број е доста различен во различни места и региони, бидејќи околностите на ова или на тоа место се повеќе или помалку се задружуваат и одлучуваат да живеат во кооперативниот живот или во поединечни семејства. Бројот на членовите на кооперативата е од 20 до 50 членови, но ретко и до 100 членови[67].

б) на семејство кое обично се раѓа со венчање, каде обично нема повеќе членови, освен мажот и жената и нивните деца, од кои, кога машкото дете ќе се ожени, тоа обично се одвојува од семејството и формира ново семејство.

### а) Домаќин

За Словените, генерално, непочитување на поедини области, дека тој не е секогаш најстариот член на домаќинството, па дури и кога во куќата нема никој, туку само татко со синови, но овој смета дека неговите овластувања не се доволни за управување, тој намерно се откажува од домаќинството според народот велејќи: „Кој работи, треба и да суди“. Домаќинството тогаш не се предава секогаш на најстариот, туку на најблагородниот и претпазливиот син.

Но, ако тој има брат или друг роднина во куќата, и овој, ако е постар од неговите синови, честопати се избира за домаќин. Сопственикот управува со куќата, така што тие имаат и извршна моќ. Но, што и да направи, тој прво мора да се

[67] V. Bogišić,”Pravni obicaji u slovena”, Загреб, 1867, стр.21 – 22.

консултира со станарите, и од тоа домаќинот, кој го запоставува извршувањето без да ја каже причината, лесно може да го мразат сите. Господарите често се советуваат и со слугата, дали сакаат да земат нешто или не. Приходите од целата економија ги чува домаќинот и домаќинката, и тие ги покриваат сите трошоци за целата куќа и за јавните даноци[68].

### б) Домаќинка

Обично домаќинка е жената на домаќинот, но не дека мора да биде важна насекаде. Сепак, таа мора да биде омажена: девојка никогаш не може да биде домаќинка, како што е кај момчето што може да биде домаќин, а тешко може да биде домаќинка и вдовица.

### в) Задруга

Веќе рековме дека сите задруги (членови на семејството), како и локалното население, го имаат истото право како управувачот, да уживаат во плодот. Само во управувањето и водењето со економијата, нивните права и должности се различни од оние на домаќините.

### г) Децата

Сите деца што се родени во задругата се членови на кооперативата (семејството). Децата, исто така, ги имаат сите права како и другите членови на задругата, од кога се раѓаат и се крстат и додека растат, се што треба за нив мора да се обезбеди од задругата. Децата од 4 до 5 години веќе чуваат овци на пасиштата и се

[68] V. Bogišić,"Pravni obicaji u slovena", Загреб, 1867, стр. 31 .

должни да прават, не само она што ќе им се рече од неговите родители, туку и она што ќе им заповедаат домаќинот и домаќинката. Тие не смеат да се лутат кога и кој било друг постар член од задругата им наредува нешто[69].

Во кооперативата се грижат и за децата кои ќе останат без татко. Доколку, дете остане без татко, се уште не може да се каже дека е сирак, затоа што домаќинот, кој е се уште жив, е таткото на целото семејство, чија должност е да се грижи за доброто на моралното и материјално право на сите членови на задругата, а бидејќи децата се членови на задругата, следува дека тие исто така мораат да ги штитат и бранат како свои деца, без да погледнат дали родителите на тие деца се уште се живи или не. Што се однесува до имотот, тој не може да наследи ништо од неговиот татко, бидејќи секој пат кога некој член од задругата ќе умре, е исто како да го изгубил своето право, исто како и оној што излегол од оваа кооператива. Од друга страна, идеалниот дел на сирак, како и секој друг член на задругата, е гарантирано уште од моментот кога е роден, или откако е примен во кооперативата, се додека не се повлече или умре, тој е во неподелена заедница со останатите[70].

### г.1) Обичаи за деформација на черепот

Овој обичај најчесто се прави за убавина, исто како што и сите други деформитети на човечкото тело се прават главно заради тенденцијата да се разубават или усовршуваат[71]. Промените на черепот биле познати на некои нации во античко време. Така, во античко време, овој обичај се споменува во кавкаските народи од страна на хеленскиот лекар Хипократ (V век п.н.е.). Кај Тракијците, кои живееле во Бугарија, а делумно во Македонија и Јужна Србија, во првиот век од н.е. било обичај децата да се врзат на даска за да добијат широк врат[72].

[69] Ibidem.
[70] V. Bogišić,"Pravni obicaji u slovena", Загреб, 1867, стр. 43.
[71] J. Deniker,"Les races et les peuples de la Terre", Paris, 1926, стр. 210 .
[72] J. Werner,"Beiträge zur Archäologie des Attila – Reiches", München, 1956, стр. 92-93.

Кај Хуните порано било распространет обичајот на деформитет на черепот кај новороденчиња и бебињата. Ова механичко обликување на главата на детето во голема мерка влијаел на обликот на антрополошкиот тип на главата[73].

Континуитетот на овој антички обичај кај Јужните Словени е забележан кај разни јужнословенски народи, а особено кај Србите, Црногорците, муслиманите, Македонците и Бугарите. Кај Србите, овој обичај е зачуван во ретка свежина до денес, особено во Косово. Постои цел систем на обликување или деформирање на детскиот череп, и тоа:

а) Долга глава, каде што со тежина на тврда површина главата на бебето ќе издолже, добивајќи brachycephalic (тркалезна) антрополошки тип[74].

б) Тркалезната глава, каде што со тежина на тврда површина во првите месеци кај новороденчето, со што станува брахисефална глава. На подрачјето на Крива Река, вообичаено е селаните да го деформираат черепот на овој начин[75].

Кога ќе се роди бебе со зашилена глава, се зема цепена печена тула, исто така и едно јајце, и мешавината се меша со јајце. Ова се става на крпа и се навртува на главата на бебето, така што главата што тлее обично се остава еден до седум дена, потоа калапот се отстранува и бебето се капе. Оваа мешавина последователно се суши и се меси, зацврстува. Во таков зацементиран калуп се прави „промена на глава“ во овој регион[76], особено и ден денеска се практикува ова на некои региони кај словените.

### д) Свадбени обичаи

Свадбата како најважен и содржински најбогат ритуал од животниот циклус и како значаен дел од културата на еден народ, претставува всушност огледало на длабоките културни процеси во општеството. Обичаите и обредите поврзани со

[73] G. Pilarić,“Antropološka istraživanja artificijalno deformiranih lubanja iz ranosrednjovekovne nekropole u Rakovčanima kod Prijedora“, Glasnik Zemaljskog muzeja XXV. Arheologija, 1970, стр. 188 - 189.
[74] Ibidem.
[75] T. Vukanović,“Etnogeneza južnih slovena “ Vranje, 1974, стр. 176-177.
[76] T. P. Vukanović, “Deformisanje lobanje kod stanovništva u Kosovsko Metohijskoj Oblasti“, Приштина, 1961, стр. 151.

стапувањето во брак играат важна улога во конструирањето на идентитетите и развивањето на чувството на заеднички врски и припадност во пошироки социјални рамки. Свадбата е најзначаен и содржински најбогат ритуал од животниот циклус со големо значење во традициската култура. Преку свадбената обредена структура се следат специфичните елементи што го градат етничкиот идентитет на еден народ. Свадбените обичаи спаѓаат во групата на општествени обичаи во личниот и семејниот живот и како такви се карактеризираат со извесни специфичности и разновидности меѓу различни етнички групи. Првото влегување на невестата во куќата на момчето е проследено со повеќе обреди (влегување со десна нога, давање машко дете во рацете на невестата и сл.), како и на посвадбените обичаи[77].

Свадбениот обреден процес е претставен со претсвадбени обреди (бричење на зетот, канење на мртвите и др.), свадбени (одење по невеста, пречекување на сватовите, деверисување на невестата, кршење на лебот, простување на невестата од својот род и дарување, венчавање, пристигнување на невестата во новата куќа) и посвадбени обреди (сведување на младите и др.), кои се сообразени со празниците и годишниот календар. Учесниците на свадбата и нивните строго одредени функции и должности имаат исклучително значење за обредниот процес – на кумот како најважно обредено лице чие учество во црковниот ритуал е задолжително, на стариот сват (или старојкото) итн. Кумството и денес има три клучни обредни моменти: крштевање, давање име пред Бога и сведоците, воведување на новороденчето во духовниот живот; првото стрижење на косата како благослов и заштита предадена од кумот и секако венчавањето, свршувачката[78].

Претсвадбениот обреден комплекс е поврзан со: изборот на девојката, стројникувањето, свршувачката (армасувањето, веридбата), месењето на обредните лебови, китењето на бајракот, китењето на картата за канење на кумот, на гостите, на мртвите, плетењето на венецот, подготвувањето на младоженската постела, носењето на невестинското руво, бричењето на зетот, збогувањето на невестата со семејството[79].

Свадбената обредност ги опфаќа: собирањето и китењето на сватовите, пристигнувањето на сватовите, одењето по невестата со бајракот, пречекувањето на сватовите, гледањето на младоженецот преку прстен или сито, откупувањето на

[77] Ibidem.
[78] Ibidem.
[79] Л. Макаријоска„„Лексиката на македонската традиционална култура“, Скопје, 2014, стр. 13 – 16.

невестата од страна на младоженецот, свекорот, кумот и деверите, обувањето на чевлите на невестата од страна на деверот, дарувањето на деверите и роднините на невестата, изведувањето на невестата, пеењето проштални песни пред заминувањето од татковиот дом, венчавањето, дарувањето на роднините на момчето пред новиот дом, пречекувањето на невестата од страна на свекрвата на прагот со разни обредни активности за воведување во новиот дом и во брачниот живот, влегувањето на невестата во домот и свечениот ручек, првата брачна ноќ[80].

По венчавањето следи свадбената гозба и веселба. Вечерта пред првата брачна ноќ (штом ќе се стемнело) ги затворале зетот и невестата во нивната соба, но претходно се изведувале определени обичаи, на пр. расфрлале бонбони на постелата; свекрвата со непарен број жени ги клекнувале на колена, им ставале шеќер што требало да го излижат за да си бидат благи еден на друг и сл. При сведувањето на младите, деверите, особено постариот девер, кој веќе поминал низ тој пат го подучувале младоженецот, го воведувале зетот во кругот на оженетите мажи[81].

Посвадбената обредност ги опфаќа: испраќањето на деверите во куќата на невестата за пренесување на веста за чесноста, невиноста, дарувањето на деверите, благата ракија, враќањето на деверите, водењето на невестата на вода и дарувањето на водарите, во саботата одењето на првиче во куќата на невестата, за да ја дочекаат саботнината во нивната куќа, замесувањето на првиот леб од страна на невестата. Родителите на младоженецот како учесници во свадбениот ритуал се именуваат со терминот свекор – свекрва, а родителите на невестата со тест – тешта / дедо – баба, роднините на младоженецот се именуваат со сват, сватови[82].

## ѓ) Начинот на стапување во брак

Скоро секој народ има или имало повеќе од една форма на стапување во брак. Кај античките Римјани биле познати три форми на строг брак: *confarreatio, usus* и *coemptio.*

[80] Ibidem.
[81] Л. Макаријоска,„Лексиката на македонската традиционална култура“, Скопје, 2014, стр. 17 – 18.
[82] Ibid.18.

Кај словенскиот народ за стапување во брак, има само една форма, и тоа е со свадба (венчавка), но сепак оваа форма може да се подели на два вида:

а) свадба, на која претходно се спремале, се свршувале, го покажувале симболично богатството, и слични ритуали, кои многу малку се разликувале од еден до друг регион и

б) обична форма (грабнување), кое поретко се практикувало, но дури и до ден денес е зачуван овој вид на стапување во брак, но само во некои племиња. Некогаш овој вид на стапување во брак бил познат во сите словенски племиња. Оваа обична форма е грабнување. Познати се некои разлики на грабнувањето и тоа: *raptu violentiae,* и *raptus seductionis seu subornationis*[83]:

**Првото:** е класичното грабнување кое се прави без прашување на никого, и

**Второто:** е кога грабнувачот се договара со девојката која се грабнува, во ова втора форма има и еден друг вид, каде што освен девојката што се договара и се согласува да биде грабната, се согласуваат и родителите на девојката, така што овој вид со цела уста не може да се каже дека е киднапирање, но се случувало кога девојката била свршена за друг и не сакала да се омажи за него, но родителите за доброто на нивното девојче се согласувале да се киднапира од друг. Оваа форма, иако и ден денеска е присутна, сепак била и е строго забранета, и законски санкционирана[84].

### е) Обичаите поврзани со раѓањето

Обичаите што се изведуваат во некои детали меѓусебно се разликуваат од регион до регион, па дури и од село до село, сепак во основа се изделуваат многу заеднички елементи. Желбата за обезбедување здрав пород се преточува најпрво во повеќе свадбени обичаи, како на пр.: фрлањето житни зрна како симбол на плодноста, држењето машко дете (на коленче, дете во скут) во скутот на невестата (во брачната соба, одаја), и машко дете (на коњче, преткоњче), што јава на коњот врз ковчезите со чеизот, тркалањето машко дете на постелата на младенците итн.

[83] V. Bogišić,„Pravni obicaji u slovena“, Загреб, 1867, стр. 67 - 68.
[84] Ibidem.

Бременоста е значаен период од животниот циклус на секоја жена. Во минатото бракот без деца се сметал за божја казна или последица на магија, клетва и сл., а неплодната жена се нарекува: бездетка, безродница, неплодна, итн., додека жената во периодот на бременост, трудност е: бремена, трудна, несама и корабница. Според народното верување, бремената жена била изложена на негативни, опасни дејства (зли сили) и на натприродните сили и за таа цел се активирале голем број прописи, забрани (бремената жена не смее да излегува сама ноќе, во глуво доба, за да не нагази на сеништа, не смее да минува низ гробишта, не смее да гледа крв, покојник итн; на бремена жена и се дава се што ќе посака за јадење зашто се верува дека од стрвост може да пометне), со кои се настојувало бремената жена делумно или целосно да се одвои и да се заштити од изворите на нечистото и опасното[85].

При чинот на раѓање, раѓачка, учествувала некоја постара и искусна жена, позната како баба, (селска бабица) која помагала при породувањето, особено кај жената којашто првпат раѓа (првородилка, прворотка). Бабицата ја сечела папочната врвца, папоче, а овој чин бил проследен со низа обредно-магиски дејства: папокот на новороденчето се врзува со црвен конец, постелката (плацентата) именувана со постелка, требало да се закопа на некој благословен и чист дел во земјата или под некое младо и родно дрво со верување дека детето ќе напредува и ќе расте како и дрвото[86].

Според народната традиција, новороденчето требало да го задои друга жена доилка (женадоилка, помајка, мајка по млеко). Таа седнувала на прагот на надворешната врата и го задојувала детето. Од овој момент, доилката станувала мајка по млеко за новороденчето, а новороденчето и децата на доилката станувале браќа и сестри по млеко, односно браќа по млеко, побратими (и сестри по млеко, посестрими) побратими, полубрат и полусестра, а таквото сродство се нарекува сродство по млеко, побратимство по млеко[87].

Првото капење е чин на прочистување во водата. Магиските активности што се практикувале при обредното капење ја зголемувале улогата на овој обреден чин. За таа цел, на пр.: во коритото во кое се капело новороденчето се ставале разни обредни предмети: јајце, сол, зелено дрвце, колче, прстен, чешел, клуч, житни плодови и др. За

[85] Л. Макаријоска, „Лексиката на македонската традиционална култура", Скопје, 2014, стр. 8-10.
[86] Ibidem.
[87] Л. Макаријоска, „Лексиката на македонската традиционална култура", Скопје, 2014, стр. 9.

првото капење (бањање) се фрлала и сребрена пара, за детето да биде здраво и чисто. Крштевката, може да биде на седум дена, на девет дена, на шест недели (седмици), на два месеца (денес обично и на една година) и тоа се врши во четврток, петок или недела, и претставува црковен обред со кој новороденчето се воведува во кругот на верската заедница.

Кумот, нункото и кумата, кумица, нунка како духовни родители, претставуваат нераскинлив дел од најзначајните моменти од животот на новороденчето. Во црквата кумот го зема бебето на платно, а по крштевањето од страна на попот, кумата го облекува во облеката што таа му ја дарува. Првата кошула што секое новороденче ја добивало од кумот имала заштитна моќ од болести. По крштевањето, детето добивало свое сопствено име од кумот преку обредот „куме кажи име“. Кумот трипати го тркалал детето на масата на која се наоѓале остатоците од храната и тогаш за првпат го заранувал новороденчето. Присутните на овој чин давале пари – за детето да биде „бериќетлија“. Парите ги собирале во капчето на новороденчето[88].

### ж) Посмртни обичаи

Бдеењето (чувањето) на покојникот: е неизоставен дел од погребните обичаи, кое од најдалечното минато до денес се практикува на македонската почва. Согласно македонската народна традиција, доколку некој почине вечерта до дванаесет часот, го погребуваат утредента, а доколку почине по полноќ или во утринските часови, го погребуваат истиот ден. Во куќата покојникот се изложува на одар и тој преку ден не се покрива, додека за време на ноќните часови лицето му се покрива со чаршав. Во текот на ноќта, тој мора да биде чуван, т.е. покрај него да седи барем едно будно лице од присутните, да бдее над него, во согласност со народните верувања, дека, доколку сите спијат во куќата и никој не го чува, тој може да се повампири и да побегне[89].

[88] Л. Макаријоска, „Лексиката на македонската традиционална култура“, Скопје, 2014, стр. 10-11.
[89] Л. Ковачева,„Погребни обичаи и верување во македонската народна традиција“ Скопје, 2015, стр. 11.

Словенските племиња во западните делови на Балканскиот Полуостров, многу рано по нивното населување, ги напуштаат нивните архаични обичаи на палење на починатиот и го прифаќаат домородниот (староседелскиот) обичај, на погребување на мртвите[90].

Ова е особено видливо кај Хрватите и Србите, особено во времето на примање на христијанството. Во словенските некрополи од VII до VIII век, се јавува специфична конструкција на погребни плочи. Тие се направени од паралелни камења или плочи од камен, поставени и вкопани околу починатиот. Гробните ѕидови се покриени со камени плочи. Овој вид ја карактеризира словенската епоха од IX до XII век[91].

Гроб: се забележува и обичајот на земање мера за секој нов гроб со помош на прачка или трска, со кои се мерела должината на покојникот и според истата се копал гробот. Меѓу народот постои верување дека доколку прачката со која е земена мера на покојникот не се фрли и не се закопа во гробот, може да се случи некој некому да му ја измери сенката, така што „мерениот“ човек наскоро може да се разболи и да умре[92].

Капење на покојникот: или т.н. обредно капење, во македонската народна традиција е со цел „покојникот да оди чист кај Бога“. Доколку покојникот е машко, чинот на капење го извршуваат мажи, а доколку е женско, жени[93].

Китење на покојникот: слободно може да се забележи дека обичајот на китење на покојникот на територијата на Македонија бележи континуитет од најдалечното минато, се до денешното современо општество. Во македонската народна традиција, постои верување дека, доколку покојниците се погребат со бурма на рацете, тогаш сопружниците ќе бидат заедно и на „оној“ свет. Доколку, некој почине неженет / немажена, тогаш му се купува бурма и му се става на рацете, согласно народните верувања дека ќе си најде сопружник / сопружничка на „оној“ свет, како и во антиката: покојниците да бидат лични и уредни и на „оној“ свет[94].

Со ширењето на христијанството на Балканскиот Полуостров, кое завршило заклучно со IX век, наместо старите пагански, се вовеле нови, христијански основи на

[90] B. Marušić, „Istra u ranom srednjem vijeku“, Pula, 1960, стр. 17-20 .

[91] M. Ljubinković„Ka problemu kontinuiteta Iliri – Sloveni“ - Simpozijum predslovenski etnički elementi na Balkanu u etnogenezi Južnih Slovena, knj. XII, Sarajevo, 1969, стр. 210.

[92] Л. Ковачева, „Погребни обичаи и верување во македонската народна традиција“,Скопје, 2015, стр. 16.

[93] Ibid. 32.

[94] Ibid. 33.

народната култура и религиозност. Народот почнал да ги почитува Божјите заповеди: „Не убивај", „Почитувај го ближниот свој како самиот себеси", со што се воведуваат нови правила во религиозноста, сосема спротивни од обичаите на убивање на старите и изнемоштени лица. Но сепак, и покрај појавата на христијанството и новата религија, уште долго време се задржал овој обичај во поизолираните планински предели[95].

[95] Ibid. 75-76.

## 7.2. Сопственост

Од сите права што човекот може да ги има врз нештата, секако најголемо е правото на сопственост **(dominium).**

### а) Имотните односи меѓу сопрузите и меѓу родителите и децата

Сопружниците во меѓусебните односи, како и во односите во семејството, немале иста положба, права и должности. Според обичајното право, мажот е сметан за глава на семејството со доминантна улога во однос на жената и другите членови на семејството. Шапкарев го пишува следното: „Мажот има апсолутна власт над својата жена... Тој има целосно право да бара од неа целосна потчинетост; во спротивен случај, има право да ја руга, да ја тепа, но не и до осакатување, зашто тоа би било целосно тиранство. При сето тоа, има и такви мажи чии жени од неволја или срам претрпувале тепање и до осакатување, без да се оплакувале некому[96].

Правата и должностите на таткото, односно на домаќинот, биле свртени кон семејството, и тој располагал и со финансиските средства и одговарал за долговите спрема трети лица. Односите меѓу родителите и децата, значи, биле нерамноправни, при што, децата се наоѓале под татковската власт се до нивното стапување во брак, па и потоа доколку останат да живеат во заедница со него. Исто така, постоела и нерамноправност во односите меѓу самите деца во зависност од полот, односно машките деца имале попривилегирана положба од женските во семејството. Обврска на децата била да се потчинуваат на волјата на родителите и да се грижат за нив, кога ќе остарат, се до нивната смрт. Што се однесува на имотните односи во семејството, веќе рековме дека со финансиските средства располагал мажот, односно таткото, со тоа што во однос на имотот што жената го донела во семејството, и кој останувал во нејзина сопственост, единствено тој имал право да управува со него[97].

[96] М. В. Вардарски, „Брачното и семејното обичајно право на македонскиот народ“ прилози за обичајното право на македонскиот народ, Скопје, 2000, стр.176.
[97] Б. Поповска, „Државно-правна историја на Македонија VII-XX век“, Скопје, 2010, стр.164.

### б) Присвојување на подвижни ствари

Како и кај другите народи, исто е и кај Словените, важи правилото: res nullius (derelicta, adespota) cedit primo occupanti. Кој и да пронајде ствар која нема господар, и ја заземе (occupatio), е негова. На пример, кога некој ќе најде нешто, а потоа повторно го остава таму каде што го пронајде, а со тоа и она што му е присвоено веќе не е навистина res nullius. Кој и да најде пчели во шумата, со секира исечува крст на кората на дрвото во кое се наоѓат  пчелите, така што, секој што ќе ги најде така обележани после него, не смее да ги отсече, односно да ги присвои, затоа што веќе имаат господар. Ако се најде некое животно, обично му се дава на оној што го пронашол, а животното го храни и му служи. Секогаш кога ќе се најде господарот на изгубениот вол, кој и да го најде, мора да го врати, но ќе му биде платено за она што го хранел, а оној што го користел волот, не треба да плати[98].

## в) Користење на недвижни ствари

Често се случува некој да има потполно право на нешто, сопственост, сепак може да има други кои, ако незаедничко со сопственикот, сепак да имаат одредено право на иста ствар, како на пример, се служел некое време со стварот или го користел во некои случаи, итн. Тоа е т.н. *jus servitutis* во римското право.  Сервитус е поделен со праведните правници пред службата serv. personarum i serv. rerum**.** По првото припаѓа, како што е познато: ususfructus, usus, habitatio, operae servorum итн. - и другите  видови се делат во главно на serv. praediorum ructicorum i u serv. praed. urbanorum. Ние ниту сакаме, ниту можеме да ја направиме оваа поделба, всушност, ние без разлика на наведеното право кое им припаѓа на недефинирани лица, што се однесува до општините, патниците и сл., инаку би спаѓале под јавното право. Дури и при добивање на право на услуга, гледаме дека словенскиот селанец треба да ја има и старата изрека претходно *prior tempere potior jure*, како и правилото наведено, дека нешто без господар му припаѓа на оној кој прв го присвои. Ова е резултат на она што се вели: чии

[98] V. Bogišić„Pravni obicaji u slovena“, Загреб, 1867, стр. 169.

овчари, во пролет со своите овци се качуват први до врвот, тие ја пасат планината цело лето. Планината, се разбира, е општинска[99].

## г) Куќа

Архитектурата на станбени згради на Балканскиот Полуостров во голема мера обезбедува податоци за директен континуитет на населението на стариот Балкан и на словенските групи, племиња и народи. Имено, едноличните илирски куќи продолжиле да се прават во римскиот период, а потоа биле прифатени од балканските Словени, изградени од трупци или камен. Овие куќи се зачувани кај Словените, до денес[100].

## д) Орудие и алатки

Значителен број на разни орудија и алатки кај Јужните Словени се задржани до денес, прилично во иста форма од времето на праисторијата и антиката. Ова доаѓа делумно од сродни и еднолични форми на економијата. Покрај тоа, заради преземање и трансфер на средства за производство. За да се илустрира тоа, доволно е да се спомене: конусна коњска опашка, ткаени табли, вретена, пршлени, косилки, подвижни илирски секири (крамп), копачи, стапови, секири, српови, ножеви, чешли, секири, мрежи за риболов, коњски метеж, ѕвончиња за добиток, ножици за стрижење на овци и слично[101].

## е) Облека, обувки и накит

Проблемот со континуитетот на индивидуалните примероци, облека, обувки и накит на античките балкански етнички групи, племиња и народи во материјалната култура на Јужните Словени, тоа секако обезбедува одредени елементи на културно

[99] V. Bogišić„Pravni obicaji u slovena", Загреб, 1867, стр. 172.
[100] E. Pašalić, „Simpozijum", 1969, стр. 247.
[101] T. Vukanović,"Etnogeneza južnih slovena " Vranje, 1974, стр. 181.

позајмување, исто како што Јужните Словени им обезбедувале на другите од своето културно наследство. За да се илустрира ова, доволно е да се спомене јакна со здолниште[102]. Имено, зборот здолниште, кај Јужните Словени во средниот век означувал, машки и женски костуми[103]. Во основа, зборот здолниште означувал машка облека, со или без ракави. Од Словените, зборот сукња го примиле Германците - Suckenie, Англичаните - Suckeney и Грците – οουκκντ[104].

Во народната носија на балканските Словени има многу елементи од обичајот за облекување на балканските старешини. Очигледен пример за овој феномен е машката народна носија на селаните на југот на Србија. Се карактеризира со бела боја, украсена со црни волнени плетенки–гајтани. Најважните наметки се: бели волнени јакни, бели клашни–волнени, долами/капути/јакни – украсени со црни плетенки, волнена кошула, волнен појас, големо бело крзнено палто од јагнија и свежи опинци на нозете.

Со овој костум – носија, ќе наидеме на некои варијации и кај Македонците во Западна Македонија, кај Србите во Источна Србија и во регионот Дакоромана од иста религија. Генезата на овој народен костум–носија несомнено се наоѓа кај Дарданците – Илирите, Тракијците, Дакороманците и Македоноо-Римјаните. Како што е познато, во Тракија имало широко распространети капи–шубари. Ние денес се уште се среќаваме со овој вид капи–шубари, на Балканскиот Полуостров, во Источните Карпати, во Кавказ и во Персија[105].

**Гуњата** – е позната во сите словенски јазици и е присутна и во сите балкански нации. М. Фазмер го изведува овој збор од лат. gunna; Можеби сметал дека келтското потекло и средногрчкиот збор γούνα, бунда од елов. зборот гуна, што првично значело кравја кожа. Ст. Романски верува дека зборот стигнал до словенските јазици од латинскиот, и во бугарскиот јазик преку грчкиот јазик. Терминот е познат и кај Арбанасите, кај кои оваа облека била зачувана во народната носија од раната антика до денес. Секако, лексемата *гуња* дошла кај Арбанасите континуирано од Илирите, кои исто така ја знаеле оваа облека[106]. Модифицирано, лексемата *гуња* е позната на сите народи во Европа и во Азија. (народна изрека: Помина луњата (дождот) фрлија

[102] L. Niederle,“ Život starých Slovenu I“, Praha, 1911, стр. 437.
[103] J. Ковачевјћ,“Средњовековна нoшња балканских Словена“, Београд, 1953, стр. 226.
[104] L. Niederle,“ Život starých Slovenu I“, Praha, 1911, стр. 448.
[105] T. Vukanović,„Etnogeneza južnih slovena“ Vranje, 1974, стр. 189.
[106] Rr. Zojzi,„La „guna“ dans la tradition vestimentaire des peuples balkaniques“, Tirana, 1966, стр. 322 – 335.

гуњата). Инаку, Келтите, Илирите, Тракијците и Словените, биле народи кои се занимавале со сточарство уште од античко време.

**Кабаница или цока** – Во постарата рурална народна носија од балкански стадаци: Власи, Арбанаси, Црногорци, Срби, Македонци и Бугари, карактеристична наметка е мантил или јакна, без ракави, сива, црвена, жолтеникава, ретко црна или бела боја, понекогаш украсена со црна или сина волнена трака–гајтани. Некогаш тоа било од мешана волна и волна од коза, а понекогаш и од чиста козја волна. Во науката се претпоставувало дека станува збор за наметка на античка српска народна носија. Сепак, тоа е наметка што е позната на другите јужнословенски и други балкански народи и не е од словенско потекло. Оваа наметка им била позната на етничките групи, племиња и народи од V до II век п.н.е. и тоа во Вач, Куфарк и Морицинг. На крајот, наметка или цока била прикажана и во народната носија во Либерн. Кројот и начинот на носење јакна очигледно зборува за културното позајмување, односно континуитетот на културното наследство на балканските староседелци[107].

**Плитка машка капа** – широко распространета во јужнословенското население во Далмација, Црна Гора и Македонија, делимично како и кај Арбанасите, претежно во областите на: Дебарска жупа, Река, Дримскиот регион и Горни Полог е многу карактеристична и обезбедува доказ за културното наследство од илирските племиња и етнички групи. Секако, потеклото на оваа капа, е и многу постара, старите предисториски жители на Србија и Босна знаеле за овој вид капа, за што сведочат и приказите на оваа капа[108]. Според тоа, патеките на континуитет оделе од праисторијата, преку антиката до времето на словенското населување на Балканскиот Полуостров, а како опстанок до денес.

**Плитка женска капа** – интересно е да се напомене дека илирските девојки носеле тркалезни капи, или високи капи, претежно изработени од крут материјал (клашна – чоја).532 Во Црна Гора и Херцеговина било вообичаено во старомодни времиња девојките да носат плитки тркалезни капи, со заоблена површина, кои биле од

[107] P. Skok„„Etimologijski rječnik II“, Zagreb, 1972, стр. 8.
[108] М. Валтровић„„Земљани праисторијски кип из Кличевца“, Београд, 1890, стр. 110 – 114.

античко време и биле направени од клашна (чоја). Во Шумадија (села во близина на Баточина), во XVII век, било обичај жените да носат високи капи од цврст материјал[109].

**Опинци** – Опинци од свежа кожа, коишто ги наоѓаме до ден денес во употреба кај јужно-балканските овчари и земјоделски групи, особено во западните делови на Балканскиот Полуостров, меѓу Хрватите, Србите, Црногорците, Муслиманите и Арбанасите, како и Македонците, Бугарите, Грците и Романците, до денес, тие ја задржаа истата форма, како што ги гледаме во приказите на илирските споменици во римско време.540 Според тоа, како културно илирско наследство и преку етногенезата, оваа обувка стигнала до современите балкански народи[110].

**Накит** – ушници, обетки, прстени, украсни игли, разни привrзоци, како и значителен број ѓердани, во западните јужнословенски региони, со нивните матични региони на јадранскиот брег, тие го претставуваат уметничкиот континуитет на автохтоното домородно романско население во националната земја, особено во периодот од V до VII век. Ова произлегува од фактот дека автохтоното домородно етничко население го поздрави доаѓањето на Словените, се мешаше со нив и им го пренесе наследството од изобилното доцноантичко културно наследство, што опстојуваше во културата на Јужните Словени од осмиот (VIII) до петнаесеттиот (XV) век, а до одреден степен дури и до ден денес[111].

[109] T. P. Vukanović, „Nošnje balkanskih Slovena u srednjem veku“- Glasnik Muzeja Kosova I Metohije, knj. I, Приштина, 1956, стр. 200.
[110] T. Vukanović„„Etnogeneza južnih slovena“ Vranje, 1974, стр. 201.
[111] Z. Vinski„„Kasnoantička baština u grobovima ranoga srednjega vijeka kao činjenica i kao problem“, — VI. kongres arheol, Jugoslavije, 1964, стр. 102.

## 7.3. Облигационо право

Обичајното право познава низа договори, коишто во однос на формата одразуваат едни економски неразвиени односи на натурално или полунатурално стопанство. Така, по правило, договорите биле склучени во усна форма, во присуство на сведоци и при почитување на определен ритуал, кој што го симболизирал склучувањето на договорот. Што се однесува на сведоците, нивната задача била да им помогнат на страните во склучувањето на договорот и нивното значење особено било големо во случај на спор, затоа што, пред судот се јавувале со своите искази за она на што присуствувале, односно за докажувањето на тоа дали односниот договор бил склучен и со каква содржина. Што се однесува, пак, на симболичните дејствија, тие се состоеле во: ракување на договорните страни и сведоците, при што, рацете се протресувале; нивно раздвојување со „пресечување“ од страна на некој од сведоците; и на крајот во „пиење на крчмата[112]“.

Доколку, предмет на договорот бил некој вид стока (коњ, крава и сл.), покрај горните дејствија на купувачот му се предавала стоката заедно со оглавот. Кај договорите за работа, ракувањето било заменето со бакнување на раката на чорбаџијата, односно на мајсторот од страна на момокот, чиракот или калфата. Усмениот дел од ритуалот завршувал со зборовите на купувачот: „види им аир на парите“ и одговорот на продавачот „со среќа да се служиш“. На дадениот збор, обичајното право му давало големо значење, затоа што сметало дека: „Волот се врзува за роговите, а човекот за зборот“, односно, дека: „Кој не се држи до зборот не е човек[113].“

Што се однесува на договорната правна способност и деловна способност, според обичајното право постоела разлика дали се работи за член / членови на семејна задруга, или пак за членови на индивидуално семејство. Така, и во задругата и во индивидуалното семејство, сите членови на семејството имале имотно-правна способност, односно правна способност да бидат носители на имотни, односно сопственички права и овластувања. Сепак, во семејната задруга, се работело за имотно-правна способност врз задружниот имот, кој што бил во колективна

[112] Ibidem.

[113] Г. Галев, Ј. Д. Анастасовска,''Облигационото обичајно право во Македонија'', прилози за обичајното право во Македонија, Скопје, 2005, стр. 361 - 396.

сопственост на сите задругари. Задругарот можел да има индивидуална приватна сопственост единствено врз стварите за лична употреба. Кај индивидуалното семејство, секој од неговите членови, можел да се јави како носител на индивидуална приватна сопственост врз имотот[114].

### 7.3.1. Продажба и купување

Погоре спомнавме за семејството, видовме дека организацијата на вистинското словенско семејство се заснова на целосна еднаквост на сите членови. Според ова, ако некој го види тоа, барем од таа причина, ниту еден позитивен извор, дека ниту еден член на семејството не можел да продаде нешто, особено недвижен имот, без дозвола од семејството. Ова е право на членовите на семејството, барем што се однесува до недвижниот имот, не е целосно неутрално, бидејќи семејствата се разделуваат, а поранешните членови на кооперативата станувaат соседи, затоа што веројатно од ова роднините и соседите имаат заеднички ствари, едни со други, кои еден од нив сака да ги продаде, право кое денес е вообичаено кај некои племиња.

### 7.3.2. Заем на услуга

Дејствијата за кои Римјаните биле управувани со правилата на договорот *locatio Conditionio* oprararum et operis, се извршувале и кај Словените. Таму каде што народните обичаи биле подобро зачувани, тие се засновале на реципроцитет, што, се разбира, е тесно поврзано со словенскиот здружен – кооперативен карактер. Случаите на кои ќе се применуваат правилата на споменатиот договор, повеќе или помалку припаѓаат на исклучоците, и на тој начин се подразбира дека овој вид на договор не може да се развие. Тоа е она што нашите извори се прилично залудни[115].

114 Б. Поповска, "Државно-правна историја на Македонија VII-XX век", Скопје, 2010, стр. 167.
115 V. Bogišić„Pravni obicaji u slovena", Загреб, 1867, стр. 185.

### 7.3.3. Позајмување

Позајмување е обичај што Словените го нарекуваат *commodatum* и тој е најмногу користен меѓу соседите: кога на некој му требат некои работи, тој оди кај соседот кој ја има и ја зема на позајмување, ретко се случувало да не го добие тоа што го бара. Нарачката е позната во истата смисла и во другите региони.

### 7.3.4.Дарување (donation)

За дарувањето *(donation)* во најголем дел, главно подлежат истите правила како и на друго место, но нема повеќе позитивни извори за овој вид договори. Пример кај словените, за децата: кога детето му дава нешто на друго дете, и тој повторно му го одзема и од страна на оние други деца кои му се жалат и го исмеваат: „Давал земал со кокошките спиел, кокошките го опустошија“. Има изреки кај децата за ова правило: Она што било дадено *(donation)* било продадено[116].

[116] V. Bogišić„Pravni obicaji u slovena“, Загреб, 1867, стр. 196.

## 7.4. Наследување

Правните обичаи со кои се уредува наследството на семејните добра, привлекуваат внимание на истражувачите, не толку колку што преживуваат, туку како постојна правна практика во наше време. Според обичајните правила, наследството (и поделбата) на наследството на семејмена задруга, вклучува недвижен имот, сточарство и пари – се дели на машките деца на оставителот[117]., т.е. од бројот на оригиналните основачи на заедницата, а не од членовите. Ова е принципот на нееднаквост во поделбата. Таквиот принцип на поделба е условен од сродната структура на кооперативата.

Принципот на наследство по глава е принципот на еднаквост. Се применува во поделбата на храна и текстилни суровини (волна, коноп, лен итн). Во наследството и поделбата, се применува принципот: најстариот брат дели, а најмладиот брат најпрво избира. Старата куќа и огништето остануваат на најмладиот брат со родителите (ако се живи). Жените и сестрите се исклучени од наследството. Во надомест за изгубено наследство, сестрите имаат право на трошоците за брак. До неодамна, правото на отуѓување на наследството било ограничено со правото на претплаќање и купување на блиските роднини. Тоа право на роднина повеќе не постои, ако постои, почесто се појавува како морална обврска[118].

Во римското право, како и во законот на сите народи на Западна Европа, правилата за наследство претставуваат посебен и голем дел во системите на приватното право. Но, кај Словените, во кои семејството е основано на една сосема поинаква основа, за разлика од овие народи: наследството, како лично правно дело, не е исклучок и се разбира дека е сфатено дека законот за наследство не може да се развива, ниту се развива кај Словените, како на друго место, односно во други општества.

Кај Словените, каде е зачувана старата кооперативна форма на семејството, наследството во западна смисла е ограничено само на одделни задруги (во кои скоро и да е недвижен имот воопшто не е од мала важност) и да се истражуваат. Што се однесува до заедничкото седиште, тоа не е само сопственост на сегашните задруги,

[117] Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија VII – XX век", Скопје, 2013, стр. 92.
[118] Ibidem.

туку и на идните, така што поединците не се скоро ништо освен уживатели на имотот на домаќинството – ова останува во исто време, бидејќи останува семејство како правно лице се додека не се истражува, туку само поединците се менуваат. Што се однесува до седиштето, членовите на кооперативата не треба да чекаат за нечија смрт, за да може секој од нив да земе свој дел, да основа одделно семејство, но тоа се случува секогаш кога кооперативите ќе се договорат за оваа работа, или да се поделат сите плодови или да се одделат за оној за кого сметаат дека не е повеќе причината од кого е предизвикана состојбата на задругата. Веќе разговаравме за оваа работа - поделба - погоре, затоа сакавме да го дадеме и овој пример, кој го наведовме за наследството, заедно со поделбата. И тоа не го сторивме, туку започнавме специјално одделение овде, причината не е само тоа што некои словенски племиња ги загубиле своите семејни задруги одамна, туку затоа што, семејниот дел веќе станал долг[119].

## 7.5. Режим на експлоатација на заеднички пасишта

Обичајни правни норми кои се уредени со искористување на заеднички добра (општини, планини, вселени места итн.), тие се најбројни и цврсто обликувани. Името на планините, во овој случај, не е само географски, туку, пред се, правно-економски концепт. Организацијата на планината, подразбира нејзина експлоатација, заштита на пасишта и сточарство, одржување на водопади, одење на планина и враќање од планината (нагоре и надолу), постепено пасење на т.н. пониски, средни и горни треви. Следната група на обичајни норми се однесува на начинот на стекнување и губење на правото на искористување на колективниот имот, што во принцип, е неотуѓиво[120].

[119] V. Bogišić,"Pravni obicaji u slovena", Загреб, 1867, стр. 162 .
[120] Ibidem.

## 7.6. Народен суд

Според карактерот и обемот, постојат неколку видови на народни судови: рурални, племенски и некој вид меѓународен суд. Во зависност од важноста и сложеноста на судењето, судот се состои од шест, дванаесет или дваесет и четири судии. Во случајот со т.н. крвни мирувања по убиството на еден човек, племенските судии обично ја избираат оштетената страна. Освен имињата на судиите, има и други, како поротници и психолози. Името на судиите, како и другите две, се појавува во средниот век. Судовите и судиите се народни институции[121].

Судиите не се платени лица, но тие честопати добиваат материјална компензација во форма на ручеци за труд и денгуба, и дневен надомест во готово. Членовите на судот треба да се одликуваат со лична чесност, искреност, мудрост, дарба на добар говорник и добро познавање на обичајното право. Судењето било секогаш јавно, пред селската или племенската заедница, во која страните во конфликтот биле обврзани да учествуваат. Судиите суделе со претходна заклетва, дека ќе им судат праведно и "од душа". Испитувањето на сведокот било усно, а осудите обично биле усвојувани едногласно, вербално и со свое убедување. Доказите се сметаа за праведни и прифатени од страна на страните во конфликтот. Доказите во обичниот закон беа различни и многубројни. Тие предвидуваа серија акции: од јавна исповед на вина, до Божјиот суд[122]. Така заповеда божјиот закон, а кој не се придржува до него нека биде проклет.

[121] Б. Поповска, „Државно-правна историја на Македонија –Извори-“, Скопје, 2005, стр. 45.
[122] N. F. Pavković,”Pravni obićaj kod južnih slovena”,- Zbornik etnografskog muzeja u Beogradu 1901-2001, Beograd, стр. 356.

## 7.7. Ордалиите или божјиот суд

Тука спаѓа испитувањето со вода, кое што можело да биде испитување со студена и испитување со врела вода. Во првиот случај, обвинетиот врзан бил фрлан во вода, при што, ако потонел се сметало дека е невин, поаѓајќи од сфаќањата дека водата нема да прими ништо нечисто. Во спротивен случај, се сметало дека е виновен. Испитувањето, пак, со врела вода се состоело во тоа што обвинетиот морал со гола рака од котел со врела вода да извади некој предмет. Притоа, доколку не се повредел, се сметало дека е невин[123].

Друг облиг на божјиот суд, бил испитувањето со вжештено железо. Обвинетиот во овој случај, морал да пренесе вжештено железо од вратата на црквата до црковниот олтар, за да ја докаже својата невиност. Инаку, овој облик на испитување се споменува во актите на Охридската архиепископија од XIII век, при што, таа имала негативен однос спрема овој начин на правдање, сметајќи го за варварски, што значи дека се применувал само во обичајната судска постапка[124].

## 7.8. Казни

Казните на народниот  суд против оние кои сериозно ги прекршиле интересите и моралот на заедницата, често биле многу сурови. Целите на казната биле: одмазда, заплашување, но исто така и смирување, олеснување на напнатоста и поправање на нарушениот општествен поредок. Сите санкции во обичајното право можат да се поделат на шест основни групи[125]:

а) смртна казна,

б) физички казни,

в) имотна казна,

[123] Б. Поповска,''Државно-правна историја на Македонија VII-XX век'', Скопје, 2013, стр. 103.
[124] Б. Поповска,''Државно-правна историја на Македонија VII-XX век'', Извори, Скопје, 2010, стр. 102.
[125] Enciklopedija Jugoslavije VI,''O pojmovima obi*ćajno* pravo I pravna etnologija-antropologija'', Zagreb, 1965, стр.21-23.

г) морални казни,

д) друштвени казни и

ѓ) верски казни.

а) Со **смртната казна** биле казнувани предавниците, безмилосните крадци, насилниците, кривогледниците, немилосрдните убијци, жените прогласени за вештерки, кои со своите злобни постапки ја "предизвикале" болеста и животот на добитокот и луѓето, девојките кои вонбрачно родиле и го убивале своето дете. Еден од традиционалните начини на извршување на смртната казна било каменувањето. Како знак на јавна осуда и солидарност со селото, најчесто осуденикот го гаѓале со камења најблиските роднини, а потоа и останатите[126].

б) **Физички казни** – Сторителите на грабеж и силување се казнувале со осакатување. Сопрузите, постапувајќи по народна правна основа, им ги отсекувале носовите на неверните жени. Осакатувањето, исто така, било морална казна, бидејќи казната била трајно "обележана".

в) **Имотна казна** – запленување и грабеж на имотот, се казни со кои се казнувале убијците, племенските предавници и тие што пребегнувале на другата страна, крадците, како и оние кои упорно одбивале да го прифатат крвното смирување, а со тоа ја обновувале одмаздата до недогледен период. За тешките престапи на сторителот, селаните обично му ја уништувале куќата и му ги конфискувале работите, обесштетувајќи ги оштетените, додека на оние што ја украле водата и ги наводнувале преку ред своите полиња, им ги уништувале културите.

г) **Морални казни** – срам е морална казна која "се нанесува на честа и лицето, а не на животот на сторителот". Во патријархалното општество, каде што честа, чесноста и храброста беа најголемите вештини, луѓето имале поголеми шанси да ги поднесат суровите физички казни од оние што се сметаат за непријатни и понижувачки. Со срамење обично биле казнувани крадци за помалку кражба, и оние кои побегнале или кукавички се однесувале на бојното поле. Крадците со украдени работи ги врзувале за вратот, и тие се воделе низ селото како "нечесни". Обичајно право ги врзале, на понижувачки начин (јавање наопаку на магарето), им се враќале на своите родители, а

[126] Ibidem.

на девојките со јавно сметнување на знаците на моминството; бегалецот од бојното поле беше одреден за чирак, додека на мома-девојка кое пред да стапи во брак имало дете му се врзувало колевка на вратот. Посебна морална казна е спречувањето на движењето, односно кован со дрвена граѓа или железо од неколку часа па до два или три дена[127].

д) **Друштвените казни** ги погаѓале сторителите на прекшоците на повеќе начини: општествен, морален и материјален. Материјалниот дел од казната најчесто припаѓаше на селската општина или на парохија. Конфискацијата на оружје се смета за сериозна друштвена и законска казна. Оружјето беше составен дел на машката облека и личност на машкиот пол, и е високо ценет во воено општество; да носи оружје - беше израз на лична слобода и еднаквост со другите војници од племето. Протерувањето од селото и лишење, беа сметани за тешки казни, со кои се казнувале убијците и крадците. Тежината на овие казни било во тоа што многу тешко да се опстане надвор од селската заедница, или бил приморан да се насели во друго населено место[128].

ѓ) **Верски казни** се converted засновале на канонски и обичајно право. Казната за исклучување од црквата се должи на морални и верски престапи, на пр. ‘‘ако некој не ја исполни обврската-тестаментот на нивните починати родители во рок од 40 дена од денот на нивната смрт, или за прекршокот на обврската-заветот-тестаментот даден во неволја‘‘. Во верските казни, исто така, спаѓале т.н. духовни казни - епитети. Во црковното право, постојат два вида епитети[129]:

-обични епитети, за сите христијани и

-епитети, само за духовни лица.

[127] Enciklopedija Jugoslavije VI,"O pojmovima obi*ćajno pravo I pravna etnologija-antropologija"*, Zagreb, 1965, стр.21-22.
[128] Ibidem.
[129] Ibidem.

# ВТОР ДЕЛ

# ЗАКОНОТ ЗА СУДЕЊЕ НА ЛУЃЕТО

# 1. Законот за судење на луѓето

Еден од најпознатите историски извори на словенскиот закон, за кој се верува дека е направен во втората половина на IX век или на почетокот на X век, е Законот за судење на луѓето. Законот за судење на луѓето содржи 32 (триесет и два) члена. Оригиналниот ракопис на овој документ не е зачуван.

Прв словенски пишан закон од христијанската ера бил Законот за судење на луѓето[130].

Точно кога е напишан и кога стапил во сила овој закон –ЗСЛ, не може да се утврди, ниту годината, а камоли месецот и денот. За ова говори и В. Ганев, кога ЗСЛ бил напишан и стапил на сила. Тој приближно утврдува дека овој пишан закон, според историските факти, односно според оние глави од ЗСЛ, кои се софпаѓаат со одговорите на папата Николај I, кои без сомнение се точни, и датират од 866 година. Овие одговори на папа Николај I, во ЗСЛ ги има во повеќе глави, и од тука може да се претпостави дека ЗСЛ, како најстар словенски пишан закон е создаден околу 866 година, ако не оваа година тогаш следната година 867 г., но не подоцна од 868 година[131]. За ова можеме да се потпреме и на логиката на историските факти како што спомнавме и претходно.

Не постои спор околу фактот дека овој правен документ е моделиран и претставува преработка на одделни членови од XVII глава од византиската Еклога. Главната одлика на тие преработки се состојат во ублажувањето на казните кои во Еклогата се главно телесни и мошне жестоки, додека пак во ЗСЛ се дадени со алтернација на црковни казни кои се значително поблаги во смисла на трајни последици, но не и во смисла на намалување на значењето на престапот. Притоа, сосема јасно е кажано дека таму каде што се дадени казните со алтернација, тие не можат да се применуват кумулативно. Наместа, ретко, каде што тие треба да се употребуваат кумулативно, тоа посебно се нагласува.

[130] В. Ганев, "Законъ соудный людмъ", Софиа, 1959, стр. 7 .
[131] Н. С. Суворов, "Следы западно-католического церковного права в памятни ках древнего русского права", Јарослављ, 1888, стр. 162 .

Сите измени и преработки, како што тоа понатаму подробно се илустрира и докажува, се направени со многу хуманост и логика, водејќи сметка за секој човек поодделно[132].

Содржината на ЗСЛ сосема јасно покажува како авторот, добар познавач на Светото Писмо и одличен правник може да ги комбинира строгите правни прописи со Божјиот закон, како резултат на што се добиваат похумани законски постапки со поголема правна сила. Умешноста и способноста за формулирањето на законските постулати и постапки, му помогнале да изнајде кратки и јасни дефиниции, а со цитирањето на „Божјиот закон“ чија сила и значење не подлежеле на сомневање и преиспитување, се потсилува, а во некои случаи и значително го дообјаснува или оправдува значењето на дадените законски одредби[133].

Текстот на ЗСЛ се наоѓа на голем број крмчии од најразлични редакции, од различно време и провениенција, но по редица индикации може да се направи заклучок дека тогаш, кога бил составен, ЗСЛ не бил нејзин составен дел. Освен тоа, тој често се среќава и во „Мерило праведно“, зборник од чисто руско потекло, како и во многубројни крмчии од XV до XVII век во кои текстот на ЗСЛ може да се поврзе со протограф различен од оној од кој потекнува текстот во најстарите крмчии[134].

Големиот број на зачувани преписи на ЗСЛ (повеќе од 50 според публикацијата на Тихомиров) и најмалку уште толку недостапни, индиректно укажуваат на неговата распространетост и популарност. Преписите се главно од XIV до XVI век од руска провениенција, но според јазичната анализа во некои од нив наоѓаме елементи на расколебаност на деклинацијата и други карактеристики што укажува дека тие посредно можеле да имаат и балканска предлошка. Со оглед на фактот што дури и најстарите преписи се оддалечени по 400 и повеќе години од оргиналот, голем број проблеми се врзани токму со реставрирањето на архетипот[135].

Долго време се сметаше дека најстар и најблизок до оргиналот е текстот што се наоѓа во Устјушката крмчија, меѓутоа во последниве 30 – 40 години се искажани и добро образложени мислења дека како најстар треба да се смета преписот од

[132] К. Илиевска,“ Законъ соудныи людьмъ“, Скопје, 2004, стр. 26 .

[133] С. Троицки,“Святой Мефодий как славянский законодатель“, Богословские труды сб.II, Московская патриархия, Москва, 1961, стр. 85 - 86.

[134] К. Илиевска,“ Законъ соудныи людьмъ“, Скопје, 2004, стр. 13-14 .

[135] Ibid. 10 .

Новгородската крмчија од 1280 или 1282 година, односно најстариот датиран ракопис. Причините поради кои Устјушката крмчија ја губи улогата на најстар препис, се сведуваат главно на фактот дека таа не е датирана, а во описите, за кои понатаму зборуваме подробно, се чувствува колебање во датирањето, така што дури и во еден ист опис наместа се споменува XIII, а наместа XIV век, иако се нагласува дека нацртите на буквите се многу архаични[136].

Што е најважно да се спомне, е дека во целиот Закон за судење на луѓето има само една и единствена смртна казна и тоа за оној  што ќе запали туѓа куќа со намера(кривични дела против имотот). Иако, за повреда на правото на азил во црква има маскирана форма на смртна казна, останува само една официјална смртна казна според најпознатиот историски извор на словенскиот закон, и тоа за оној што ќе запали туѓа куќа со намера.

Законот за судење на луѓето (ЗСЛ) содржи претежно казнено право, но постојат и одредби од приватното и процесното право, и тоа: кривични дела против имотот, кривични дела против моралот, кривични дела против физичкиот интегритет на личноста, кривични дела против бракот и семејството, повреда на правото на азил во црква и купување слободен човек заробен во војна.

Како што спомнавме погоре, Законот за судење на луѓето е моделиран и претставува преработка и превод на одделни  членови од Еклогата, но со исклучок на глава I, II и глава VII, кои немат обрасци од Еклогата, но допирни точки на овие членови може да се најдат со некои членови од постари законодавни акти на пример: од Дигестите или одделни Јустинијанови зборници со законски акти,  потоа, не без значење, Божјиот закон односно Светото Писмо и др.  Законот за судење на луѓето истотака има допирни точки и ближност и не ги исклучува одредени одговори на папата Николај I[137].

Иако, Законот за судење на луѓето е предмет на истражување од средината на деветнаесеттиот век до денес, многу хипотези останале без конечни одговори. Повеќето правни историчари тврдеа дека потекнува од Бугарија, како официјален акт

[136] К. Илиевска,“ Законъ соудныи людьмъ“, Скопје, 2004, стр. 14 .

[137] В. Ганев, “Законъ соудный людмъ“, Софиа, 1959, стр. 8 .; К. Илиевска,“ Законъ соудныи людьмъ“, Скопје, 2004, стр. 151.

на законодавната власт за време на владеењето на кнезот Борис (865-889 ), или за време на владеењето на неговиот син кнез Симеон (893-927).

Но, јас мислам дека овој законик ЗСЛ има македонско потекло, но треба да се анализира и истражува и понатаму, се додека не се најдат некои од оргиналните текстови од овој законик.

# 2.Крмчии во кои се наоѓа текстот на ЗСЛ

## 2.1.Новгородска крмчија

Новгородскиот ракопис е огромен ракопис од 631 пергаментен лист. На првиот лист се наоѓа запис за времето на пишување на ракописот и неговата намена. Според читањето на Тихомиров овој запис гласи: „В лето 67 ... написаны быша повѣлениемь благовѣрнаго князя новьгородьскаго Дмитрия, а стяжаниемь боголюбиваго архиепископа новгородьскаго Климента и положеы быша вь церкви святыя София на почитание свяшенникомь и на послоушание крестьяномь и собе на спасение души. Ачи кто вьзмѣть я ись веркви, а рекь тако: се мне достоить взяти мое, попинь ли, или епископь или кьн я зь или игумень или дияконь или причетникь... понатаму текстот не се чита[138]„.

За датирањето на ракописот има разлнчни мислења. Калејдович[139] по првите две цифри видел цртичка која ја протолкувал како дел од „ч" т.е. 90. Во таков случај датумот на создавање на Новгородскиот ракопис би била 6790 година од создавањето на светот, т.е. 1282 година. Со такво датирање Новгородската крмчија е позната во научниот свет повеќе од еден век. Новгородската крмчија е препишана во Новгород по наредба на кнезот Дмитриј Александрович и со финансиска поддршка од архиепископот Климент за Софискиот собор. Во ракописот се наоѓа и официјален запис со овие податоци, благодарејќи на кои Тихомиров се обидува да го конкретизира датирањето[140].

Дмитриј Александрович бил кнез во Новгород во периодот од 1277 до 1280 и подоцна повторно од 1284 до 1292 година, а во 1294 година починал. Соодветно, ракописот можел да биде напишан во периодот меѓу 1277 и 1294. Со оглед на сигурното читање на првите две цифри, овој период се стеснува на периодот 1277 –1291. Во 1280 година, на 7 декември, бил одржан црковен собор во градот Перејаслављ кој бил раководен од митрополитот Кирил со учество на тројца епископи и присуство на Дмитриј Александрович. За време на овој собор починал митрополитот Кирил. Сведоштво за тоа наоѓаме во Троицкиот летопис во кој, во подробниот опис на

[138] М. Н. Тихомиров & Л. В. Милов,'' Закон Судныи людем кратkои редакции'', Москва, 1961, стр. 8.
[139] К. Ф. Калайдович,''Русские достопамятности издаваемые Обшеством истории и древностей российских'', ч. I, Москва, 1815, стр. 19.
[140] Ibidem.

присутните, настаните и сл., наоѓаме и потполно совпаѓање на датумот, на имињата и сл. така што не останува место за сомневање: „Тое же зимы преставись пресвись пресвяшенный Кирилл митрополит всея Руси, на Суждальской земли, в Переяславли, месяца декабря в 7, на память святого отца Амбросиа, ту сушю великому ***кня***зю Дмитрию и епископу Новгородьскому Клименту, и епископу Ростовьскому Игнатию и епископу Володимерскому и Суждальскому Феодору". Зборовите „ту сушю" означуваат дека споменатите епископи и кнезот Димитар веќе биле таму, а не допатувале по повод трагичниот настан. Заклучокот што може да се изведе оттука се наметнува како сосема логичен и се сведува на тоа, дека како година на создавање на овој ракопис, според овие записи, би требало да се смета годината 6788, односно 1280[141].

Уште кон крајот на XIX век, Срезневски објавува многу подробен опис на оваа крмчија која е составена од три дела со различен број тетратки. Во секоја од овие делови се појавуваат по неколку писари кои се повторуваат во секој дел речиси без исклучок. Оттука би можело да се претпостави дека најверојатно работата морала да биде завршена за многу краток рок заради што ракописот бил разделен на три дела за да работат повеќе луѓе едновремено. Според други индикации би можело дури да се претпостави дека секој од тие делови се препишувал од различна предлошка. Како последица на таквата работа во ракописот, на повеќе места, се набљудуваат несоодветства меѓу содржината дадена во почетокот и статиите-членови во текстот, односно има значително повеќе статии-членови отколку што е соопштено во содржината[142].

Во врска со тоа е искажана претпоставка дека првиот дел каде што има корелација меѓу содржината и текстот би требало да биде основен текст, а дека се друго претставува дополнителен материјал. Меѓу таквите дополнителни текстови се наоѓа и ЗСЛ. Овој податок би можел да се разгледува како доказ на мислењето, веќе искажувано повеќепати на други места, дека ЗСЛ не бил во составот на зборникот кој послужил како предлошка во создавањето на Новгородската крмчија, односно дека тој

[141] К. Илиевска," Законъ соудныи людьмъ", Скопје, 2004, стр. 46 – 49 .
[142] И.И. Срезневский, "Обозрение древних русских списков Крмчей книги", Санктпетербург, 1897,стр. 85-112.

бил земен од некој друг извор, или, евентуално, друга крмчија во која веќе бил додаден претходно[143].

ЗСЛ во овој ракопис се наоѓа на листовите 336 об. – 342 об. и е напишан од истиот писар како и останатиот текст. Текстот започнува по зборовите ʐаповѣди Бйѧ : со насловот даден во продолжение на истиот ред без никакво одделување: ʐакоnz судиziи людемz по што е дадено со црвено мастило: правилам цpѧ коnстаnтиnа. Ознаката на главата, глав(а) е дадена во меѓупросторот меѓу двата столица исто така со киновар.

Одделните глави делумно се бележат на маргините со киновар (секогаш од десната страна како во првиот така и во вториот столбец), а делумно во продолжение на претходниот ред. Со киновар се дадени и почетните букви на секоја глава како и насловите. Главата *о послухахz* е дадена без број, а на маргината спроти неа има посебен знак кој се среќава уште и спроти главата *о полонѣ,* означена како глав(а).г. Преписот на ЗСЛ што се наоѓа во Новгородската крмчија, е земен како основен текст во подробната анализа на кратката редакција на ЗСЛ, од акад. М. Н. Тихомиров[144].

[143] Ibidem.
[144] К. Илиевска,“ Законъ соудныи людьмъ“, Скопје, 2004, стр. 46 - 49 .

## 2.2. Устјушка крмчија

По внимателната палеографска и јазична анализа на обработуваните текстови на ЗСЛ не можевме да стекнеме увереност дека Новгородскиот ракопис ја содржи најстарата верзија на ЗСЛ. Не подлежи на сомневање прашањето за староста на ракописот – факт е дека Новгородскиот ракопис е, или може да биде најстар, како и, што е дури значително поважно, тој е датиран од порано. Но, податокот дека се работи за ракопис кој е составен во Русија, кој содржи голем број текстови од чисто руски и, уште поконкретно, новгородско потекло и дека текстовите во него се редактирани во таа смисла, не ни дава основа да бидеме уверени, дека таму ќе ја најдеме најстарата верзија на ЗСЛ односно верзијата што би се наоѓала најблиску до оригиналот[145].

Затоа, а исто така и како резултат на направените споредби на разликите меѓу Устјушката и Новгородската крмчија, стигнавме до заклучок дека јазичната состојба одразена во првата покажува поголема архаичност, па затоа како основен го земаме тој текст. При-тоа, треба да се напомене дека и во Устјушката крмчија има грешки кои се последица на неразбирањето на некои зборови или поими кои можел да ги направи и самиот писар или веќе биле направени во некоја од предлошките на оваа крмчија при многубројните препишувања, што воопшто не би требало да изненадува со оглед на тоа дека од времето на создавање на ЗСЛ до појавата на најстарите преписи за кои говориме има временска дистанца од околу четири века. Поголем дел од таквите грешки релативно успешно можат да се поправат или разрешат со помош на другите споредувани преписи, со оглед на тоа што сите тие имале различни предлошки.Ракопис во голем формат, А-4, пергамент, убав, крупен устав од крајот на XIII или почетокот на XIV век, 147 листови. Овој ракопис е познат во научната литература поради тоа што се смета дека во него се наоѓа најстариот познат досега препис на Методиевиот превод на номоканонот. Устјушката крмчија почнува со Симболот на верата од Првиот вселенски собор, а потоа следат и симболите на вера од другите собори. Зборникот на црковни правила во 50 наслови од патријархот Иоан Схоластик, започнува на л. 7, но не е даден и општ наслов. На л. 42 започнува 26 правило на Светите Апостоли, на 45 – одделни правила од шестиот вселенски собор (со голем број недоследности меѓу бројното и буквеното предавање) 22 (во ракописот дадено како .ѯѳ.), 23 како (.кꙁ.), 31, 51 како (.ɴд.), 59, 70 (овде како .ѯѳ.), 85 како (.пд.) и

[145] К. Илиевска,“ Законъ соудныи людьмъ“, Скопје, 2004, стр. 65-67 .

89 како (.пи.). Потоа, на л. 44 об. (51) следи: Иʐ седмои кɴиги ʐаповѣдеи апостолЂских, глава 33: ʐаповѣ сЋаго апл пет. пав; и на л. 48 (55) започнува Закоɴʐ соудɴʐiɴ людЂмz кој завршува на 61 об. (54 об.). Понатаму следат различни правила од крмчијата подредени според црковните вселенски и поместни собори[146].

Устјушката крмчија е наречена така според Устјушкиот Михајло-Архангелски манастир на кој му припаѓала. Подоцна била предадена на чување во Московскиот Румјанцевски музеј, па оттаму и алтернативното име Румјанцевска крмчија. Устјушката или Румјанцевската крмчија (Румјанц. 230; Уст. 23) се наоѓа во Ракописниот оддел на Руската државна библиотека во Москва (поранешната Ленинова библиотека). Ракописот е наречен така поради записот кој се наоѓа во самиот ракопис; „Сия книга гла (големая) правило святых отець Устюга Великого Аерхангељьскаго монастыря домовая[147]''. Треба да се обележи уште дека Михајло-Архангелскиот манастир бил најголемиот и еден од најстарите манастири во градот Устјуг, основан во XIII век. Устјушката крмчија е составена од три дела со три одделни нумерации на тетратките (7, 6 и 6).

Со друг небрежен ракопис во подоцнежно време е направена општа нумерација на тетратките (во долниот лев агол) од 1 до 20 (бројот 17 е прескокнат). Бројот на тетратките (7, 6, 6) одговара на тоа, како е поделена работата меѓу трите основни писари л. 1-54; вториот 55-102 об., и третиот 103-146 об. Текстот на ЗСЛ се наоѓа на листовите 55-61 об. (48-54 об.). Во главата за блудниот чернец, делот каде што се зборува за казната по ʐакоɴу людскому е иструган, односно премачкан со некаква белопрозрачна маса, па текстот од околу еден и пол ред не се чита. Се гледаат само делови од буквите[148].

[146] К. Илиевска,'' Законъ соудныи людьмъ'', Скопје, 2004, стр. 67 .
[147] Я. Н. Щапов,''Византииское и южнославянское правовое наследие на Руси в XI-XIII вв'', Москва, 1978 .
[148] К. Илиевска,'' Законъ соудныи людьмъ'', Скопје, 2004, стр. 41-46 .

## 2.3. Варсонофиевската крмчија

Варсонофиевската крмчија е ракопис од XIV век и се наоѓа во непосредна врска со Новгородската крмчија. Напишана е на убаво изработен, танок пергамент, со ситен јасен устав во два столпца, на 328 листа. Заради зачувување на рамката на страницата, честопати, на крајот на редот, одделни зборови не се допишани. Според составот на ракописот и неговите карактеристики може да се претпостави дека нејзиниот оригинал бил напишан кон крајот на XIII век. Содржината во голема мера се совпаѓа со онаа на Новгородската крмчија со тоа што на повеќе места се вметнати дополнителни статии, а од друга страна, отсуствуваат ред статии од чисто новгородско потекло. Како во Новгородската така и во оваа крмчија, ЗСЛ се наоѓа по три дополнителни статии кон 23. глава[149].

За овој ракопис пишувал Срезневски[150] во неговото дело, но овој ракопис е даден во споредба со Новгородската крмчија, но не е напишан само за овој ракопис. За Варсонофиевската крмчија е даден кај К. Илиевска, каде се вели дека ЗСЛ се наоѓа на листовите 185 – 188, значи почнува од страна 185, и завршува на страна 188. Нумерацијата на главите е дадена главно во продолжение на текстот по извесен празен простор. На маргините излегуваат само покрупните иницијали напишани со киновар и тоа во случаите кога претходниот ред не е полупразен. Ако има повеќе празен простор, новата глава е дадена во продолжение, без нов ред[151].

И В.Ганев ја спомнува Варсонофиевската крмчија, според која ЗСЛ, односно глава VII од ЗСЛ, е поставен одма по член 2, значи е продолжување на член два, но со посебен наслов „за сведоците‘‘, но не се дадени повеќе детали за овој ракопис.

Во оваа крмчија речиси редовно се употребува γ наместо **оγ**, со многу ретки исклучоци; а пак ꙅ (никогаш со графија S) се употребува само со бројна вредност. Јотираните гласови се употребуваат релативно правилно и често се совпаѓаат со оние во Устјушката крмчија, освен ю҄є кое се употребува поретко, односно многу често се

[149] К. Илиевска,‘‘ Законъ соудныи людьмъ‘‘, Скопје, 2004, стр. 49.

[150] И. И. Срезневский, ‘‘Обозрение древних русских списков Крмчей книги‘‘, II издание, Лајпциг, 1971, стр. 85.

[151] Ibidem.

заменува со є. Распоредот на еровите, алтернирањето на ы и zi и сл. Исто така, одговараат на состојбата што ја констатиравме во Устјушката крмчија. Наместо Ѡ (освен во предлогот Ѿ), како и во У., се употребува ӧ[152].

## 2.4.Троицки препис на Мерило праведно

Мерило праведно е откриен во 1819 година од Калаидович[153] и Строев, кои укажуваат на поврзаноста со Крмчиите. Истражувачите, откако откриле во еден од списоците на Мерило, спомнувањето на Јарослав Свјатославиќ, го идентификувале вториот со принцот Чернигов и Муром на крајот на XI век и првата третина од XII век. И предложиле создавање на зборник, кој се однесува на исто време[154].

Мерило, изведено од мера, се однесува на правната мерка или вага, односно е употребено во значење на праведен суд. Во најстариот ракопис од овој тип, Троицкиот ракопис од XIV век, што е земен како основен за оваа редакција, дури има претставено и минијатура на праведен судија, содржител, седнат во престол со вага во рацете. Содржината, исто така сугерира заклучок дека ракописите од овој тип се создадени со намера да бидат прирачници за работа на судиите"[155].

Зборникот е составен од два дела: поуки и закони. Во поуките се става акцент на неправедните судии како и кнезови и воопшто властелини, а пак во вториот дел е собран материјал првенствено од правен карактер, оделен во 30 глава меѓу кои се наоѓа и таква, за власта на епископите, за причетниците, закаматите (лихвите), за мирјаните односно светските луѓе.

Од византиските закони во „Мерило праведно“ се дадени Еклогата и Прохиронот (т.е. градскиот закон). Во гл. 28 и 29 е дадена Пространата руска правда, разделена на судот на Јарослављ Володимерович и Уставот на Владимир Мономах. Кон зборникот се додадени и неколку статии со строго црковен карактер за кои, според

[152] К. Илиевска,“ Законъ соудныи людьмъ“, Скопје, 2004, стр. 50.
[153]К. Д. Калайдович, П. М. Строев,“Законы великого князя Ивана Васильевича и Судебник царя Иоанна Васильевича с дополнительными указами“-Предисловие к изданию 1819 года, Москва, 1878.
[154]К.В. Вершинин,“Мерило Праведное“ - в истории древнерусской книжности и права-, Москва, Санкт-Петербург, 2019, стр.9
[155]Н. В. Калачев,“Мерило Праведное“,- Архив историко-юридических сведений, относящихся до России,книга 1, Москва, 1876, стр. 29 – 42.

некои истражувачи, може да се претпостави дека не влегувале во првобитниот состав на Мерило праведно (за крстот, за 12 ветрови и сл.). Сепак и во „Мерило праведно“ се работи само за преработки на краткиот состав на ЗСЛ. Нема никакво сомневање дека е направена извесна редакција, во која се избегнати некои нејаснотии и моравизми кои се среќаваат во најстарите преписи на ЗСЛ, што е сосема логично да се направи кога се подготвува нов тип зборник, но, како што ќе се види јасно понатаму, при споредбата на текстовите, очигледно е дека се работи само за минимални корекции или разјаснувања на нејасните места при подготовката на новиот тип зборник. Се стигнува до заклучок дека ЗСЛ што се наоѓа во „Мерило праведно“ би можел да биде дури и од редакција на ЗСЛ што е постара од онаа во најстарите крмчии. Факт е дека поради посебната намена на зборникот или, можеби, по други причини, текстот на ЗСЛ е изменет со ред поправки и доосмислувања, така што во тој вид на повеќе места значително се разликува од текстот во другите ракописи, но мислиме дека тие разлики сепак не даваат индикации дека се работи за постара редакција[156].

Троицкиот ракопис (во текстот М.) е најстар меѓу досега познатите. Тој не е голем според димензиите (20 x 14,3 см), но мошне дебел ракопис. Има 348 листови од убаво изработен пергамент. Ракописот е пишуван од најмалку осум писари и повеќекратно внимателно поправан. Општиот впечаток (со мали исклучоци) е дека ракописот е пишуван многу внимателно со убав устав, карактеристичен за XIV век. Троицкиот ракопис нема почеток и крај. Наместа недостигаат одделни листови (меѓу листовите 56 и 57; 151 и 152; 154 и 155; 331 и 332), при нумерацијата е пропуштен бројот 215 (по 214 следи 216), некои листови се одделени од подверзијата, на многу листови пергаментот е оштетен, а наместа дури и шиен (л. 164, 233, 261) и сл. Опис на содржината на овој ракопис, прилично подробен, иако не потполн, е објавен уште во 1876 год[157].

[156] К. Илиевска,“ Законъ соудныи людьмъ“, Скопје, 2004, стр. 55-56.
[157] Ibid. 57 .

## 3. Потеклото на Законот за судење на луѓето

Најстарите зачувани преписи на Законот за судење на луѓето се од крајот на XIII век и почетокот на XIV век, односно околу 400 и повеќе години се оддалечени од оргиналот. Секако дека причините за големиот дел од нерешените досега прашања во врска со ЗСЛ се должат токму на тој факт. Досега ЗСЛ бил предмет на проучување од историски, јазичен, правен и друг аспект од страна на голем број истражувачи. Притоа, повеќе заклучоци од таквите анализи се крајно разнообразни и многу често противречни[158].

Законот за судење на луѓето (ЗСЛ) претставува словенска редакција на Еклогата донесена во IX век. Во врска со неговото настанување во историографијата постојат повеќе различни мислења. Така, едно од најраспространетите е теоријата за моравско-панонското потекло на ЗСЛ, според која ЗСЛ е превод на делови на Еклогата составен во периодот кога Кирил и Методиј биле на својата мисија кај моравските Словени. Притоа, според едното мислење, Методиј е авторот на ЗСЛ, додека според другото, него го превел и го составил неговиот брат Кирил. Друго сфаќање е она според коешто ЗСЛ има бугарско потекло, односно дека ЗСЛ како словенски превод на дел од визатиската Еклога настанал во бугарската држава, во IX век, односно за време на постоењето на Првото бугарско царство[159].

Најпосле, третото мислење, чијшто автор е нашиот историчар од руско потекло, Троицки, поаѓа од ставот дека ЗСЛ како словенски пренос на делови на ЕК, на Декретите на византискиот император Константин V против незнабошците, Библијата и канoните на Василие Велики, бил составен од Методиј во времето на 30 години на IX век кога тој бил византиски архонт во архонтијата Стримон, во областите на денешна Струмица, кога бил напишан на словенски јазик со грчко писмо, за да по составувањето на словенската азбука, истиот текст, во Моравија, биде напишан со новата азбука. Ова сфаќање уште се нарекува теорија за македонското потекло на ЗСЛ[160].

[158] К. Илиевска,“ Законъ соудныи людьмъ“, Скопје, 2004, стр. 13 .
[159] Б. Поповска,“Државно-правна историја на Македонија VII – XX век“, Скопје, 2010, стр. 39.
[160] Н. Сотировски,“Историја на државите и правата на југословенските народи“, Скопје, 1980, стр. 555.

Инаку, во историографијата најмногу е прифатено мислењето за моравското потекло на ЗСЛ, па така и Димитри Оболенски смета дека ЗСЛ има моравски особености и дека го составил Константин или неговите ученици за потребите на неговата мисија меѓу Словените во Средна Европа[161].

## 3.1.Теоријата дека ЗСЛ има Бугарско потекло

Првата и најстара теорија за потеклото на ЗСЛ е бугарска и до пред неколку децении таа се сметаше како докажан факт[162].

Темелно и континуирано е објаснето и одбранeто, особено во делата на бугарските и историчарите на правото. Според бугарската правна историја, од Стефан Бобчев, и во другите своите дела ЗСЛ го гледа како приватна колекција на непознат автор од времето на кнезот Борис, и сугерира дека тоа би можело да биде направено околу 885 година, кога од Моравија пристигнале голем број студенти прогонети како Кирил и Методиј, од чии редови можеби потекнувал самиот организатор на овој закон. Целокупната обемна и генерално импресивна студија на Законот за судење на луѓето ја има Венелин Ганев, правно-историски и правно-аналитички студии (Софија 1959), кој во основа ја има неповторливата верба на авторот дека ЗСЛ потекнува од територијата на Бугарија. Нема дилеми за ова ниту во написот на Михаил Андрејев[163], како што ниту Димитри Ангелов[164] нема сомневање во своите студии-дела. Бугарскиот историчар Иван Божилов, автор на бројни студии за средновековна Бугарија објавени во последните децении на дваесеттиот век, исто така, го гледа ЗСЛ како „бугарски закон“ создаден во бранот на создавање на нова христијанска цивилизација во Бугарија, инициран од крштевањето во шесетите години на IX век[165].

Од првата половина на XIX век мнозина истакнати лингвисти, историчари и правници, како на пр.: баронот Розенкампф[166], Де Хубе[167], Богишич[168], В. Васиљевскиј,

[161] Д. Оболенски,“Византиски комонвелт – Источна Европа 500-1453“, Скопје, 2002, стр. 322.
[162] К. Илиевска,“ Законъ соудныи людьмъ“, Скопје, 2004, стр. 16 .
[163] М. Андрејев, “Нови студии и нови теории за потеклото на законот за судење на луѓе“ -Годишникот на Софискиот универзитет, София, 1964, стр. 29-46.
[164] Д. Ангелов,“ Историја на средновековна Бугарија- држава и право“, Софија, 1992, стр. 17 - 20.
[165] Д. Попов и група автори,“Бугарска историја“, Белград, 2008, стр. 82 - 83.
[166] Г. Розенкампф,“Обозрение Кормчей книги в историческом“ изд. 1, Москва, 1829.

С. Бобчев[169], Г. Данаилов[170], Ф. Цигел[171], Т. Флоринскиј[172], Г. Губиделников[173], Х. Орошаков[174], Т. Сатурник[175], и многу други, зборувале и пишувале дека потеклото на ЗСЛ е бугарско.

Бројни истражувачи надвор од Бугарија ја подржуваат теоријата дека ЗСЛ потекнува од Бугарија за време на владеењето на кнезот Борис (865 и не подоцна од 889 година), или за време на владеењето на неговиот син кнез Симеон (893 – 927), и дека бил усвоен како официјален законодавен акт[176].

Истражувачите кои го поврзуваат донесувањето на ЗСЛ во Бугарија во времето на кнезот Борис, најчесто овој закон го ставаат во контекст со примањето на христијанството во овие области во периодот околу 865 година, а како по правило упатуваат на неговата суштинска блискост со познатите одговори на папата Николај I на прашањата на Бугарите од 866 година[177].

Независно од така формираното мнение, уште во тоа време се среќавале истражувачи кои покажувале извесни сомневања или колебања во однос на оваа теорија, а не можела да се постигне ни општа согласност во врска со тоа, кога точно, односно во времето на кој владетел бил составен Законот, а во врска со различните општествени, историски и религиозни услови – со каква цел тој бил составен. Додека некои (С. Бобчев, Г. Данаилов, Г. Губиделников, Х. Орошаков и др.) наоѓаат докази дека тоа било направено во време на кнезот Борис (852 – 889) во почеток на неговото владеење, или нешто подоцна, во соработка со неговиот син Симеон, а за други како што се: (Де Хубе, Родопски, Ф. Цигел, Т. Флоринскиј, Т. Сатурмик и др.) немало

---

167 Р. Де. Хубе,"O znaczeniu prawa rzymskiego and rzymsko-byzantinskiego in narodow slowianskich", Варшава, 1868.

168 Bogišić,"Pisani zakoni na slovenskom jugu", Zagreb, 1872.

169 С. Бобчев,"История на старобългарското право", София, 1910 .

170 Г. Данаилов,"Един паметник на старото българсрско право",Сборник на народни умотворения, наука и книжнина 18, том III, София, 1901 .

171 F. Zigel," Lectures on Slavonic Law", London, 1902.

172 Т. Флоринский,"Антички споменик на бугарското право", Киев, 1904.

173 Г. Губиделников,"Законъ соудныи людьмъ", Юридически преглед 16, кн. 2-3, София, 1908 .

174 H. Oroshakoff,"Ein Denkmal des bulgarischen Rechts (Zakon Sudnyi ljudem)", Zeitschrift fur vergl. Rechtswissenschaft 33, Stuttgart, 1912.

175 T. Saturnik,"Prispevky k šireni byzantskeho prava u Slavanu", Praha, 1922.

176 М. Андреев, Ф. Милкова, История на българската феодална държава и право, София 1993, стр.29-32; К. А. Максимович, Законъ соудьнъии людьмъ, источниковедческие и лингвистические аспекты исследования славянского юридического памятника, Москва 2004, стр. 167-197.

177 Д. К. Николић,"Закон судњи људем" - најстарији словенски правни зборник, Ниш, 2016, стр. 5-7.

никакво сомневање дека законот бил составен токму во времето на владеењето на неговиот син, Симеон.

Но, паралелно со тоа, уште од втората половина на XIX век се појавуваат веќе и други јасно формулирани теории и мислења (А. Павлов, Г. Вернадски и др.), каде што се допуштаат и други можности, поточно, поради некои недостатоци или нелогичности се поставува под сомневање тезата за бугарското потекло на ЗСЛ, дури, во извесна смисла тоа прашање се маргинализира, а главен акцент се става на времето на создавање на овој законик, како и на други, значително побитни негови карактеристики[178].

Меѓутоа, има и нови генерации бугарски историчари кои не инсистираат само на бугарското потекло на ЗСЛ. Така, на пример, Иван Бозилов[179] и Васил Ѓузелев воопшто не спомнуваат дека ЗСЛ бил применет во Бугарија, ниту за време на кнезот Борис ниту за време на кнез Симеон[180].

## 3.2. Теоријата дека ЗСЛ потекнува од Моравија

Првата цврсто аргументирана теорија дека ЗСЛ е за западните Словени, е од Панонско потекло, а нејзините автори се веројатно од редот на новокрстените Словени и следбеници на словенскиот просветител Методиј[181].

Така стигнуваме до годините 865 и 867, како веројатно време на создавање на ЗСЛ. Ако допуштиме дека во Моравија би можеле да не стигнат навреме вестите за судбината на ЕК и нејзините автори, тогаш создавањето на ЗСЛ би можело временски да се лоцира и во 70. години на IX век, но секако пред одењето на св. Методиј во Цариград, најверојатно во 882/883 година.

Сметаме дека секое друго датирање не би можело да биде веројатно и, во секој случај не би одговарало на историската и на научната вистина. Во таков случај

[178] К. Илиевска,‘‘ Законъ соудныи людьмъ‘‘, Скопје, 2004, стр. 18 ; G. Vernadsky,’’Medieval Russian Laws’’, New York, 1947, стр.5. ; Kadiec,’’Introduction a l’etude comparative de l’histoire du droit public des peoples slaves’’, Paris, 1933, стр. 78 - 79 .

[179] И. Божилов и В. Ѓузелев,‘‘Историја на средновековна Бугарија‘‘, том I, VII-XIV век, Софија, 1999.

[180] Д. К. Николић,‘‘Закон судњи људем‘‘ - најстарији словенски правни зборник, Ниш, 2016, стр. 4-5.

[181] Ibid. 8.

прашањето за местото на создавање на ЗСЛ, како и за авторството, добива одговор само од себе. Соодветно, независно од сета привлечност на која било од балканските теории, во овој случај треба да се свртиме кон научната вистина и да прифатиме дека, како според досега познатите податоци така и според историските факти, ЗСЛ би можел да биде составен само во Моравија[182].

Рускиот славист Кирил А. Максимович[183], осврнувајќисе врз своето длабинско лексичко истражување во текстот на ЗСЛ, извлекува сличен заклучок: „ЗСЛ, кој бил составен во Моравија и ја покажува словенско-грчката двојазичност на неговите автори, не можеше да го напише никој друг освен браќата Солунски“ –Кирил и Методиј[184].

Во 1948 година, познатиот австриски историчар Хајнрих Фликс Шмид[185] со многу солидна аргументација, прв образложено ја оспори бугарската теза, истражувајќи претпоставка дека ЗСЛ има западно-словенско, конкретно, панонско потекло. Докази за својата теза тој наоѓа, меѓу другото и во тоа што во ЗСЛ телесните казни се дополнети со црковни епитимии (значително поблаги од телесните), па оттука изведува заклучок дека таков бил и судот, составен од световен судија и судија духовно лице, а таков суд имало само во Западна Европа. Затоа, Шмид претпоставува дека ЗСЛ бил создаден за словените неофити во Панонија од словенскиот првоучител Методиј. Против оваа теза би можело да се каже само дека во текстот на ЗСЛ никаде не се споменува ниту колегијален, ниту пак солидарен-синодален суд, а кога се зборува за судските органи се именуваат само кнезот и судијата (чл. 2 и 7 од ЗСЛ)[186].

Грчкиот славист Антониј Емил Тахиаос[187], професор на Солунскиот аристотелов универзитет, во својата студија објавена во Солун во 2013 година и преведена на српски јазик во 2014 година, по краткиот преглед на постарите хипотези за времето и местото на потекло на ЗСЛ, безрезервно тврди дека овој закон е „напишан од Методиј во Моравија со единствена цел да биде за таму“, и дека тој во него

[182] К. Илиевска,“ Законъ соудныи людьмъ“, Скопје, 2004, стр. 35 .

[183] К. А. Максимович,“Законъ соудьнъии людьмъ, - источниковедческие и лингвистические аспекты исследования славянского юридического памятника“, Москва, 2004, стр. 55.

[184] Д. К. Николић,“Закон судњи људем“ - најстарији словенски правни зборник, Ниш, 2016, стр. 10.

[185] Schmid H. F.“La legislazione bizantina e la pratica giudiziare occidentale nel piu antico codice slavo“, Atti del Congresso internazionale di diritto romano e di storia deldiritto, Verona 1948, Milano 1953, vol. 1, стр. 395 – 403.

[186] К. Илиевска,“ Законъ соудныи людьмъ“, Скопје, 2004, стр. 18 – 19 .

[187] А. Е. Тахиаос,“Солун и свет Словена“, Ниш, 2014, стр. 34 - 37 .

„Методиј додаде и свои поглавја и прописи, кои беа охрабрени од постојните социјални и религиозни услови на живот во Моравија“, и тоа во ЗСЛ „покажува прототип на делото на Методиј“[188].

Димитри Оболенски[189], во неговото дело, истотака ја брани оваа теорија, која се однесува на кнежевството на Моравија како место на потекло на ЗСЛ, затоа што, како што велат, „претставен е и убедлив доказ што го поврзува со Моравија, IX век; веројатно е дека ова дело е составено од Константин, или неговите ученици, за целите на неговата мисија меѓу Словените во Централна Европа[190].

Во 1951 година, чешкиот славист Јозеф Вашица[191] постави поконкретна и поубедлива теза заснована врз детални анализи. Според неа, ЗСЛ е веројатно составен во Моравија и неговиот автор би можел да биде самиот Константин–Кирил, помладиот брат на Методиј, бидејќи јазикот на законот е богат со моравизми и други јазични особености на западнословенската јазична средина, не би можеле да се објаснат ако се тргнува од теориите за јужнословенското или конкретно бугарско потелко на ракописот[192].

Светите Кирил и Методиј, прифаќајќи ја Моравската мисија, сосема правилно се ориентирале во својата работа на создавањето на солидна правна и културна основа на која би се потпирала самостојноста на Моравската епархија, но во широка смисла на зборот тоа може да се однесува и на постоењето на словенската црква воопшто, или правото на автокефалност на црквата во принцип[193].

Токму затоа, во текот на целокупниот период додека траела Моравската мисија, многу големо внимание се обврнувало на подготовката на културна, религиозна и правна основа за самостојна непречена работа на црквата, односно на преведувањето, адаптирањето или составувањето на неопходната литература.

Соодветно, може да заклучиме, дека ЗСЛ би можел да биде составен само во Моравија, во средината или втората половина на 60 години на IX век од страна на

188 Ibidem.
189 D. Obolensky,’’The Byzantine Commonwealth’’, New York, 1971.
190 Д. К. Николић,’’Закон судњи људем’’ - најстарији словенски правни зборник, Ниш, 2016, стр. 9.
191 J. Vašica,’’Origine Cyrillo-Methodienne du plus ansien code slava dit ’’Zakon Sudnyi ljudem’’’, Byzantinoslavica, XII, 1951, стр. 154 – 174.
192 К. Илиевска,’’ Законъ соудныи людьмъ’’, Скопје, 2004, стр. 16-20.
193 К. Илиевска,’’Единство староцерковнославянского языка в диалектном разнообразии’’, Москва, 1996.

Методиј, кој ги имал соодветните права, ерудиција, способности, компетенции и знаења за да ја изврши таа задача[194].

## 3.3.Теорија за македонското потекло на ЗСЛ

Во 1961 година, С. Троицки[195] искажува претпоставка дека местото на создавање на ЗСЛ би можело да биде областа Стримон[196] во Македонија, во времето кога Методиј, според некои претпоставки, бил таму воен заповедник. Според неа, привично ЗСЛ бил напишан на словенски[197] со грчки букви, а подоцна транслитериран–преведен на глаголица и кирилица. Иако, оваа теза искажана од таков еминентен специјалист по вакви прашања е многу привлечна и најде многу приврзаници, не само во Македонија туку и надвор од неа, и во неа слаба точка останува објаснувањето за патот на позајмувањето на моравизмите и, воопшто, на западнословенизмите.

Како најверојатно време на создавање на ЗСЛ, според македонската теорија на Троицки, се определува периодот 845 – 855 година, т.е. времето кога Методиј, како што се претпоставува, бил кнез, односно воен заповедник во областа Стримон. Овој период се појавува како евентуално време на создавање и кај другите истражувачи, веројатно под влијанието на претпоставката искажана од Троицки, т.е. како резултат на нејзиното прифаќање. Според податоците од ЖМ (гл. III), Методиј бил кнез „многу години‘‘. Во Похвалното слово за св. Кирил и Методиј од св. Климент Охридски, пак, е наведено дека на тој пост „останал малку“ без никакви определби што се подразбира под тоа. Само во пролошкото Методиево житие е наведен поконкретен податок, а, имено, дека останал таму 10 години[198].

Во литературата и во житијата повеќепати се споменува дека Методиј ги „сака планините“ (манастирите) и дека на неговата животна филозофија најмногу и

194 К. Илиевска,“ Законъ соудныи людьмъ“, Скопје, 2004, стр. 40 .
195 С. Троицки,“Святой Мефодий как славянский законодатель“, Богословские труды сб.II, Московская патриархия, Москва, 1961, стр. 83..
196 Денешна Струмица.
197 Во тоа време Глаголица се уште не постоело, Словените пишувале на словенски со грчка азбука (на исток), и со латинска азбука (во запад).
198 Ibidem.

одговарало да се осами во манастир и да се занимава „со книгите“. Оваа мисла ја искажува и Константин/Кирил во неговата претсмртна порака. Тоа значи дека заминувањето во манастир за него било животна определба. Како што е познато тој отишол во манастирот Полихрон, во Олимп во Мала Азија и таму извесно време бил дури и игумен. Кога на Константин/Кирил му била наложена Хазарската мисија, тој, како помошник или за поддршка го повел со себе и својот постар брат. На истиот начин, подоцна двајцата браќа заминале и за Моравија, по покана од страна на кнезот Растислав, а по сугестија на византискиот император Михаил III. Константин/Кирил и Методиј пристигнале во Моравија на почетокот на 60 години, што значи дека овие настани се случувале 15 – 20 години пред тоа. Се претпоставува дека Методиј бил роден пред или во 815 година, затоа што, според одделни индиректни податоци во житијата, може да се заклучи дека во 845 година тој имал 30 години. Ако во 842 година бил избран за архонт, тој би можел да биде и судија и учител. Соодветно би можел во тоа време да се зафати и со подготовка на одделни законски акти за кои се појавила потреба[199].

На подрачјето на Стримон, кое во тоа време било претежно населено од Словените, за време на извршување на високата државна функција, Методиј го создал и ЗСЛ.

[199] К. Илиевска,“ Законъ соудныи людьмъ“, Скопје, 2004, стр. 19 - 21.

# 4. Целта за донесувањето на Законот за судење на луѓето

Многу квалитативни модификации биле очигледно извршени со цел на афирмација и консолидација на христијанството како новоприфатена официјална религија на тие територии, но и за сузбивање на наследството на паганското обичајно право.

Христијанизацијата на Бугарија била спроведена од страна на кнезот Борис по неговото покрстување во 864 година, со непосредно и активно учество на државната власт. Биле предвидени сурови казни за противниците на христијанската религија и морал, кои можеле да бидат значително намалени или ублажени за оние кои покажувале знаци на каење или докажале дека биле во заблуда.

Оваа комбинација на сурови санкции кон противниците на христијанството, и нивната замена со значително поблага црковна епитимија за оние што се покајуваат, може да се разгледува како начин на борба со приврзаниците на старата вера, односно паганството, кога од една страна се работело за привлекување на народот и стремежот да се заслужи неговата доверба, а од друга страна, се водело сметка противниците на новата религија да бидат строго казнети со што би биле спречени обидите за „непослушност“ и во други случаи[200].

Законодавната постапка за прием на права со модификација во рана словенска држава, придонесува за подобро запознавање со општите правни и историски феномени за создавање на најстар или прв домашен пишан закон во услови на распаѓање на родовско-племенската заедница, градење на државна власт и сузбивање на претходниот обичај и непишаното обичајно право. Интересен е и случајот на приемот, бидејќи очигледно се вршат многу модификации на повратни правни норми очигледно е направено со цел да се потврди и консолидира христијанството како новоприфатена официјална религија на тие територии во втората половина на деветтиот век[201].

ЗСЛ предвидува казнување на паганските одредби, бигамија, откажување од христијанската вера, го зајакнува и го чува правото на азил на црквата, оттука

[200] К. Илиевска,“ Законъ соудныи людьмъ“, Скопје, 2004, стр. 25 .

[201] Б. Поповска,“Државно-правна историја на Македонија VII – XX век“, Скопје, 2010, стр. 39-42.

слободно можеме да кажеме дека ЗСЛ е создаден после прифаќањето на христијанската вера на овие простори, но и после тоа дел од жителите на овие простори се уште верувале во паганската вера и обичај, и затоа биле пропишани казни против паганското верување, а истовремено се засилувало и проширувало христијанството.

Целта за донесувањето на Законот за судење на луѓето е да се зацврсти Христијанството[202], односно ширење на христијанството како нова прифатена религија.

## 4.1. Примање на христијанството

Следниот елемент, којшто го обележал средниот век, било христијанството. Иако, тоа како религија настанало и се развило во стариот век, во рамките на Римската Империја, тоа како идеолошка матрица, а христијанската црква и како основна потпора на феудалниот поредок и најголем феудалец, му дале белег на средниот век. Тоа била онаа институција којашто ја преживеала пропаста на Западното Римско Царство, и од Рим преминала во средниот век, на идеолошки план обединувајќи ја раздробената политичка структура на феудална Европа. Оттука, кога говориме за средниот век, не може, а да не се осврнеме на настанувањето и на карактеристиките на христијанството и на Црквата[203].

Христијанството настанало во I век од н.е. во Палестина како религија на потиснатите и потчинетите слоеви во Римската Империја. Наспроти паганската грчко-римска религија којашто имала политеистички карактер, тоа се засновувало на монотеизмот – верувањето коешто се развило врз основа на проповедите на Евреинот Исус од Назарет, или Исус Христос (од грчки: Christos – помазаниот) според што Исус Христос бил спасителот чиешто доаѓање на Земјата, Бог го најавил уште во Стариот завет. Што се однесува на самиот Исус, податоците за неговиот живот во христијанските извори се многу штури и несигурни[204]. Од другите извори се спомнува

[202] Христијанството е живата врска помеѓу Бога и луѓето кои веруваат и се надеваат во Бога. Христијанската вера и надеж во Бога е сила која не може да ја победи ни пеколот.
[203] Б. Поповска,,,Историја на правото", Скопје, 2017, стр. 96-98.
[204] Л. Радомир: ,,Историја политичких и правних теорија", Београд, 1982, стр.154-155.

во еврејскиот Талмуд, во којштo се говори дека „во предвечерието на прославата на Пасха го обесиле Исус од Назарет... затоа што проповедал волшепство, го заведувал и го разделил Израел".

Исто така, се споменува и во Аналите на Тацит, во коишто кога се говори за палежот на Рим од страна на Нерон се вели дека Нерон ги подметнал како виновници и ги ставил на најтешки маки оние кои биле означени со својата гадост, ако и што простиот народ ги нарекувал христијанин. Името им доаѓало од Христос, којшто, завладеењето на Тиберие бил погубен по наредбата на прокураторот Понтије Пилат[205]". Меѓутоа, христијаните верувале дека Исус воскреснал од мртвите со моќта на Бог, дека наскоро ќе се врати, и дека тогаш ќе настапи Божјото Царство[206].

Инаку, самите проповеди на Исус за Божјото Царство, различно биле сфаќани од неговите слушатели. Така, додека за некои спасението што треба да го донесе Исус било ослободувањето од римската власт, за други, спасение на секој поединец, кој ги прифатил сакраментите, што било особено значајно за посмртниот живот, за трети, тоа било во преобразбата на односите меѓу луѓето, засновани на љубовта кон блискиот, помошта на несреќните и на обесправените, при што секој стремеж за благосостојба, за моќ и за власт ги сметал за беспредметни.

Христијанството како религија, како што рековме, настанало меѓу ниските и обесправените слоеви во Мала Азија, при што првите христијани биле преобратените Евреи од Ерусалим. Притоа, основните прашања со коишто се судриле првите христијани биле:

*прво*: прашањето дали спасението им е наменето само на Евреите или на сите луѓе независно од народноста и од полот; и

*второ:* она, коешто произлегувало оттаму што христијанството се родило меѓу сиромашните и обесправените, дали спасението им е наменето само ним или на сите луѓе независно од општествената положба. Што се однесува на овие прашања, а пред се на првото, значајна била појавата и учењето на Павле од Тарс, во Јужна Турција. Павле бил еден романизиран Евреин кој во почетокот и самиот учествувал во прогоните на христијаните, се до неговото преминување во христијанската вера. За

[205] "Повијест свијета", Загреб, 1990, стр.277-278.
[206] Б. Поповска,,,Историја на правото", Скопје, 2017, стр. 96-97.

Павле, основната порака на христнјанството била дека „Христос умре за нашите гревови, според Писмата, дека Он беше погребан и дека на третиот ден воскресна, според Писмата..[207]“. Тој инсистирал на божественоста на Исус, за кој сметал дека е оној којшто го носи спасението за сите луѓе.

Со ваквите свои ставови Павле го отворил патот, христијанството од еврејска секта да се развие во светска религија достапна и на нееврејските народи и на сите општествени слоеви, а ликот на Исус, од еден од еврејските пророци го претворил во месија. Со тоа тој сосема го намалил значењето на ограниченото учење на ерусалимската општина коешто носело регионални белези, а коешто е познато под називот јудео-христијанство. Павле со својата работа (тој презел три тешки мисионерски патувања во Мала Азијаи и во Европа) успеал да го рашири христијанството надвор од матичната земја, при што во Царството тоа добило голем број привврзаници. Во почетокот на III век се смета дека една шестина од населението во Царството го прифатило христијанството. Исто така, иако тоа се ширело најнапред меѓу сиромашните и обесправените, веќе од ова време (III век) почнало да добива привврзаници и во владејачкиот слој[208].

Од самите почетоци, христијаните биле прогонувани и истребувани, а исклучивоста на христијанските општини кон другите вери, што не му било својствено на античкиот човек, му создавало дополнителни тешкотии[209].

За разлика од другите вери, христијанството се организирало како институција од самите почетоци. Така, првите христијани живееле во цврсто организирани црковни оштини, за да се изгради постепено строга црковна организација заснована на „монархиски структуриран бискупски поредок“. Во него, свештенството се одделило како посебен слој, којшто има божествено потекло, и единствено може да ги чува и толкува верските догми. Исто така, тоа се засновува врз пишани текстови и постоење на догматика заснована на грчкиот дух, што било единствено меѓу тогашните вери. Ова, како и фактот што тоа било достапно на двата државни јазици, дејствувало позитивно во правец на неговото ширење. Паралелно со борбата за легализација и со борбата против другите вери, христијансвото било раскинувано и внатре од борби меѓу

[207] Х.Џ.Блекхо, М.Кренстон, П.Фолкис, С.Х. Хук, Х.Г.Џаџ, М.С.Лори, Д.Мекреи, А.Квинтон, А.Смарт, ‘’Растежот на идеите’’, Култура, Скопје, 1995, стр.70.
[208] Б. Поповска,,,Историја на правото’’, Скопје, 2017, стр.97.
[209] A. Llukani, ‘’Historia e Krishtërimit’’, Tiranë, 2014, fq.53.

различни насоки во утврдувањето на вистинското учење[210].

Покрај споровите внатре но Црквата во врска со утврдувањето на основите на христијанското учење, присутна била и борбата и настојувањето на одделните епископи, како поглавари на одделните црковни општини. Ваквите претензии на епископот на Рим, различните услови кои постоеле во грчкиот и во латинскиот дел од Царството, како и се уште неразрешените спорови во рамките на Црквата, довеле до неколку расцепи, при што во 1054 година дошло до конечен расцеп и поделба на христијанската црква, на западна (римокатолиичка) и источна (православна)[211].

Со ширењето на христијанството на Балканскиот Полуостров, коешто завршило заклучно со IX век[212], оваа вера расцутила и во Македонија.

[210] Б. Поповска,,,Историја на правото'', Скопје, 2017, стр.98.
[211] Ibid.99.
[212] Л. Ковачева,''Погребни обичаи и верување во македонската народна традиција'', Скопје, 2015, стр. 75-76.

## 5. Три члена на ЗСЛ кои немаат содветен образец во Еклогата

Трите члена кои не може да се најдат во Еклогата, што значи не се преведени и земени од тука, се член 1, 2 и 7а. Првиот член на ЗСЛ, јасно се гледа дека е внесен за да ја зацврстува и шири христијанската вера, и истовремено да ја заштити од другите вери и пагански верувања.

ЗСЛ во член 1 пропишува строги казни за вршење на пагански обреди или заклетви, со својата содржина, но и со фактот дека текстот на законот започнува со него, ги рефлектира религиозните околности во областа од каде потекнува. Тоа е секако простор каде христијанството се уште не е длабоко вкоренето, каде паганските верувања и ритуали се живи и се присутни, не само во редовите на обичните луѓе туку и во повисоките социјални слоеви на „господарите" односно старешините на населбите. За обичните луѓе, казната е да ги предадат на Божјиот храм со целиот свој имот, што веројатно значело дека нивниот недвижен имот станувал сопственост на црквата, а тие лично, можеби биле зависни или можеби полунезависни селани од црковниот имот. За припадниците на повисоките слоеви, казната била потешка и посурова: тие се продаваат во ропство заедно со нивниот имот, а добиените пари да им се поделат на сиромашните[213].

Социо-политичката и правната природа на казната изречена на господарите(повисоките социјални слоеви), според текстот на ЗСЛ, е јасна и определена. Таа се сведува на capitis diminutio maxima, до социо-политичката и правната природа на ропството. Господарот, виновен за извршување на пагански обреди и заколнувања, станува роб и ја зазема социо-политичката и правната положба на робот со неговата продажба и продажба на целиот свој имот. Но, политичката и правната природа на казната не е така наложена и на селото и на нејзините жители на тоа дека сите се виновни, што се должи на фактот дека сите или дел од нив вршеле пагански обреди, а другите затоа што дозволиле да се прават пагански обреди и заколнувања. Текстот на законот пропишува, виновниците да се предаваат пред Божјиот храм со целиот свој имот[214].

[213] Д. К. Николић,"Закон судњи људем" - најстарији словенски правни зборник, Ниш, 2016, стр. 21 .
[214] В. Ганев, "Законъ соудный людмъ", Софиа, 1959, стр. 168 .

Во времето на управувањето на Лав III, а особено на Констанин V, по еден долг период на внатрешни превирања и превратри на византискиот двор, а во врска со војните со Арапите и ослабувањето на византиските граници во Мала Азија и губењето на повеќе провинции во тој регион, започнуваат да се шират идеите на исламот и павликијанството. Голема експанзија доживува и иконоборството кое било поттикнато од ширењето на исламот. Ова послужило како импулс за појавата на голем број други еретички правци и движења кои имале различен број на приврзаници и различен степен на распространетост[215].

Како што спомнавме и погоре ЗСЛ е создаден за да се шири христијанската вера во овој регион, тоа е видливо од тоа што овој закон е почнат токму за да ја штити христијанската вера, и да ги казни сите тие што се против неа, со сурови казни, и тоа, со поединечна и со колективна казна.

Членот 2 од законот предвидува поопшт начин, односно за секое судење било потребно учесниците во судската постапка да обезбедат „повеќе сведоци“. Тужителите кои не обезбедуваат сведоци „како што се бара со Божјиот закон“, нека очекуваат иста казна што ја бараат за тужениот[216].

Освен оваа казна за оној што не дава сведоци, е пропишана и верска казна „нека биде проклет“. Содржината на член 2 од ЗСЛ е доста очекувана, логична и објективно социјално оправдана во раната словенска држава од втората половина на IX век или почетокот на XX век со екстремно ниско ниво на писменост и тоа со судови кои се потпирале колку што е можно повеќе на изјави на сведоци[217]. Овој член се вклопува повеќе со Божјиот закон, односно со Библијата и словенското обичајно право.

Во чл. 7а од ЗСЛ се вели: „над сите овие треба кнезот и судијата при секој спор да врши распит со сестрано внимание и трпеливост и да не осудува без сведоци, туку треба да бара вистинољубиви, богобојазливи и угледни сведоци кои немаат никакво непријателство, ниту злоба, ниту омраза, ниту расправа, ниту спор со оној за кого се

[215] К. Илиевска,“ Мазуринска крмчија, јазична анализа“- Стари текстови VI -, Скопје, 1999, стр. 137-151.
[216] Ѓ. Давичиќ; В. С. Караджиќ,“Библија или Свето писмо Старога и Новога завјета“, Београд, 2008, стр. 166.
[217] Д. К. Николић,“Закон судњи људем“ - најстарији словенски правни зборник, Ниш, 2016, стр. 22 .

искажуваат, туку да суди заради страв божји и заради неговата правда[218]. За бројот на сведоци и за другите услови ќе се зборува во делот за судска постапка.

Членот 7а од законот, кој го носи овој број при нумерирање на членовите според В. Ганев, кој, исто така, по логика на нештата треба да биде веднаш зад член 2 од ЗСЛ. Можеби бил во незаштитениот протограф на ЗСЛ. Во подоцнежните преписи на ЗСЛ, сепак, тој се позиционира на различни места: во Новгородскиот ракопис и Варсонофиевска крмчија, е продолжението на членот 2, и е одвоено од претходниот текст на овој напис, не по свој број туку само со наслов „За сведоците“.

Според Троицки во неговата збирка „Мерило“, се наоѓа после член 2, но броен како член 3 и исто така со наслов „За сведоците“; меѓутоа, во Устјушката крмчија, тоа е продолжение на член 7 на ЗСЛ, од кој се одделува само со насловот „За сведоците“. Така и В. Ганев[219] во своите преводи на ЗСЛ од старословенскиот јазик ја следел структурата и редоследот на Устјушката крмчија на ЗСЛ, во нивните преводи овој напис е продолжение на член 7 од ЗСЛ, кои В. Ганев го брои како 7а. Од друга страна, М. Н. Тихомир[220] во неговиот превод на ЗСЛ од старословенскиот јазик ја следел структурата на неговиот текст од Новгородскиот ракопис, така што овој напис е продолжение на член 2 од ЗСЛ, одделен од претходниот текст само со наслов „За сведоците‘‘.

Овој член за сведоците не кореспондира директно со ниту еден член од Еклогата. Троицки[221], го доведува-спроведува во врска со XIX глава од Петтата Мојсеова книга „Повторени закони“ (15-21). За лажно сведочење се определува санкција според талион-talis[222] (да се врати со иста мера) т.е. правото на одмазда „око за око или заб за заб“: очекувајте ја истата казна која за другиот ја барате, (душа за душа, заб за заб, око за око, нога за нога, итн.).

[218] ‘‘Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава‘‘, Скопје, 1981 ,I, стр. 54-61.
[219] В. Ганев, ‘‘Законъ соудный людмъ‘‘, Софиа, 1959, стр. 297-310 .
[220] М. Н. Тихомиров & Л. В. Милов,‘‘ Закон Судныи людем краткои редакции‘‘, Москва, 1961, стр. 49-104.
[221] С. Троицки,‘‘Св. Мефодий как автор – Закона судного людЬям ‘‘, ИНИ, Скопје, 1970, стр. 86 .
[222] A. Ernout, A. Meillet, ”Dictionnaire etymologique de la langue latine”- Histoire des mots-, Парис, 1967, стр. 674 .

В. Ганев дури се сомнева дека овој напис бил дел од оригиналниот текст на ЗСЛ. Во однос на стилот, граматичката конструкција, но и деталните објаснувања, се разликува од другите делови на ЗСЛ. Текстот и стилот на овој текст се фундаментално различни од формулацијата и стилот од другиот текст од членовите од овој закон и се открива ракописот на компајлерот или коментаторот[223].

Тргнувајќи од тоа дека оргиналниот ракопис на ЗСЛ не е зачуван, можеме слободно да заклучиме дека членот 7а од ЗСЛ со својата содржина би требало да биде рангиран веднаш под член 2 од ЗСЛ, и тоа под нов наслов „за сведоците“.

[223] В. Ганев, ‘‘Законъ соудный людмъ‘‘, Софиа, 1959, стр. 309 .

## 6. Соодносите на ЗСЛ со одговорите на папата Никола I

Законот за судење на луѓето има тесна врска со одговорите на папата Никола I *(Responsa Papae Nikolai I),* и нормално дека тука се зборува за актуелноста на третираните прашања.

Во дванаесет членови(глави) според кратката редакција, можат да се најдат врски во разгледуваните прашања на папата Никола I , на пр. гл. I – за санкционирање кон јазичниците (одговор 41 и 102); гл. II – за учеството на сведоците во процесите и за казнување на клеветниците (одговори 86 и 84); гл. III – за војниот плен и неговата делба (одговор 35 и 38); гл. VII – кума и прељуба (одговори 2 и 28); гл. VIIа – за сведоците (одговор 86 и 84); гл. XII – санкционирање на родосквернители (одговор 29); гл. XIII – санкционирање на двобрачност (одговор 51); гл. XVI – право на азил (одговор 95), гл. XXI– санкционирање на војниците што се откажале од христијанската вера (одговор 18, генерално); гл. XXVI –санкционирање на оние што крадат туѓо стадо (одговор 31, за животни воопшто); гл. XXIX – санкционирање на оние што крадат слободни луѓе (одговор 32); гл. XXXа – основи по кои еден брак може да се разведе (одговор 96)[224].

Привrзаниците на бугарската теорија за потеклото на ЗСЛ, сврзани за гореспоменатите прашања, велат дека ЗСЛ е создаден во Бугарија. Навидум се работи за силен доказ: близу една третина од членовите можат да се доведат во врска со постар документ создаден за тој терен, и дури поконкретно, документ со територијално ограничена сфера на распространетост. Но, овде (во Толкувањата) се разгледуваат сите тие членови одделно и сосема јасно се гледа дека најголем број од нив водат потекло од шестиот век, седмиот век, или порано, се среќаваат исто така и во голем број други правни акти од најразлична провениенција, а пошироко погледнато, повеќето од овие престапи се наоѓаат и меѓу најчесто среќаваните до наши дни: клеветење, прељуба, родоскврнавење, двобрачност, крадење или уништување на туѓ имот; разводи и сл., како и правото на азил, кое во нашите современи услови добива главно политичка конотација. Со други зборови, во повеќето случаи се работи за престапи сврзани со имотот и со брачните односи/проблеми кои во сите времиња и

[224] В. Ганев, “Законъ соудный людмъ“, Софиа, 1959, стр. 101.

општества, кај сите народи и цивилизации најчесто се среќаваат. Единствен исклучок гледаме кај членовите тоа се однесуваат на јазичниците и на нарушителите на христијанската вера, прашања кои во словенскиот и воопшто во христијанскиот свет биле актуелни во основа само во периодот по покрстувањето[225].

Затоа ова не може да се сврзе со потеклото на ЗСЛ дека е создаден во Бугарија, дека очигледно на кнезот Борис и на другите околу него, не им биле познати правните акти кои се наоѓале во ЗСЛ, и нормално дека побарале толкување на истите, и откако не добиле одговори од Цариград, тие побарале од стариот Рим, оваа покажува дека овој законик ЗСЛ не бил создаден во Бугарија, ако бил тие не ќе барале помош за толкување.

[225] Илиевска,“ Законъ соудныи людьмъ“, Скопје, 2004, стр. 31.

## 7. Содржината на ЗСЛ

Овој закон ЗСЛ содржи претежно казнено право, но постојат и одредби од приватното и процесното право. Оригиналниот ракопис на овој документ не е зачуван.

Овај тип зборник е Византиски кој бил познат под името „номоканон“, а во средниот век во Србија под името „прописливо“. За најстари и најблиски извори кои се зачувани од текстот на Законот за судење на луѓето од триесет и двата (32) члена се смета преписот од Новгородската крмчија од 1280 или 1282 година, односно најстариот датиран ракопис, и Устјушко крштевање од XIII век (т.н. Румјанцевски ракопис)[226].

Што се однесува на содржината на ЗСЛ, дел од одредбите претставуваат буквален превод на византиската ЕК, најголемиот дел се преработка на ЕК, додека неколку не можат да се најдат во оригнналот. Инаку, најголем дел од одредбите се однесуваат на казненото право, при што со преработките: прво, се заменуваат кај тешките кривични дела казните на сакатење (сечење нос или ослепување), со ропство; и второ, покрај световните казни пропишани во Еклогата се предвидуваат и црковни казни какви што се долгите постови и јавното покајување[227].

ЗСЛ, што се однесува на примената, бил раширен во средновековна Македонија под византиска и под бугарска власт, како и во Самуиловата држава, поаѓајќи од ставот на Василие II, веќе порано цитиран, таа „да се управува со своите работи од сопствени управници и обичаи како што било за времето на Самуил“. Исто така, ЗСЛ бил широко применуван и во средновековна Бугарија, како и во Русија, каде што бил усвоен најдоцна до 1280 година, каде што станал дел од Номоканонот што го користела Руската црква и којшто се задржал се до денес[228]. Впрочем, и сите ракописи на ЗСЛ, преку коишто тој се сочувал, потекнуваат од Русија.

ЗСЛ претставува казуистичен правен текст којшто регулира определени конкретни случаи од определени правни области без намера за целосно решавање на правните проблеми од односните области на еден систематски начин, или со други

[226] В. Ганев, ‘’Законъ соудный людмъ‘’, София, 1959, стр. 23 - 38.
[227] Б. Поповска,‘’Државно-правна историја на Македонија VII – XX век‘’, Скопје, 2010, стр. 40.
[228] Д. Оболенски,‘’Византиски комонвелт – Источна Европа 500-1453‘’, Скопје, 2002, стр. 323.

зборови „... тоа е дело на едно уште првобитно сознание, коешто се движи се уште истражувајќи, коешто се движи од конкретен кон конкретен случај и коешто низ уредувањето на одделни конкретни случаи се бара себе си[229].

Што се однесува на казните, ЗСЛ предвидува низа различни видови казни коишто може да се групираат во две групи: казни според световниот закон и казни според црковниот закон. Двете групи на казни ЗСЛ ги пропишува алтернативно за одделни кривични дела, со тоа што чести се случаите и на нивно кумулативно пропишување, ЗСЛ ги предвидува следните видови казни[230]:

-смртна казна – којашто се состои во запалување на сторителот или негово сосечување со меч;

-казни на телесно сакатење – коишто се состојат главно во отсечување на носот; казната тепање;

-казната иселување;

-паричната казна или глобата во натура; казната продажба на обвинетиот, на него лично или заедно со сиот свој имот;

-казната разделување на сопрузите; и

-казната губење на статусот на слободен човек, односно префрлање во ропство.

Овие се сите видови казни по световниот закон коишто ги пропишува ЗСЛ. Што се однесува на казните според црковниот закон, ЗСЛ ја пропишува казната пост во траење од определено време, зависно од тежината на стореното дело. Овде треба да напоменеме дека и со пропишувањето казни по црковниот закон, ЗСЛ се разликува од византиската Еклога во којашто на ниедно место не е пропишана црковно-религиозна казна[231].

Покрај одредби од кривично-правната област, ЗСЛ содржи правни одредби и од областа на процесното право. Така, пред се, во глава 2 е содржан еден многу значаен процесно-правен принцип со којшто се забранува управникот на областа и судијата да примаат обвиненија „без многу сведоци'', односно да го разгледуваат предметот „без

[229] В. Ганев,“ Законъ соудный людьмъ“,София, 1959, стр. 113.
[230] Ibidem.
[231] Б. Поповска,“Државно-правна историја на Македонија VII – XX век“, Скопје, 2010, стр. 44 .

многу сведоци", како и обврската на тужителите и доушниците своите тврдења да ги докажуваат „со сведоци под клетва''. Овде се прави, впрочем, чекор напред во утврдувањето на материјалната вистина при разгледувањето на судските дела и многу веројатно се сака да се надмине самопризнанието како највисоко доказно средство во средновековното право, воопшто, и начините на неговото изнудување[232].

Ова барање е повторено и во главата 7 а) и во гл. 33 од ЗСЛ. Во главата 7 а) на сведоците како на доказно средство им се посветува повеќе внимание при што се регулира прашањето за тоа кој може, односно не може да биде сведок, како и прашањето за бројот на сведоците при судењето по одделни дела за да се смета тужбеното барање докажано. Најнапред се задолжуваат кнезот на областа и судијата, во секој спор да вршат „распит со сестрано внимание и трпеливост'' и да не осудуваат без сведоци.

Сведоците треба да бидат, според ЗСЛ, вистинољубиви, богобојазливи, угледни и да немаат никакво непријателство, злоба, омраза, ниту расправа или спор со оној за којшто се искажуваат. За сведоци не можат да бидат земени оние на кои што им било докажано дека лажат и го престапуваат божјиот закон, оние кои што водат развратен живот и оние кои што се нерасудливи. Инаку бројот на сведоците треба да биде единаесет или повеќе, со исклучок на помалите спорови кај кои што може да бидат од седум до три сведока.

Одредбите на глава 7 (а) се дополнети во глава 20 и глава 22. Во глава 20 се пропишува дека сведоци не можат да бидат родителите за децата и обратно, како и робот или ослободеникот за својот господар. Во глава 22, пак, се забранува земањето предвид на сведочењето по чуено, па дури ако како сведоци се јават жупаните[233].

Военото право е уредено во глава 3 од ЗСЛ, при што се уредува единствено поделбата на воениот плен. Она што е интересно е што од оваа глава се добиваат податоци коишто се однесуваат на самата воена организација на чиешто чело стои кнезот, потоа војводата, па жупаните, под нив доаѓаат кметовите и најпосле обичните војници.

[232] Ibidem.
[233] Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија VII – XX век", Скопје, 2013, стр. 45 .

Дел од одредбите на ЗСЛ се однесуваат на регулирањето на материјата на приватното право, при што како и во погорните случаи регулирањето е казуистично и се регулираат само одделни прашања од оваа правна област. Така, тука се регулирани следните прашања: прашањето за ослободувањето на роб, засегнато од глава 21; прашањето за одговорност во случај на наем на коњ, засегнато во гл. 24; прашањето за одговорноста на сопственикот на роб што краде, засегнато во гл. 27; прашањето за одговорноста на оној кој што примамува или крие туѓ роб, засегнато во г. 32; и прашањата од областа на брачното и семејното право, уредени во гл.33. Како што е погоре кажано, гл. 21 го регулира прашањето за ослободувањето на заробеникот – робот[234].

Според ЗСЛ предвидена е можноста робот да ја добие својата слобода со плаќање на износот даден за него или преку одработување на договорениот износ. Гл. 21 предвидува при склучувањето на договорот присуство на сведоци и ја определува цената на три златници за година. Овде значи, се пропишува и цената како битен елемент на договорот за работа, како и формата на договорот со барањето за задолжително присуство на сведоци[235].

Гл. 24 го регулира прашањето за обесштетувањето на сопственикот, кај договорот за наем на коњ. Во случај кога до штетата (повреда или ако коњот умрел) дошло случајно или поради виша сила ЗСЛ бара само надоместување на настанатата штета.

Гл. 27, пак, дава алтернативна можност на господарот на робот што краде, или да го задржи и на оштетениот да му ја надомести штетата или да му го предаде самиот роб во ропство. Од овде, како и од други глави на ЗСЛ јасно се гледа положбата на робот во средновековна Македонија како објект на правото. Во оваа насока особено е интересна гл. 32 во којашто е регулирано присвојувањето на туѓ роб, при што, при неможност да се врати истиот се пропишува враќањето на друг таков роб или на неговата противвредност, на господарот[236].

Гл. 33 го регулира прашањето за карактерот на причините за развод на бракот, како и за постапката за развод. Во согласност со црковно-христијанското сфаќање на

---

[234] Ibidem.
[235] Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија VII – XX век", Скопје, 2010, стр. 45-46.
[236] Ibidem.

брачната врска како „создадена од Бога", најнапред ЗСЛ ја прогласува начелно нејзината нераскинливост, за потоа, сепак да го дозволи разводот на бракот, како од мажот така и од страна на жената, поради следните причини: прељубата, ако некој од сопружниците готви заговор против неговиот/нејзиниот живот, ако разбере друго лошо против другиот, но не му кажува и ако се разболи од лепра. Исто така, жената, покрај овие причини, може да се раздели од мажот и ако едниот од нив го фати лоша болест[237].

Како што кажавме погоре, најголем број од одредбите на ЗСЛ се од областа на кривичното право, при што ЗСЛ не решава општи проблеми и поими од кривично-правната материја, туку само определени конкретни случаи. Исклучок претставува уредувањето на прашањето за степенот на вината, односно ЗСЛ прави разлика меѓу умислата и небрежноста и нивните меѓусебни односи, како и односите меѓу грубата и обична небрежност, или отсуството на вина поради случаен настан или виша сила. Така, овие прашања се засегнати во глава 17 од ЗСЛ, којшто ги регулира случаите на опожарување на куќа во град или во село и опожарување на туѓи ниви и лозја. Според одредбите на оваа глава, оној којшто поради непријателство или грабеж опожарува куќи во град или село се казнува со смртна казна, при што законодавецот поаѓа во овој случај од постоењето на умисла во извршувањето на делото[238].

Во случај, пак, ако некој сака да изгори трње или стрниште на својата нива и ако огнот се рашири на туѓа нива или лозје и ги запали, ако тоа го сторил поради незнаење или непромисленост, ЗСЛ со оглед на отсуството на умислата и небрежноста бара само обесштетување на оштетената страна.

Исто така, ЗСЛ го предвидува и случајот на опожарување на туѓа нива или лозје на ветровит ден, при што ако сторителот не бил претпазлив мислејќи дека огнот нема да се прошири, или пак го мрзело, а можел да го спречи тоа, поаѓајќи од различните степени на небрежност, обичната, како и грубата, ЗСЛ ги пропишува како казна обесштетувањето и физичкото казнување на сторителот. Во случај, пак, на виша сила (молња, грмотевица) како резултат на што дошло до опожарување на нивата или лозјето на соседот, а сторителот презел се што е потребно да го спречи тоа и луњата

[237] Ibid. 46 .
[238] Ibidem.

избувнала неочекувано, ЗСЛ не пропишува казна имајќи го предвид отсуството на вина од страната на сторителот[239].

Текстот на ЗСЛ пропишува повеќе видови кривични дела, притоа, како што е погоре спомнато, правните одредби се однесуваат на определени конкретни случаи, без да се дефинира битието на одделните видови кривични дела и без намера да се даде еден целосен кривично-правен текст (на пример убиство не е уредено со одредбите на ЗСЛ). Инаку, предвидените кривични дела можат да се групираат во следните категории: религиозни престапи; престапи против јавниот морал; престапи против општествената сигурност; престап против правото на азил во црквата; престап против судството; уништување на туѓ имот; кражба на специфични предмети, и тоа: кражба на оружје или коњ за време на војна, кражба на стадо, кражба на облека и други ствари од гробовите, кражба на црковни предмети од олтарот или од останатиот дел на црквата; престапи против личноста; и присвојувањето на туѓ роб[240].

## 7.1. Религиозните престапи

Религиозните престапи се регулирани во глава 1 и во глава 23 од ЗСЛ. Во глава 1 како таков престап е предвидено вршењето на пагански жртви и заколнувања (Според обичајното право до IX век се вршело убивање(колење) на стари луѓе, во народната традиција, како една од причините за убивање на старите луѓе се наведува нивниот долг живот.

Поради нивната старост, изнемоштеноста и неспособност за работа, тие претставувале товар за младите. Со намера младите да ги ослободат старите од таа мака, ги испраќале на „оној свет". Според преданијата, старите лица биле убивани кога ќе преминеле 50 – 60 години старост, бидејќи се сметало дека „човекот толку вреди", или „готов е за секирче"; Со ширењето на христијанството на Балканскиот Полуостров, кое завршило заклучно со IX век, наместо старите пагански, се вовеле нови, христијански основи на народната култура и религиозност[241]).

[239] Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија VII – XX век", Скопје, 2013, стр. 41 - 42.
[240] Ibidem.
[241] Л. Ковачева,"Погребни обичаи и верување во македонската народна традиција", Скопје, 2015, стр. 75-76.

При тоа, како извршител на она кривично дело можат да се јават селаните и господарите на селото, меѓутоа, се пропишува казнување и на целото село, односно, колективна одговорност на сите селани во случаите ако некој од нив ги врши овие дејствија. Во глава 23 е регулирано како кривично дело откажувањето од христијанството. Притоа, како сторители можат да се јават само војниците[242].

## 7.2. Престапите против јавниот морал

Престапите против јавниот морал ги има повеќе во текстот на ЗСЛ и со нив се штитат нормите на христијанско-црковниот морал и институцијата на моногамниот брак.

### 7.2.1. Престап, неверството на женет маж со робинка

Тука најнапред, во глава 4, е предвидено како престап, неверството на женет маж со робинка. Притоа, овде, не само што се штити институцијата на бракот туку истовремено се санкционира и сталешката подвоеност на средновековното општество. Во глава 4 на Законот за судење на луѓето се пропишува односот на виновник со неговиот роб „ако некој покрај неговата сопруга има врска со робинка“.

Сличен престап предвидува глава 6, каде што се забранува врскатана маж со туѓа робинка. Тука не се повредува, според ЗСЛ, само црковниот морал, туку и сопственичките овластувања на господарот на робинката[243], кој предвидува казна, виновникот да му плати на господарот на робинката 30 златници. Самиот да се подложи на седумгодишното каење, и покрај тоа, за робинката-блудница овде не е предвидена никаква казна, ќе се постапува според обичајното право.

[242] Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија VII – XX век", Скопје, 2010, стр. 42.
[243] Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија VII – XX век", Скопје, 2010, стр.39 - 43.

Во двете глави 4 и 6 на Законот за судење на луѓето, предвиден е идентичен епитет, пост од 7(седум) години каење од канонот 59 на Свети Василиј Велики, за виновникот[244].

### 7.2.2. Обљуба со калуѓерка

Во глава 7 се пропишува како кривично дело врската со калуѓерка, дело коешто е спротивно на црковните канони, иако за калуѓерката не е пропишана никаква казна.

Според Законот за судење на луѓето, кој блудствува со калуѓерка, по световниот закон му се отсекува носот, а по црковниот закон му се определува каење од 15 години[245].

### 7.2.3. Бракот меѓу духовните сродници

ЗСЛ го предвидува бракот меѓу духовните сродници. Така, во глава 8 и глава 9 се забранува склучување на брак меѓу мајката на кумчето и кумот, како и меѓу кумот и неговата крстеница. ЗСЛ е многу јасен: Роднина кој ќе стапи во брак со роднини по крв, да отстапи од него. Законот за судење на луѓето јасно го има на ум бракот официјално склучен во црква, но не и други форми на привремен или постојан соживот. Предмет на оваа дело може да бидат сите роднини по крв. Правилата на Законот за судење на луѓето се идентични со оние на Еклогата, како што за разводот, е отсекување на носот на двајцата, а по црковниот закон нека се разведат и нека се подложат на каење од 15 години. Исто така, глава 9 како престап ја пропишува врската меѓу маж и мажена жена. Во последниот случај, како што е погоре кажано, се штити институцијата на бракот[246].

[244] А. Јевтић,''Свештено канони цркве'', Beograd, 2005, стр. 484.
[245] Н. Милаш,''Православно црквено право'', Мостар, 1902.
[246] Б. Поповска,''Државно-правна историја на Македонија VII – XX век'', Скопје, 2010, стр.42-43.

## 7.2.4.Престап, заведување на девојка без согласност на нејзините родители

Во глава 10, пропишан како престап е заведувањето на девојка без согласност на нејзините родители. Овде се работи за заштитата на црковно-религиозните сфаќања за честа на девојката, при што битен елемент претставува волјата на родителите, што ни сведочи и за положбата и местото, како и зависната улога на немажената жена. Законот за судење на луѓето не прави никаква разлика дали сексуалниот однос се случува со согласност на двете страни, ниту дека првиот сексуален однос може да бил принуден, или пак односите да продолжат со добраволја. Виновникот ќе се казни, со намалување на имотот: ако е почитуван поради своето богатство, да му даде на девојката кило злато, т.е 72 златника, или ако се договорат помалку – треба на девојката да ѝ предадат половина од својот имот. Ако тој не поседува имот, Законот за судење на луѓето пропишува да се казни со тепање и да се протера од земјата. Уредниците на Законот за судење на луѓето донесле одлука, дека виновникот треба да се казни со 7 години каење, според членот 59 на Свети Василиј Велики[247].

## 7.2.5. Силување на негибната девојка

Ова кривично дело е наведено во глава 11 на Законот за судење на луѓето кои е составен од овие елементи: „Пусто место, каде не постои можност да и се помогне на негибната девојка, обљуба на невина девојка, со употреба на сила за време на сексуалниот однос.“ Оваа глава пропишува казна: „виновникот да се продаде заедно со целиот имот и сите тие пари да ѝ се дадат на силуваната девојка[248].“

## 7.2.6. Силување на незрела девојка

Ова е кривично дело од глава 12 од Законот за судење на луѓето, е суштински сличен на криминалниот дел од претходната глава 11 од Законот за судење на луѓето, а

[247] М. Андрев, Д. Ангелов,”Историк на балканската феодална држава и право”, Софиа, 1972, стр. 245.
[248] Д. К. Николић,“Закон судњи људем“ - најстарији словенски правни зборник, Ниш, 2016, стр. 47.

се разликува од него по тоа што не обезбедува место на извршување, но дефинира возраст на жртвите на силување. Возраста на жртвите на силување во Законот за судење на луѓето одредува дека малолетник е: „помала од 20 години“. Оваа глава пропишува казна: „виновникот да се продаде заедно со целиот имот и сите тие пари да ѝ се дадат на силуваната личност[249].

## 7.2.7. Бигамија

Оваа кривично дело е пропишано во глава 15 од ЗСЛ, и го забранува двоженството и го штити моногамниот брак[250].

Бигамијата и полигамијата, најверојатно биле дозволени кај владителите на Словените, како симбол на нивната моќ, а во некои случаи и како нивна привилегија. Според М. Андреев, не може да се сомнева дека бигамијата, а веројатно и полигамијата, биле дозволени во паганска Бугарија и дека принцот Борис го поставил тоа прашање до папата Николај I, како што може да се види од одговорот 51 на папата (прашувате дали е дозволено да се има две жени во исто време[251]).

Санкцијата за бигамијата во ЗСЛ е бркање (заедно со нејзините деца) другата (втората) сопруга, значи онаа сопруга која стапила во брак подоцна. За бигамијата во ЗСЛ е пропишан и епитетот со каење од 7 години, според канонот 59 од свети Василиј Велики[252].

[249] Ibidem
[250] Б. Поповска,“Државно-правна историја на Македонија VII – XX век“, Скопје, 2010, стр. 43.
[251] М. Андреев,”Блгарското обичаино право, правно-историческо проучване” , Софиа, 1979, стр. 93.
[252] Д. К. Николић,“Закон судњи људем“ - најстарији словенски правни зборник, Ниш, 2016, стр. 55-56.

## 7.3. Престапите против општествената сигурност

Престапите против општествената сигурност се предвидени во глава 16 и глава 17 од ЗСЛ. Во глава 16  како кривично дело се пропишува палежот на туѓа шума или сечењето на дрва од неа. Во глава 17 се предвидени повеќе варијанти на опожарување, при што, како што е понапред спомнато, се врши степенување на вината, од умислата, грубата небрежност, обичната небрежност или отсуство на вина поради случаен настан или виша сила. Така, се предвидени следните случаи[253]:

-палеж на куќи во град, село или посед поради непријателство или заради грабеж;

-палеж на туѓа нива или лозје од незнаење или непромисленост, или пак од непретпазливост или леност, или доколку до настанот дошло поради неочекувана и непредвидлива случка[254].

Од четирите модалитети на палежот, член 15 (глава 17) од Законот за судење на луѓето  предвидува  дека само првиот треба да се казни – кога ќе направи злодело да запали туѓа куќа со намера „заради некое непријателство или грабеж на имот". Предизвикувачка причина за пожар што се шири на туѓо поле или друго лозје не вклучува кривична санкција, но може да доведе до обврска да се компензира причинетата штета.

За предизвикан пожар поради голема небрежност, сторителот може да се осуди (иако ЗСЛ не ја определува казната), а за вината може и да се ослободи. Ако штетата се создаде „од  гром", така што огонот се прошири во соседните објекти, нема кривично дело. За првиот модалитет на палење (спалување куќа заради непријателство или грабеж на имот) е пропишано смртната казна (единствена во целиот Закон за судење на луѓето); за пожар предизвикан во градот, се врши осуда со горење на виновникот, а за пожар во село, виновникот да се исече со меч[255].

[253] Ibidem.

[254] Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија VII – XX век", Скопје, 2010, стр. 43.

[255] Д. К. Николић,"Закон судњи људем" - најстарији словенски правни зборник, Ниш, 2016, стр. 38-39.

## 7.4. Престапот против правото на азил во црквата

Правото на азил во црква е дефинирано во чл. 16 (глава 18) на Законот за судење на луѓето. Субјектот на ова кривично дело се одбележува во Законот за судење на луѓето со зборовите „никој со сила (да не го изведува) оној што прибегнува во црква“. Затоа, за сторител може да биде претставник на државната власт и свештеник и приватно лице обвинет за нешто (на пример, одмазда). Правото на азил во црквата не е ограничено со време, во Законот за судење на луѓето се претпоставува дека ќе биде привремено, бидејќи користењето на овој закон, барателите на азил не се секогаш заштитени од претставниците на државната власт, а не од приватни лица кои го бараат за нешто[256].

Бегалец по Законот за судење на луѓето должен е да се исповеда на свештеникот за сите работи што се случиле ( за својата вина) и зошто бара азил, а потоа се става под заштита на црквата. Правото на азил во црквата не го ограничува или укинува правото на претставниците на државните органи да го испитаат приемот, ниту пак да го укинат правниот лек за кој самиот доброволно може да ја напушти територијата под црковна јурисдикција. Силна правна заштита на институцијата на азил во Црквата во Законот за судење на луѓето, мора да се сфати во поширок контекст на напорите на уредниците да биде силна заштита на правата на азил во црквата и ограничување на крвната одмазда[257].

Според тоа, казната за виновникот е исклучително строга: 140 удари поврзани со рани по целото тело, а потоа казната со опасност по живот на некој начин, и е маскирана форма на смртна казна која го нарушува правото на азил во црквата (кога некој со сила се обидува да го изведе пребеганото лице од црквата).

[256] Ibidem.
[257] Д. К. Николиħ,“Закон судњи људем“ - најстарији словенски правни зборник, Ниш, 2016, стр. 56-58.

## 7.5. Престапи за судството

Престапот против судството е предвиден во глава 19 од ЗСЛ. Се работи за самоволно намирување на правдата од оштетеното лице без да се обрати на надлежните државни органи и да го почека нивното решение и извршувањето на истото[258].

На делата против правосудството, како што се третира ваквиот престап, им се одделувало големо внимание уште во римското законодавство, затоа што токму преку тие дела се остварувало потиснувањето на обичајните правила и се наметнувало јавно-правниот карактер на судењето и казнувањето. Ваквите дела на самовластие и самосуд добиле уште поголемо значање во XIII и XIV век. Според Душановиот законик за такво дело се плаќала глоба со седумкратен износ од наплатеното побарување или предизвиканата штета[259].

Иако, зборува за сведоци, ЗСЛ нив ги споменува во гл. 2 според која: „При секој спор, тужба или пријава прилега кнезот и судијата да не прима обвинување без многу сведоци, туку треба да им рече на странките, тужителите и доушниците: доколку не докажете со сведоци под клетва, како што заповеда божјиот закон, очекувајте иста казна што ја барате за друг. Сепак ЗСЛ во гл. 2 ја отфрла примитивноста на средновековниот процес по однос на признанието како доказно средство и ги задолжува кнезот и судијата да не примаат обвинување без многу сведоци.[260]

Што се однесува на прашањето кој може да биде сведок во постапката, Еклогата и ЗСЛ постапуваат на различен начин. ЗСЛ, во однос на сведоците бара тие да бидат „вистинољубиви, богобојазливи и угледни“, кои ќе судат „заради страв божји и заради неговата правда“. Исто така, при поголемите спорови ЗСЛ бара „11 сведоци и повеќе“, а во помалите спорови од 7 до 3 сведоци, според ЗСЛ не можат да бидат оние на коишто некогаш им било докажано дека лажат и дека го престапуваат божјиот закон, оние што водат развратен живот или оние кои се нерасудливи. Исто така, и според Еклогата и според ЗСЛ, не можат да сведочат родителите и децата едни против други,

---

[258] Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија VII – XX век", Скопје, 2010, стр. 43.
[259] В. Камбовски,,,Средновековното обичајно казнено право и казненото право до илинденскиот период,, Скопје, 2000, стр. 468.
[260] Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија VII-XX век", Скопје, 2013, стр. 104 .

како и робот или ослободениот, ниту за против својот господар. Не можат да бидат сведоци и оние коишто, само чуле за самата работа[261].

## 7.6. Престапи коишто се состојат во уништувањето на туѓ имот

Престапите коишто се состојат во уништувањето на туѓ имотсе предвидени во глава 25 во којашто се регулирани случаите на затворање на туѓ добиток и негово уништување со глад или на друг начин[262].

## 7.7. Престапите на кражбата

Престапите на кражбата се пропишани во неколку глави на ЗСЛ. Така, во глава 26 е регулирано прашањето за кражба на оружје или коњ во време на војна. Во седмата глава (27) е регулирано прашањето за однесувањето на господарот во случај на кражба од страна на негов роб. Во главата 28, пак, предвиден е случајот на одведување на туѓо стадо, при што се предвидуваат различни казни во случај на повторно (по втор и третпат) извршување на ова кривично дело. Главата 29 ја инкриминира кражбата на мртвите во гроб, додека глава 30 ја предвидува кражбата од олтарот, како и кражбата од другите делови на црквата и различно ги казнува[263].

### 7.7.1. Кражба во војна

„Кој краде оружје во војска, нека биде тепан, а ако е украден коњ, крадецот да се продаде“, се вели во чл. 24 (глава 26) во Законот за судење на луѓето. Овде, уредниците на ЗСЛ, како и во многу други случаи, го замениле казнувањето со осакатување од Еклогата, со казната за продажба на виновникот во ропство[264].

261 Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија VII-XX век“, Скопје, 2010, стр. 105 .
262 Ibid. 43.
263 Ibid. 44.
264 Д. К. Николић,"Закон судњи људем" - најстарији словенски правни зборник, Ниш, 2016, стр. 40.

### 7.7.2. Кражба на стада

Делото на ова кривично дело е упатено во чл. 26 (глава 28) на Законот за судење на луѓето, кои се состои во прекинување, односно отстранување на другото стадо. Според овој член виновникот треба да врати на сопственикот се што му зел од стадото. Во овој член на законот се пропишани различни казни, и тоа: „Кога за прв-пат ќе се изврши ова дело, ќе биде казнет со тепање, ако му е вторпат, нека биде протеран од земјата; ако му е третпат, нека биде казнет со продажба, но дури откако ќе врати се што има украдено-отерано[265].“

### 7.7.3. Кражба на гробови

Законот за судење на луѓето само ја санкционира кражбата на облека од телото на покојните од гробовите (мртвите во гроб ги соблекува), и пропишува виновникот да се предаде во ропство, а според Еклогата, да му се отсече раката. Оваа е пишано во глава 29 од ЗСЛ.

### 7.7.4. Кражба во црква

Во чл. 28 (глава 30) на Законот за судење на луѓето, се зборува за кражбата на олтарот или кражбата надвор од олтарот на црквата. За крадење од олтарот на црквата, виновникот се предава во ропство.

За кражба надвор од олтарот на црквата, Законот за судење на луѓето пропишува казна, виновникот да се тепа и да се ошиша, и да се пушти и нека талка по земјата како нечесник(ѓавол). Во врска со оваа кражба надвор од олтарот, В. Ганев верува дека виновникот не е оставен како слободен скитник на земјата, но дека „локалните административни власти, со казната не му давале мир, тие го принудувале да оди од едно место на друго место додека трае казната[266].

[265] Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија,, - Извори-, Скопје, 2005, стр. 49 - 50.
[266] Д. К. Николић,"Закон судњи људем" - најстарији словенски правни зборник, Ниш, 2016, стр. 42.

## 7.8. Престапите против личноста и нејзиниот личен статус

Престапите против личноста и нејзиниот личен статус ги пропишува член 29 од ЗСЛ, којшто ја предвидува кражбата на слободен човек и неговото поробување.

Ова е кривично дело, според чл. 29 (глава 31) на Законот за судење на луѓето. Да се продаде слободен човек како роб, по својата природа значи дека ќе треба да се прекиднапира или да е лишен од слобода, како казниво дело се предвидува чување како роб, слободен човек . Впрочем, ова може да се види преку чл. 29 во Законот за судење на луѓето, што имплицитно значи дека самите уредници на овој закон имале на ум дека сторителот на ова дело може да биде слободен човек кој има деловна способност. Законот за судење на луѓето го осудува виновникот со казна да се продаде во ропство, но не е експлицитно наведено чиј роб ќе стане. Претпоставуваме дека уредниците на Законот за судење на луѓето мислеле дека треба да стане роб на жртвата[267].

[267] В. Ганев, "Законъ соудный людмъ", Софиа, 1959, стр. 118 - 119 .

## 7.9. Престапот на присвојување на туѓ роб

Најпосле, глава 32 го пропишува престапот на присвојување на туѓ роб којшто не може да биде вратен. Со оглед на тоа што во овој случај казната е надомест со друг таков роб или враќање на противвредноста, што значи дека казна нема, ова дејствие, впрочем, тешко може да се смета како кривично дело.

За присвојување на туѓ роб според чл. 30 (глава 32) на Законот за судење на луѓето, нема кривична санкција, туку само обврска да се компензира причинетата штета: оној што го присвојува робот на другиот „може да го сокрие робот, и постои можност да не го врати истиот, тогаш виновникот е должен да ја плати (компензира штетата), според В. Ганев тој смета дека уредниците при формулирање на чл. 30 од ЗСЛ несвесно направиле пропуст во предвидувањето на последниот став, аналогно на членот на ЕК кој гласи: „треба на неговиот власник да му се даде уште еден роб, или да ја плати неговата-нејзината цена[268].“

## 7.10. Поделбата на воениот плен

Военото право е уредено во глава 3 од ЗСЛ, при што се уредува единствено поделбата на воениот плен. Она што е интересно е што од оваа глава се добиваат податоци коишто се однесуваат на самата воена организација на чиешто чело стои кнезот, потоа војводата, па жупаните, под нив доаѓаат кметовите и најпосле обичните војници[269].

[268] В. Ганев,“ Законъ соудный людьмъ“,София, 1959, стр. 562 .
[269] Б. Поповска,“Државно-правна историја на Македонија VII – XX век“, Скопје, 2010, стр. 44.

## 7.11. Ослободувањето на роб

Член 19 (глава 21) на Законот за судење на луѓето ги утврдува правата и обврските кои произлегуваат од процесот на купување на слободни луѓе заробени. Купување на роб во суштина се состои од фактот дека им се купува слободата, односно, се преминува од состојба на ропство во статусот на слобода. Ако ослободениот не може да го плати тој износ на оној што го купил, должен е неговата слобода да биде поврзана и да работи за купувачот се додека не се исплати неговиот долг за купениот износ. Уредниците на Законот за судење на луѓето претходно утврдиле дека овој износ пред сведоци да се утврди „за секоја година по 3 златници, и кога ќе се достигне вистинскиот износ, нека се ослободи[270].“

[270] Д. К. Николић,“Закон судњи људем“ - најстарији словенски правни зборник, Ниш, 2016, стр. 59 .

# 8. Правото во Македонија во средниот век според ЗСЛ

Еден од најпознатите историски извори на словенскиот закон кој се верува дека е направен во втората половина на IX век и на почетокот на X век, е Законот за судење на луѓето. Законот за судење на луѓето (ЗСЛ[271]) е словенска редакција на Еклогата, којашто најверојатно настанала околу средината на IX век.

Според мое мислење, овој закон „ЗСЛ“ има македонско потекло, а го создал Методиј во Македонија, во времето кога бил управник на архонтијата Стримон[272].

ЗСЛ содржи одредби од повеќе области на правото, при што најбројни се оние кои се однесуваат на незнабоштвото, бракот и односите меѓу брачните другари[273].

[271] Оргиналот на ЗСЛ не е сочуван. Сочувани се само преписи на ЗСЛ коишто се делат на преписи на кратката редакција и на опширната редакција. Во литературата е утврдено дека поавтентични се преписите на кратката редакција, и тоа како најавтентичен се смета Новгородскиот ракопис од 1280 година. Овде преводот на ЗСЛ е даден според Новогородскиот ракопис, при што земени се предвид и другите преписи на ЗСЛ од кратката редакција. Местата дополнети според опширната редакција се издвоени во загради.

[272] Во околината на денешна Струмица.

[273] Б. Поповска ,,Државно-правна историја на Македонија –извори-, Скопје 2005, стр. 44.

## 8.1. Сопственоста

Основно занимање на македонските Словени било земјоделството, тие од населувањето на Балканскиот Полуостров ја познавале недвижната сопственост, каде како сопственик се јавувала родовата заедница (колективна сопственост). Колективната сопственост била сопственост којашто ја преставувала сопственоста на големо семејство, сочинувана од повеќе членови, каде на чело се наоѓал претежно најстариот машки член, а сопственоста над недвижностите била на сите возрасни машки членови[274].

Што се однесува до сопственоста на жената, кај македонските Словени жените до доцна немале никакви права на сопственост над недвижните ствари, имале право на сопственост само над подвижните ствари[275].

Сопственоста била регулирана и со Законот за судење на луѓето, каде во гл. 1 се вели: „Секое село, каде што се вршат пагански жртви и убивање(колење), нека се предаде на божјиот харем со сета сопственост што ја имаат господарите на поседот во таа населба[276]. Оттука се гледа дека ЗСЛ ги казнува тие што нема да ги почитуваат правилата, и тоа со земање на сопственоста, којашто им припаднувала на црквите,, на тој начин црквата ја зголемувала својата моќ, и населението било зависно од црковниот режим.

Истотака, и оние што правеле жртви и колење нека се продадат со сета своја сопственост и добиениот износ нека им се раздаде на сиромасите. Во овој период во Македонија на големо се ширела христијанската вера, односно ЗСЛ имал за цел зајакнување и истовремено ширењето на оваа нова прифатена религија во овој регион.

Од гореспоменатото може да се заклучи дека сопственоста во Македонија во средниот век, освен од другите пишани права што биле на сила во Византија, се регулирала и со Законот за судење на луѓето, и со обичајното право, кое до доцна ги регулирало некои области на секојдневниот живот кај македонските Словени.

[274] Ibidem.
[275] Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија VII-XX век", Скопје, 2010, стр. 89 .
[276] С. Лишев, "За генезиса на феодализма в България", Софиа, 1963, стр. 158.

## 8.2. Облигационо право

Облигационото право кај македонските Словени до X век било многу слабо развиено, со оглед на тоа што стопанството било натурално и се произведувало за задоволување на сопствените потреби.

Облигационо-правниот промет се сведувал на размената и купопродажбата, додека заемот *(mutuum)*, поради недостигот од пари ретко се склучувал и не се правела разлика меѓу него и послугата *(commodatum)*[277]. До ова време кај македонските Словени, освен што се применувало византиското облигационо право, се применувало паралелно и обичајното право.

Договорот за послуга: според Законот за судење на луѓето е предвидено во гл. 24, во кое што се говори за земање на послуга на коњ. Ако некој земе коњ за да се услужи со него до определено место (и ќе го одведе) или ќе го испрати (подалеку од определеното место) и ако се случи коњот да се повреди или да умре, услугопримачот треба да му ја надомести штетата на сопственикот на коњот[278].

[277] Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија VII-XX век", Скопје, 2013, стр. 84 .
[278] К. Илиевска," Законъ соудныи людьмъ", Скопје, 2004, стр. 127.

## 8.3. Семејното право според ЗСЛ

Условите за склучување на бракот и за брачните пречки, не се регулирани со обичајното право, тука за нив пишува во ЗСЛ, и тоа во глава 14 : „Родоскверните што склучуваат брак со сродници по крв, нека бидат разделени“. Како што и претходно сме спомнале дека ЗСЛ е превод од Еклогата, слободно се гледа дека составувачите на овие дела, посветиле многу внимание на прашањата за семејното и брачното право, и тоа вклучувајќи ги и верските правила, односно христијанските правила[279].

Пред да биде примена христијанската вера кај македонските Словени и до составувањето на ЗСЛ, очигледно е дека бракот помеѓу сродници до одреден степен на родство (но не во правна линија, како што се брат и сестра...) било дозволено, за ова не било пречка ниту обичајното право[280].

ЗСЛ санкционира само за бракот склучен помеѓу сродници по крв, но не и за бракот склучен помеѓу сродници на едниот брачен другар со сродници на другиот брачен другар.

Овде очигледно се гледа дека законот го има предвид само бракот склучен во црква, но не и други привремени или долготрајни форми на вонбрачна заедница.

И погоре сме спомнале дека за бракот меѓу духовните сродници, односно склучување на брак меѓу мајката на кумчето и кумот, како и меѓу кумот и неговата крстеница, биле казнувани според глава 7 на ЗСЛ.

Очигледно при изработката на преписите нешто не било сосема јасно, па препишувачите свесно или несвесно, правеле обид да го поправат тоа. Проблемот бил во зборот „купетра“ што може да се сврзе со латински *compater* – кум, а за кума – *commater*, кога е очигледно дека се работи за лице од женски пол и за женење со неа[281].

Сочуваните извори што се однесуваат на бракот, говорат за постоењето на обичајот на многуженство кај Словените воопшто.

Како што сме спомнале и претходно, со ЗСЛ се имало за цел зацврстување на христијанската вера, оттука излегува дека ЗСЛ го брани моногамниот брак и дека ја

[279] K. E. Zachariae von Lingenthal,"Geschichte des griechisch-romischen Rechts",3, Aalen, 1955, стр. 57 .
[280] Ibidem.
[281] К. Илиевска,“ Законъ соудныи людьмъ“, Скопје, 2004, стр. 168 .

казнува бигамијата.

ЗСЛ во гл. 15 го говори следното: „Кој има две жени, нека ја избрка помалата заедно со нејзините деца и нека го тепаат. Каење седум години[282].“

Слободно се гледа дека и со примањето на христијанството кај македонските Словени, многуженството сепак постоело, но во помала мера, само кај поимашните луѓе и кај кнезовите.

Што се однесува, пак, на положбата на жената, таа се карактеризирала со потчинета улога, при што обврската за брачна верност лежела само на неа, па така, и од самите извори се гледа дека кај словените постоел обичајот жените по смртта на мажот, да се запалат или на некој друг начин да си го одземат животот, при што биле погребувани заедно со мажот[283].

Законот за судење на луѓето во глава 33 (30а) е посветен за сопружниците, при што се вели:

„Животот на сопружниците е создаден од Бога како неразделив. Така не учи премудроста на нашиот спасител Господ Бог. Тој што го создал битието на човека од неговото непостоење, не ја создал, исто така, и жената со земање кал од земја, туку ја создал земајќи ребро од мажот и така премудро со соединување на едно тело во две лица ја озаконил неразделната врска. Затоа, ни жената која по измама на ѓаволот прва вкусила од горчината и му дала и на мажот да вкуси од истата горчина не ја разделил од него, ниту мажот кој заедно со сопругата го престапил Божјиот закон, не го разделил од жената. За тој грев Бог им определил страдање, но нивната заедница не ја разделил[284].

Ова, веќе објавеното, повторно се потврдува од евангелистот: „Тогаш, кога го прашале фарисеите нашиот Бог Христа,, дали може за каков и да е грев да се отпушта сопствена жена?‘ Исус им одговорил: ’Бог што составил, човекот да не разделува, освен поради прељуба.‘ Следејќи го Христа Бога, ние, како негови верни ученици, не се осмелуваме ништо друго да озакониме. Но, бидејќи од ѓаволот меѓу сопружниците

[282] Д. К. Николић,“Закон судњи људем“ - најстарији словенски правни зборник, Ниш, 2016, стр. 70.
Д. К. Николић,“Закон судњи људем“ - најстарији словенски правни зборник, Ниш, 2016, стр. 70.
К. Илиевска,“ Законъ соудныи людьмъ“, Скопје, 2004, стр. 216 .

навлегува омраза поради обвинување или поради телесни и други пороци, затоа во бројот на причините поради кои се разделуваат сопружниците, со законот ги определуваме овие:

Исто така, се разделува жената од мажа си ако тој готви некаков заговор против неа, или ќе разбере за друг, а нејзе не и кажува, и ако се разболи од лепра, и ако се случи пред односот едниот од нив да го фати лоша болест.

Сето ова треба да се испита со сведоци пред судиите, како што пишавме; и секогаш кажуваме дека сите човечки злосторства има да се судат на големиот божји суд. Па затоа не прилега никого да го изделуваме, туку сите и секојдневно да се поучуваат во Божјиот закон, надевајќи се на Христа Бога дека ќе го слушнеме на вселенскиот суд блажениот глас: „ Дојдете благословени верни слуги, над многу ќе ве поставам, влезете во радоста на вашиот Господ Бог, да се веселите со ангелите за сите времиња. Амин[285].“

Условите за раскинувањето на бракот се исти, како во Еклогата така и во ЗСЛ, од тука се наведува дека мажот може да бара раскинување на бракот, но само во следните случаи: „ако жената сторила прелуба, ако прави заговор против неговиот живот, или ако знае дека други прават заговор, а за тоа не му јави и ако има лепра.“ Истотака, и жената може да бара раскинување на бракот: „поради импотентност на мажот, која што траела три години од склучувањето на бракот, ако тој прави заговор против нејзиниот живот, или ако знае дека други прават заговор, а за тоа не му јави и ако има лепра[286].“

[285] Б. Поповска „Државно-правна историја на Македонија –извори-, Скопје 2005, стр. 50-51 .
[286] Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија VII-XX век", Скопје, 2013, стр. 91 .

## 8.4. Кривичното право според ЗСЛ

Крвната освета бил првиот облик на казнена санкција, не само на Словените, туку воопшто и во родовското општество на другите народи на истиот степен на развој на општесвените односи. Така и канонот на Лек Дукаѓини во којшто е собрано обичајното право на Албанците, во член сто и осумнаестти се регулира крвната одмазда, каде што меѓу другото се вели следното: „Никој околу својот бајрак не може да собере другари, и некому да му постави заседа; ако некој излезе и убие некого од бајракот, сите должат крв. Ако некој излегол од својот бајрак, за да му постави заседа за да убие некого од туѓ бајрак, тој што постави заседа тој должи крв, а не и другите од бајракот“ итн[287].

На почетокот, крвната освета имала карактер на тотално истребување на еден род со друг, меѓутоа со текот на времето се стеснувала, за најпосле да биде насочен само кон личноста на сторителот. ЗСЛ во глава 18 го штити азилното право на црквата и пропишува: „Никој со сила (да не го изведува) оној што прибегнува во црква. Туку прибегнатиот му го изнесува својот спор и сторениот престап на попот, кој за да го прифати како бегалец треба да го испита и да го утврди неговото злосторство според законот. Ако, пак, некој се обиде прибегнатиот да го изведе со сила од црквата, кој и да е, нека добие 140 удари, и потоа нека се испита, како што прилега, злосторството на прибегнатиот[288].“ Тука гледаме дека во овој степен на развојот на општествените односи, само сторителот на кривичните дела се казнува, и нормално и секој друг кој ќе биде вмешан во тоа.

Исто така, и во глава 19 на ЗСЛ пишува: „Ако некој има спор со некого и не ги извести владиците, туку дејствува самоволно, и било со власт било со сила, го изнудува своето, ако така постапува, нека го изгуби својот предмет и нека го врати, дури и да е навистина негов. Ако, пак, некој земе нешто туѓо, нека биде тепан од владиката на земјата[289], бидејќи не е во негова власт да биде самиот себеси одмаздник. Кој постапува така, нека даде надомест за земеното.“

[287] SH. Gjeçovi, ” Kanuni i Lekë Dukagjinit”, Lezhë, 1999, стр. 80. ; Б. Поповска,”Државно-правна историја на Македонија VII-XX век“, Скопје, 2013, стр. 94.

[288] В. Ганев, “Законъ соудный людмъ“, Софиа, 1959, стр. 435 .

[289] “Владика“ овде се подразбира орган на месната државна власт.

Што се однесува на прашањето за вината, односно за субјективниот однос на сторителот спрема делото, ЗСЛ во глава 17 прави разлика и различно ја пропишуваа казната во зависност од тоа дали делото е сторено со умисла или од небрежност, притоа предвидувајќи различни степени на небрежност. Така, ако со умисла некој предизвика пожар во град, се казнува со запалување, но ако пожарот дојде случајно или поради виша сила, без војла на сторителот, лицето не се казнува[290].

Важно е да се спомне дека Македонското средновековно казнено право целосно не ги надминало примитивните категории на колективната одговорност за определени казнени дела, ваков случај на колективна одговорност имаме во глава 1 од ЗСЛ, каде што се вршат пагански жртви и колење. Но, иако се уште се применувала колективната одговорност, сепак во поголема мера вината била насочена само кон личноста на сторителот.

[290] Б. Поповска,''Државно-правна историја на Македонија VII-XX век'', Скопје, 2013, стр. 96.

### 8.4.1. Видови казни според ЗСЛ

Во средновековното право во Македонија бил присутен еден од најсуровите системи на казни, овој систем најверојатно бил преземен од византиското право, во периодот кога Македонија била под византиска власт.

Како што спомнавме и претходно, иако постоела колективната одговорност, според византиското право, кое голема важност му дава на субјективната одговорност, кривичното дело го индивидуализира.

Во средновековното право во Македонија за казнените дела се пропишани неколку казни, и тоа:

– Смртна казна – во средниот век била многу честа и се практикувала за одредени кривични дела, исто така и во ЗСЛ има смртна казна, и тоа има само една и единствена смртна казна којашто се состои во запалување на сторителот или негово сосечување со меч, а е  пропишана во глава 17: „оној којшто поради непријателство или грабеж опожарува куќи во град или село се казнува со смртна казна.“

Содржината на овој член е особено интересен поради тоа што се разгледани повеќе можни начини на предизвикување на пожарот и, соодветно, повеќе различни начини на санкционирање – од потпалувањето со умисла, преку пожар предизвикан од небрежност, било свесна или несвесна, до пожар кој е последица на несрекен случај. Во зависност од степенот на вината се определува и висината на казната – од жестока смртна казна со палење или колење, за потпалување со умисла, до ослободување од вината ако се докаже дека пожарот бил предизвикан, односно се проширил ненамерно, т.е. настанал како резултат од несреќен случај[291].

– Телесни казни – овие казни биле многу сурови и варварски, како и другите казни и оваа казна била преземена од византиското право. Законот за судење на луѓето предвидува телесни казни и тоа најмногу за делата против христијанскиот морал и против половата чест.

[291] К. Илиевска,“ Законъ соудныи людьмъ“, Скопје, 2004, стр. 194 .

– Имотни казни– овие казни се предвидени во ЗСЛ, и тоа во неколку глави: I, VI, X, XI, итн, исто така во ЗСЛ се предвидени и парични казни (глоба)[292] .

Гореспоменатите казни биле најчесто применувани во средновековна Македонија, но освен овие казни се применувале и дополнителни казни, едни од нив се и црковните казни, коишто ЗСЛ за некои дела ги предвидува како замена за одредени казни – со црковна епитимија, тоа практично се правело за да се заменуваат суровите и строгите телесни казни.

[292] Ibidem

## 8.5. Црковна епитимија казни (пост и покајание)

Постот како збор се употребувал уште во стариот век, но и ден денеска се употребува и тоа речиси, горе долу, со иста намера.

Во христијанството постот е врзан со самата црква и е воспоставен едновремено со неа, а се заснова по примерот на Исус Христос кој останал 40 дена во пустината (Матеја 4, 2), по примерот на апостолите (Дејанија 13 и 14 гл.), како и по примерот на Мојсеј, според најстарите црковни писатели како Иполит, Тертулијан, Августин, Блажени Јероним и др.

Во IV век постот бил многу строг, тој се состоел, или во комплетно гладување или, пак, било дозволено консумирање на сува храна, но само навечер. Според зборовите на Тертулијан, за време на постот некои не пиеле дури ни вода. На Запад, ксерофагијата како форма на пост била позната и се применувала од вториот век. Според Валсамон, оваа традиција се задржала на Запад до седмиот век, а на Исток дури до дванаесеттиот век[293]. Во тие денови времето требало да се посвети на молитви, а многу важно место заземале и црковните проповеди. Целта била да се постигне духовно прочистување, па во врска со тоа се практикувале и различни форми на добротворство[294].

Во Православната црква има четири периоди на постот, годишно: Велигденски пости, Петрови пости, Успенски пости и Божиќни пости[295].

Целта на постот, што е озаконет и почитуван од христијаните, е чистење на душата– свети Григориј Палама. Христијанинот е подготвен да претрпи се, само да не ја изгуби благодатта, која за него е највозвишено добро[296].

Кога се зборува за постот, може слободно да се каже дека во сите обичаи,

[293]К. Илиевска,“ Законъ соудныи людьмъ“, Скопје, 2004, стр. 130 .
[294]Ibid. 130 - 131 .
[295] V. Uysal,“Psikolojik Açidan Oruç“, Ankara, 1994, стр. 8 - 9 .
[296]П. Георгиевски, “Млад Богослов“, Списание на МПБ „Св. Климент Охридски“, БР.2, Драчево, 2018, стр. 83.

односно во сите традиции, во сите вери и религии се практикува постот(воздржување од храна), за почитување на Бога. Главниот принцип преку кој човек се приближува кон христијанството е покајанието. Човекот е во трагична состојба, затоа што на почетокот човекот се спасува со одрекување од самиот себе[297].

Покајанието или каењето е едно од седумте христијански тајни утврдени од самиот Исус Христос (Јован 20, 21-23, Матеја 16, 19; 18, 17-18). Според православното учење покајувањето претставува покажување на искрено жалење за направеното и цврста намера да не се повторува направената грешка и желба да се продолжи во животот по правилниот пат. По простувањето на гревовите од страна на свештеникот, преносно од Исус Христос, човек станува невин и осветен како по крштевањето[298].

Буквалното значење на покајувањето е „преумување, промена на мислењето" т.е. „св. тајна во која човекот грешник осознава дека со своите мисли и постапки го навредил Бога или своите ближни, поради што чувствува грижа на совеста и длабоко жали, се кае, го менува својот начин на мислење, се преумува, со намера да ги поправи своите грешки и повеке да не греши[299].

Во третиот век покајувањето било дури подробно разработено и установено за определени појави, на пр. за lapsi, т.е. оние што се одрекле од Христа за време на прогонувањата, а потоа повторно се вратиле во црквата се определуваат четири степени на каење, и тоа: оние што плачат, оние што слушаат, оние што се поклонуваат до земја и оние што стојат заедно. Јавното покајување, на крајот на петтиот век како должност била укината во Источната црква, а во Западната се задржала до седмиот век. По тоа време јавното покајување било заменето со усилени молитви, добротворни дела и воопшто „подвизи на благочестие" кои се правеле под надзор и под раководство на презвитер, а во случаи на особено тешки престапи, со забрана за причесна со однапред определен рок[300].

Во покајанието е вклучена жалост, поради гревот и одвојување од него. Ние нема да го отфрлиме гревот, освен ако не ја увидиме неговата расипаност; се додека

[297] N. Nisiotis,"Теологија као наука и славословље у теологији", Истина и живот, стр. 207.
[298] К. Илиевска," Законъ соудныи людьмъ", Скопје, 2004, стр. 132 .
[299] Ј. Таковски,"Терминологија од областа на теологијата, Македонска терминологија 102", МАНУ, Скопје, 1999.
[300] К. Илиевска," Законъ соудныи людьмъ", Скопје, 2004, стр. 133 .

нашето срце не се откаже од него, нема да има вистинска промена во нашиот живот. {ПХ 23.2}[301].

Она на што најмногу повикуваат светите отци е покајанието **(μετάνοια,ας,ἡ)**, кое во својата суштина означува целосна промена на мислењето кон подобро. Тоа овозможува, пак, целокупна промена на битието, и оформување на личност сообразена со евангелскиот благодатен живот. Целта на покајанието е повторно да го измири човекот со Бога во Црквата. Со секој направен грев човекот се исклучува, се изопштува од заедницата, од новиот живот[302].

Со секој грев се оддалечува од Христа. Со секој направен грев човекот ја изневерува својата вистинска природа, обновена во него со крштението и миропомазанието. И единствено, покајанието може да го врати човекот во состојбата која ја изгубил. Тоа, е пред се, вистинска криза (суд) на совеста. Секој човек има тенденција кон покајание, преокрет и повторно доаѓање до„првобитната убавина“[303].

ЗСЛ ги спомнува постот и покајанието, кои се однесуваат на тајните, кои се практикувале во тоа време – епитимии(казни) за покрупните престапи кон црквата.

Овие епитимии во Законот за судење на луѓето ги има во повеќе глави, според кратката редакција, и тоа: гл.IV – Ако некој при своја жена има односи со робинка(седумгодишно каење: две години нека стои надвор пред божјиот храм за време на службата, две години да влегува во црква до светото евангелие и останатото време да стои надвор и да ја слуша службата, натамошните две години да верува во еден Бог, а седмата година нека стои, но нека не се причестува. Седумте години да не јаде друго освен својот леб и вода); гл. VI – облуба со туѓа робинка (седумгодишно каење, седумте години да не јаде друго освен својот леб и вода); гл. VII – Кој блудствува со калуѓерка (каење од 15 години); гл. VIII – Кој ќе ја земе за жена мајката на своето кумче (каење од 15 години, редот на ова каење е следниов: пет години стоење надвор со плачење и слушање на службата, четири години во црквата до светото евангелие, три години да верува во еден Бог, а три до крајот, сето тоа на леб и вода.); гл. IX – кој ќе се ожени за својата крстеница, или кој ќе згреши со мажена жена

[301] E. G. White,“ Steps to Christ “, Превод на делото: Ч. Дичевски, Скопје, 2019, стр. 19 .
[302] Ibidem.
[303] Д. Миланова,“Секуларизмот во Црквата како современ етички проблем“-Специјалистички студии по методика на наставата по религиско образование-, Штип, 2011, стр. 47.

(каење од 15 години, сето тоа на леб и вода); гл. X – Кој има заведено негибната девојка против волјата на нејзините родители(каење од седум години); гл. XII – Кој заведува незрела девојка помала од 20 години (каење од 15 години, сето тоа на леб и вода); гл. XV – Кој има две жени (Каење седум години); и гл. XVII – Кој поради некакво непријателство или заради грабеж на имот потпалува куќи (каење од 12 години)[304].

[304] Д. Миланова,"Секуларизмот во Црквата како современ етички проблем"-Специјалистички студии по методика на наставата по религиско образование-, Штип, 2011, стр. 47.

## 8.6. Судови и судска постапка

Судството во Македонија во раниот среден век, кога станува збор за Склавиниите коишто биле релативно самостојни во однос на Византија, било најверојатно родовско, односно племенско судство, кај коешто по правило родовскиот, односно племенскиот старешина, како и народното собрание биле тие што се јавувале како судски органи кои ги расправале сите спорови и ги суделе деликтите на своите соплеменици. Со настанувањето на задругите како облик на семејство, по правило старешината бил тој којшто имал право да ги казнува членовите на задругата. ЗСЛ го спомнува постоењето на кнезови и судии коишто ја вршат судската власт.

Кога станува збор за кнезовите, тука можеби се работи за племенските кнезови или за кнезовите како управници на одделни области во Македонија. Исто така, ЗСЛ ги спомнува и владиците, како органи на месната државна власт, коишто вршат и судски функции. Покрај гореспоменатите органи, дотогаш кога откупот преовладувал како облик на помирување на страните, веројатно егзистирале и т.н. мирители во слободната селска општина, во судскиот процес[305].

Една од карактеристиките на судската постапка се однесува на доказниот систем, кој во многу нешта се разликувал од современиот систем.

– Ордалиите или божјиот суд биле едни од најприменуваните доказни средства во средновековната постапка. Тоа имало потекло од давнина и го познавало уште словенското обичајно право, макар што се среќава и кај другите народи. Суштината на ова доказно средство се состоела во верувањето дека Бог ќе му помогне на невиниот да ја докаже својата невиност[306].

– Клеветниците или соклеветниците претставувале доказно средство што во средновековниот процес се применувало почесто од поединечните заклетви на тужителот, односно на тужениот. Тоа биле определен број лица коишто изјавувале и со заклетва потврдувале дека исказот на кој странката се заколнала е вистинит. Тие не биле сведоци во постапката, туку помагачи на странката во заклетвата. Иако, се зборува за сведоци, тие се спменуваат во ЗСЛ во гл. 2, според која: „При секој спор,

[305] Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија VII-XX век", Скопје, 2013, стр. 106 – 107.
[306] Ibid. 103.

тужба или пријава прилега кнезот и судијата да не примаат обвинување без многу сведоци (еден сведок не е сведок и не преставува никакво докажување, еден сведок како ниеден : *unus testis, nullus testis.),* туку треба да им рече на странките, тужителите и доушниците: „доколку не докажете со сведоци под клетва, како што заповеда Божјиот закон, очекувајте иста казна што ја барате за другиот[307]. Така заповеда Божјиот закон, а кој не се придржува до него нека биде проклет".

– Признанието е исто така едно од доказните средства коешто се применувало во нашата средновековна постапка. Правните извори од овој период не го спомнуваат, меѓутоа, самите карактеристики на средновековниот процес укажуваат на неговата примена. Притоа, судот не навлегувал во оценувањето на вистинитоста на признанието, туку поаѓал од тоа дека штом е тоа сторено вината е докажана. Сепак, ЗСЛ во гл. 2 ја отфрла примитивноста на средновековниот процес по однос на признанието како доказно средство и ги задолжува кнезот и судијата да не примаат обвинување без многу сведоци[308].

– Сведоците и исправите биле исто така доказно средство во средновековната постапка. Притоа, сведоците треба да се разликуваат од соклетвениците како доказно средство. Така, додека сведоците во постапката ги изнесувале своите сетилни забележувања за настанот на кој присуствувале, соклетвениците, впрочем, со клетва докажувале дека една од страните ја кажува вистината. Што се однесува на прашањето, кој може да биде сведок во постапката, Еклогата и ЗСЛ постапуваат на различен начин. Еклогата во т. XIV бара сведоците да бидат луѓе „кои што имаат звање или служба, или професија, или богатство“, што значи да припаѓаат на повисоките слоеви на општеството.

Притоа, само ако нема такви сведоци може да се прифатат „неизвесни“ луѓе да сведочат. ЗСЛ, пак, во однос на сведоците бара тие да бидат „вистинољубиви, богобојазливи и угледни“, кои ќе судат „заради страв божји и заради неговата правда“. Исто така, при поголемите спорови ЗСЛ бара најмалку 11 сведоци и повеќе, а во помалите спорови може да има 7 до 3, но никако помалку од 3[309].

[307] В. Ганев, ‘‘Законъ соудный людмъ‘‘, Софиа, 1959, стр. 184 - 188 .
[308] Б. Поповска,’’Државно-правна историја на Македонија VII-XX век‘‘, Скопје, 2013, стр. 104.
[309] В. Ганев, ‘‘Законъ соудный людмъ‘‘, Софиа, 1959, стр. 189 .

Иако, според римското право, сведочењето на сведок било најважното средство за докажување, дури и тогаш некои автори (првично оратори) изразиле одредена недоверба кон тоа. Најмногу се изразуваше во ситуација кога одлучувачки факт се утврдува исклучиво со сведочењето на еден сведок.

Претставувајќи ги и објаснувајќи ги лажните (хипотетички) ситуации, римските оратори го почувствувале проблемот со не веродостојноста за утврдување на факт на овој начин имајќи го во предвид корумпираниот сведок *(testis corrupus),* но и недостатоците што нужно произлегуваат од природата на овој доказ затоа што се потпира на индивидуализација , но и за некои карактеристики на луѓето кои се променливи, индивидуални и честопати дефицитарни. Поради овие недостатоци, сведочењето на еден сведок за одлучувачки факт во отсуство на какви било други докази беше оценето како несигурно, сомнително, недоволно и неправедно[310].

Сведоци според ЗСЛ не можат да бидат оние на кои што некогаш им било докажано дека лажат и дека го престапуваат божјиот закон, оние што водат развратен живот или оние кои се нерасудливи. Исто така, и според Еклогата и според ЗСЛ не можат да сведочат родителите и децата едни против други, како и робот или ослободениот ниту за, ниту против својот господар. Не можат да бидат сведоци и оние кои што само чуле за самата работа[311].

[310] И. Милотиќ, ʼʼTestis unus testis nullus u rimsko-kanonskom i važećem kanonskom postupkuʻʻ, - Bogoslovska smotra-, Загреб, 2019, стр. 839.
[311] Б. Поповска,ʼʼДржавно-правна историја на Македонија VII-XX векʻʻ, Скопје, 2010, стр. 105.

# ТРЕТИ ДЕЛ

## ЗАКОНОДАВСТВОТО НА МАКЕДОНСКАТА ДИНАСТИЈА ВО ВИЗАНТИЈА

# 1. Правото во Византија

Релативно речено, може да се каже дека правото дејствува како средство за пропаганда, бидејќи императорот и свештенството, многу инвестирале во неа.

Царот бил извор на правото, меѓутоа сепак, чудно, правото останувало нешто што е над него[312].

Интензивното религиозно чувство, создавањето и зачувувањето на аспектите кои се значајни за царскиот статус во комбинација со зголеменото влијание на Црквата го претвориле правото, индиректно, во битка[313]. Иако, постоеле такви проблеми, прашањето на правото и законите се од најголемо значење за византиската држава.

Во правото во Византија, во формална смисла можеме да посочиме дека се разликувале повеќе видови правни акти, и тоа: закони или *потоі (еднина - потоs)*, царски конституции, односно од VII век новели *(novella)*, номоканони и повелби[314].

Што се однесува на хронолошката периодизација на византиска правна историја правните акти коишто биле носени, односно кодификаторска работа може да се разгледува низ три значајни периоди[315] :

а) периодот којшто траел од втора половина на VII век и ја опфаќал и првата половина на VIII век и во кој биле донесени: Земјоделскиот закон (Nomos georgigos) и Еклогата,

б) втор период (законодавството на Македонската династија), кога биле донесени збирките : Прохирон, Епанагога, Василики и збирката Новели на Лав VI Мудриот, и

в) трет период (XIV век) кога настануваат две приватни правни збирки коишто нашле широка примена во Византија: Шестокнижието *(Eksavivlos)* на солунскиот судија и номофилакс Константин Арменопулос и Синтагмата на светогорскиот монах Матија Властар.

---

312 Б. Поповска,"Историја на правото", Скопје, 2017, стр. 131 .
313 B. Stolte,"The Social Function of the Law", J. Haldon, a.o., "The Social History of Byzantium", Singapore, 2009, стр. 84.
314 Б. Поповска,"Историја на правото", Скопје, 2017, стр. 132 .
315 Ibid. 133 .

## 2. Империска криза

Во доцниот деветти и во текот на десеттиот век, сериозно прашање што го нападнало општествениот живот ја разбранувало империјата. Двете спротивставени страни биле една против друга: сиромашните и моќните луѓе; и бидејќи вторите постојано ги ограбувале имотите и ја загрозувале слободата на првите, малку по малку се школувале во империјата, особено во провинциите во Азија, моќно феудално благородништво кое располагало со огромни имоти, штитеници и проклетници, и чие влијание се влошувало со високите административни должности што ги извршиле и воените позиции што ја правеле армијата зависна од него[316].

Богато, моќнно и сакано од народот, ова благородништво претставувало исто колку политичка толку и социјална опасност за владата.

Императорите го сфатиле ова и со сите сили се бореле против овие непослушни феудалци кои се фалеле дека нанесувале страв на Василиј, и кои, во секој случај, со барање даночни ослободувања, тие ги намалиле приходите на државната каса и со запленување на имотот што им бил доделен на војниците, бил исцрпен еден од најдобрите бунари за снабдување на војската. Василиј I, во овој случај како и секој друг император, започнал политика во корист на династијата и се обидел да го ограничи нелегалното одземање на нечиј друг имот од страна на богатите луѓе[317].

[316] Ш. Дил,"Историја на Византијског Царства", Јули, 1919, стр. 64 .
[317] Ibidem

## 3. Односот меѓу државата и црквата

Византија била автократска монархија со силна власт на владетелот и со строго централизиран извршен апарат. Во рацете на владетелот биле сконцентрирани највисоката законодавна власт, извршната и судската власт. Исто така, тој бил и врховен заповедник на војската, заштитник на црквата и бил сметан за политички претставник на Христос на земјата[318].

Неговиот авторитет и автократската власт произлегувале токму од неговото својство на христијански владетел, при што како таков тој бил под постојан притисок да постапува соодветно, да покаже филантропија, односно божествена благост во своите акти, како и да ги сочува идеолошките основи на ортодоксијата и на црквата[319]. Оваа било повеќе однос на меѓусебна соработка и содејство, отколку однос на превласт.

Главниот настан на византискиот црковен живот за време на македонската династија е последната поделба на црквите, источна и западна, во источна православна и западна католичка, која заврши, по речиси два века контроверзии во средината на XI век.

Првото дело на основачот на македонската династија, Василиј I, во црковниот живот на империјата било таложење на патријархот Фотиј и обновување на патријархалниот престол. Со оваа мерка, Василиј се надевал дека ќе добие основа на престолот, кој штотуку го стекнал на возбудлив начин. Имено, од една страна, сметал дека е профитабилно за себе да живее во мир; од друга страна, тој сакал да им угоди на луѓето, меѓу кои, како што многу добро знаел, имал многу Игнатијци, т.е. приврзаници на соборениот Игнатиј[320].

Царот му напишал на папата: „Отец е духовен и божествено почитуван првосвештеник". Забрзајте ја корекцијата на нашата црква и преку борбата против неправдата ни даваат изобилство благослови, односно чисто единство, духовна комуникација, ослободени од какви било спорови и секаков раскол. Црква, една во

---

318 Б. Поповска,,,Историја на правото", Скопје, 2017, стр. 127.

319 J. M. Roberts,"History of the World", Penguin Books, London, 1995, стр. 334 .

320 А. А. Васильев," История Византийской империи"- Том I. Время до крестовых походов (до 1081 г.), Алетейя, 2000, стр. 536 .

Христа, кја се покорува на еден пастир – како промисла на Бога, појавувајќи се преку средствата на Врховниот Петар и преку вашето инсистирање[321].

За папството, ова беше момент на очигледен триумф на Истокот. Папата Никола рекол: ‘‘јас не живеев за да ја видам оваа победа‘‘. Писма испратени од Византија до неговото име веќе ги добил неговиот наследник Адријан Втори. На советите во Рим, а потоа, во присуство на папски легат, во Цариград (869), Фотиј бил соборен и, заедно со неговите приврзаници, бил осуден. На запад, Советот на Цариград во 869 година бил признаен како Вселенски. Легендите на папата Јован VIII биле присутни во катедралата, и не само што требало да се согласат да го отстранат убедувањето од Фотиј и да го вратат заедништвото на римската црква со него туку тие исто така слушале без приговор за верата, прочитана во катедралата, без додавање ништо. На последниот состанок на советот, папските легати извикале: „Кој не го признава Фотиј како светиот патријарх и нема да има дружба со него,  можеби нема да се смета меѓу христијаните.“ Истиот совет тврдел дека папата е ист патријарх како и сите други патријарси и дека тој нема право да управува со целата црква, затоа, на патријархот на Цариград не му треба папско одобрување[322].

Фотиј не останал на патријархалното столче до крајот на животот, бидејќи требало да го отстапи столчето по приемот на престолот од Лав VI во 886 година, син на Василиј I.  Пет години подоцна, Фотиј починал, играјќи важна улога, како во црквата така и воопшто во културниот живот на Византија[323].

Паралелно со односите што беа опишани за римската црква, времето на Василиј I било обележано со голем број обиди за ширење на христијанството меѓу народите и незнабошците. За време на Василиј, повеќето словенски племиња што се населиле во Пелопонез биле претворени во христијани, а паганските Словени останале во планините на Тајгет. Под него, упорно се извршувало присилното преобразување на Евреите во христијани.

Црковните работи во Византија биле особено комплицирани во раниот 10 век за време на патријархот Никола Мистик, најистакнатиот по Фотиј, роднина и ученик на

[321] F. Dvornik,"The Photian Schism - History and Legend", Cambridge, 1948, стр. 136 .
[322] А. А. Васильев," История Византийской империи"- Том I. Время до крестовых походов (до 1081 г.), Алетейя, 2000, стр. 538 .
[323] Ibid. 539 .

Фотиј. Најблагородната страна на Фотиј, според историчарите, живеела кај неговиот ученик, Никола Мистик, кој, повеќе од другите, се обидувал да го следи идеалот на патријархот, исцртан од него.

Големи несогласувања се појавиле меѓу царот Лав и патријархот Николај Мистик, при што патријархот се побунил против сите, тврдејќи дека тоа е спротивно на црковните правила. Овој случај предизвикал голем срам кај луѓето. Бунтовникот Николај Мистик бил соборен и испратен во егзил[324]. Лав го покажал зачуденото свештенство дека волјата на царот е најсилна, како во назначувањето на неговиот брат Стефан, речиси како негов личен заменик во зајакнување на црквата.

[324] Ibid. 540 .

## 4. Законодавството на Македонската династија

Владеењето на македонската династија започнало со доаѓањето на византинскиот престол на Василие I во 867 година, и за време на неговиот син и наследник Лав VI[325].

Императорите од македонската династија се обиделе да ја воспостават таа кохезија преку значајни законодавни мерки: тие ја обновиле, адаптирајќи ја на новите услови на општествениот живот, старата јустинијанска законодаство. Василиј I ја презел првата од оваа голема и одлична работа, собирајќи ги во Прохирон („прирачник законик“, 879 год.) најважните извадоци од *Corpus juris civilis,* исто така издал уште една книга под името Епанагога (Второто издание, прохиронот со измена и дополна, 886 год.) прирачник за обичајно право. Неговиот син Лав VI ја завршил почнатата работа со уредување и издавање на Василиките „Царски закони“, целосен законски зборник во шеесет книги (887 - 893 год.), извадоци од законите објавени за времето на владеењето на Јустинијан[326].

Македонската династија, повеќе од која било друга во византиската историја, се обидела да го обнови законот и особено правната реформа како средство за легитимност. Иако, сите византиски императори признале дека одржувањето и обновувањето на законот и правниот поредок била империјална должност. Двајца императори на македонската династија – Василиј I (867-886) и Лав VI (886-912) избрале да ја претставаат правната реформа, особено проектот за кодификација што на крајот кулминирал со завршувањето на Базиликата издадена во шеесеттина книги, како едно од главните достигнувања на нивното владеење[327].

Не може да се раздели „Обновувањето на античките закони“ од поширокиот политички и социјален контекст, тоа не може едноставно да се сфати како „корекција“ на правниот систем, туку слух обнова на таа моќ и слава на јустинијаниското право[328].

[325] Б. Поповска,”Историја на правото“, Скопје, 2017, стр. 137 .
[326] Ш. Дил,”Историја на Византијског Царства“, Јули, 1919, стр. 60 .
[327] S. N. Trōianos,”Δίκαιο και ιδεολογία στα χρόνια των Μακεδόνων”, 2001, стр. 239 .
[328] P. E. Pieler, ”Ανακάθαρσις τῶν παλαιῶν νόμων und makedonische Renaissance”, 1989, стр. 69 .

## 4.1. Василије I

Василиј I за разлика од другите императори на Византија тој бил наречен како Македонецот (односно бил од темата Македонија), кој дошол во Царинград и нормално ја искористел неговата физичка сила, и така некако дошол да биде дел од царскиот двор. Василиј не влегол во градот, со онаа што ја водел војската зад себе, ниту имал брат, роднина или пријател, кој бил достоинственик на царската палата. Тој не бил ниту Провинциски човек кој, исто како и Јустинијан, го нашол својот подвиг на тронот во роднинска солидарност, ниту пак воскреснал од неговите другари, како Фока во почетокот на седмиот век.

Вешт и внимателен, способен да научи брзо и да реагира уште побрзо и да се прилагодува на околностите. Специфичноста на случајот со Василиј Македонски не дозволува точно да се утврди каква врска имаат помеѓу овие два елемента на царскиот легитимитет: потекло и Божји избор, постоела во византискиот и константинополскиот секојдневен живот[329].

Кога Василиј I се искачил на престолот, позицијата на монархијата била се уште невообичаено тешка, и се чинело дека целата земја требало да биде фундаментално преработена – преуредена. Суровиот селанец, кој со помош на криминал се искачил на највисокиот авторитет, ги имал сите квалитети потребни за да ја оствари оваа тешка задача. Тој бил умен човек, подеднакво сакал да ја заведе монархијата и да ја врати нејзината надворешна репутација – углед. Добар администратор, одличен војник, стремејќи се пред се за целосно да ја консолидира својата царска власт. За време на неговото 20-годишно владеење, тој бил во можност да ги доведе работите во ред на монархијата и според големината на извршените услуги, да ја обезбеди судбината на неговиот народ[330].

На империјата на Босфорот и требало постојано обновување на нејзината внатрешна сила, со доаѓањето во престолот на нови владители, посилни и поагресивни семејства и политички кругови, кои донеле свежа енергија со давање на земјата толку многу, нова крв и внесување нешто од својата визија за царската власт во застојаната капитална елита.

---

[329] В. Станковиќ,"Цариградски патријарси и цареви Македонске династије", Београд, 2003, стр.51.
[330] Ш. Дил,"Историја на Византијског Царства", Јули, 1919, стр.47-49.

Новиот император и научен патријарх на мисионерските успеси се нашол на спротивставени позиции по убиството на Михајл III. Останувaат две верзии за конфликтот на Василиј I со Фотиј, исто како и во претходната пресметка на Цезар Варда со Игњатиј, ниту една од нив не содржи доволно елементи за да би се поклонил неоспорна доверба.

Без длабока посветеност на психологијата на основачот на македонската династија, неговиот третман кон патријархот може да се сфати токму како стремеж на се уште не зацврстен властовладетел да се ослободи од незгодниот конкурент, кој бил некако супериорен, не само според неговото искуство, образованието и политичката мрежа во светот но и во црковните престолнички кругови, како и неговата позиција како единствен посредник помеѓу Василиј и небесниот цар по исчезнувањето на другиот, од кого ја добил круната од императорот Михајл III[331].

Разбирањето на Василиј за позицијата и должностите на императорот, како и за самата идеја за возвишената позиција на Василиј, малку упростено и на некој начин старомоден, ќе има повеќе зборови на друго место, овде е важно и доволно да се потсетиме на неговата убеденост дека не постои никој на земјата над царот, над кого само Бог е на небото, како што ги изложил во советите на својот син Лав, еден жанр за кој првите тројца императори на македонската династија почувствувале посебна потреба и наклонетост[332].

Во секој случај, народот го прифатил доаѓањето на нови владетели како природна работа, без оглед на тоа дали римските републикански традиции може да се препознаат во нивното размислување, на узурпацијата на престолот, со остроумна и духовита забелешка, всушност само првиот чекор кон империјалниот легитимитет[333].

Запад, до морето, до Фруѕа и до Арбанас, според благодетите и помошта од Божјиот автократски цар, ќе кажам, овде, целата вистинска содржина на мојот живот, од мојата младост, се додека не го задржав сето ова во моја моќ – власт, но додека бев во љубовта на големиот родител на мојот благословен крал Урош Трети, самоодржник на сите земји на српски и поморски.

И додека јас владеев со мојот родител, во земјата на нашето татковство, живеејќи тивко, побожно и мирно, и додека никој од околните господари не се осмели на нас, ние се радувавме побожно и радосно за сета слава на Бога. И во 6838 година, месец јуни, 19-ти ден, злобниот ѓавол ни завиде во нашиот добар живот и со злоба тој крева врз нас седуммина владетели: Царот Грчки и Михаил, и неговиот брат Белаура, и Александар царот на Бугарите, и Басараб Иванка (влашки војвода), свекор на царот Александар (и господар) на Црните Татари кои живееле во соседството, и господарството на Јашко и другите со него господари. И сите се кренаа врз нас, со намера да не проголтаат, во нивната неразумност, како нешто слатко, за земјата на татковството и нас да не поделат меѓу себе и да не однесат во ропството. Но, милоста Божја не дозволила нивните намери да бидат исполнети. И кога сите пристигнаа во нашата земја, во место наречено Велбужд (Ќустендил), од нив, околу осумдесет илјади, создадоа многу зло во овој регион[444].

Кога слушнавме дека со многу гнев тие ја нападнаа нашата земја и ги собравме војниците на нашата татковина, кои ги подготвив за борба, околу петнаесет илјади, и со сето срце ги кренавме рацете кон семоќниот Бог. И кога дојдовме, со помош на Христа и молитвите на светците нашите Отци, во месец јули, 27 ден, во сабота, во шест часот, навaливме на нив, и со благодетите Божја ги победивме сите нив, со голема победа, со восхитување на сите околу нас владетели и господа. И на Михаил Царот на Бугарија му ја отсеков главата со мечот; и неговиот гроб се уште е во нашата земја. И зедов многу имоти од тие господари[445].

Исто како што им беа дадени на Израелците, кога ја уништија целата фараонска војска, нивните коли и нивните коњи, за да ги преземат сите египетски поседи, така и ние со помош на Бога ја освоивме големата победа над нив и стекнавме во нашата

[444] В. Сандиќ,"Душанов Законик", - Школа гусала Сандиќ-, Београд, 2014, стр. 117 - 120 .
[445] Ibidem.

земја многу поседи – богаство. И со радост се вративме во нашата земја, славејќи го Бога и живеејќи благословено[446].

Но, ох, злото и штетното оружје на ѓаволот не дозволуваат да живееме добро и во мир долго. Затоа што ѓаволот, секогаш потикнувач на сето зло и злобност према доброто, меѓу луѓето на татковството на нашето сеење, и ги шири неговите лукави ѓаволски зборови. И родителите се загрижија поради мене и тие ги иритираа против мене, толку многу што да го нема моето име и живот. Како и многу одамна, безобразниот ѓавол ги налути браќата, синовите на Јаков, и ги сврти против убавиот Јосиф, нивниот брат, барајќи да го продадат во други земји, за да не биде наследник на земјата на неговиот татко. Но, Јаков не ја напушти Божјата добрина, ниту пак го уби, како што очекуваа. Исто така, моите добра, Неговата неискажлива мудрост ме спасува од толку многу зло, па дури и ме појачува на моќни начини. И направи ме господар и владетел на мојата татковина и владее шеснаесет години, а потоа десната рака на Севишниот Семоќен ме зајакнува уште со поголема чест. Исто како што прекрасниот Јосиф зајакнуваше со мудрост и го натера да биде владетел на многу народи и сета власт на фараоните и целиот Египет, на ист начин, по негов благодет – благослов, тој исто така ме премести од кралството во православното Царство. И ми ги даде во моите раце, како и царот Константин Велики, сите земји, и сите страни и морињата и големите градови на кралството Грчко, како што рековме претходно[447].

Уште откако дошол на власт во 1331 година, Стефан Душан јасно ги поставил целите на неговото владеење – да продолжи по патот на Светиот крал. Од тој момент до неговата смрт тој ја проширувал својата држава, која во своето време беше најголема во нејзината историја. Србија се прошири на сметка на Византија; со освојувањето на античките грчки градови и цели области, Стефан Душан ја презел и владејачката идеологија на византиските Василеви. Од 1344 година, кога значителен дел од грчките земји се наоѓале во рамките на неговото царство, тој се смета себеси не само за српски владетел, туку се потпишува и себеси како „fere totius imperii Romanie dominus“[448].

---

[446] Ibidem.

[447] В. Сандиќ,"Душанов Законик", - Школа гусала Сандиќ-, Београд, 2014, стр. 117 - 120 .

[448] Ст. Новаковић,"Законски споменици српских држава средњег века", Београд 1912, стр. 487-488 и 599.

На денот на Воскресението Христово, 16 април 1346 година, на Народното собрание во Скопје, Стефан Душан е крунисан за Цар на Србите и Грците. Според византиската традиција, во целиот православен свет може да има само еден цар. Неговата примарна должност беше да се грижи за вистинската вера и еден од основните начини да се оствари таа света должност било да се донесе закон. Царското законодавство има универзална задача, исто како што самата империја, во принцип, се протега низ целиот православен универзум. Така, крунисувањето на царот бил неопходен услов за вклучување во законодавна активност[449].

Станувајќи цар, Душан се стекнал со право и должност да донесува закони. Опишувајќи го крунисувањето на Стефан Душан како цар, византиски современик, изучувачот Никофор Григор, меѓу другото, рекол дека царот ја поделил својата држава и почнал да владее според римските обичаи[450]. „Сето ова се случи не по моја желба, или од која било сила, туку од благослов на Бога. И тие ме поставија за цар за секоја православна вера, да ја славам единствено со векови[451].“

Првите години на владеење на Српско-грчкото[452] Царство биле во натамошно проширување на територијата, но и во активниот прием на византиското право. За таа цел, во царскиот двор била воведена византиска церемонија како и многу бројни титули, како што се деспотите, севастократите и цезарите. Целото царство требаше да се формира врз основа на светите и божествените закони на православните цареви. Несомнено, авторитетот на римско-византискиот закон за Стефан Душан бил многу голем и дека тоа пресадување на истото место на српското обичајно право било една од неговите основни цели. Сложените потреби на српско-грчката империја отвориле многу нови прашања и ја покренале потребата да се донесат закони за многу правни односи, особено во делот на старото српско кралство. Значаен дел од државата, кој припаѓал на полето на римско-византиската правна традиција, со векови го градел и усовршувал правниот систем[453].

Од друга страна, била една млада српска држава, полна со енергија, но и подготвена да ги прифати напредните достигнувања. Во текот на зимата од 1345 до

[449] Ibidem.
[450] Б. Ферјанчиђ, С. Ђирковиђ Стефан Душан, стр. 152 228;
[451] В. Сандиќ,“Душанов Законик“, - Школа гусала Сандиќ-, Београд, 2014, стр. 121 .
[452] Тука спаѓа и Македонија која беше под Српска окупација односно дел од Србија.
[453] Н. Селаковиќ,“Душанов законик и правни трансплanti“, Београд, 2007, стр. 11 .

1346 година, Душан престојувал во новоосвоените области. Во оваа прилика, тој го донирал царскиот манастир Свети Јован Крстител во планините Меница кај Сера, на манастирот на Света Гора и на многу грчки господари. Овие повелби веќе покажуваат дека тој дејствувал како византиски владетел, кој покрај тоа што дава нови, издава и повелби на грчки јазик, ги потврдува старите привилегии.

Две години подоцна, при посета на Светата Гора, во зимата 1347/1348 година, царот за првпат се сретнал со Синтагмата на Матија Властар, последниот приватен зборник на римско-византиски закон, направена во Солун во 1335 година од страна на архиепископот на Света Гора, Матија Властар. Работата за кодификација најверојатно започнала во 1348 година[454], кога, по налог на Царската канцеларија, претходно преведена на српски јазик, скратената Синтагмата[455].

Ги изоставил скоро сите црковни правила и прописи кои немале правна санкција и ги додал скратените одредби на Јован Посник за црковните епитети за кривични дела. Најважните места во врвот на царската администрација на територијата на Византија биле заземени/окупирани од српските благородници, а нивните позиции барале познавање на позитивното право. Ова било исто така една од главните причини за превод на византиските правни зборници на српски јазик.

Царот Стефан Душан, не само што се сметал себеси за следбеник на византиската императорска традиција тој веќе се обидувал да ги третира на ист начин и своите нови субјекти. Покрај тоа што го потврдил старото и давал нови привилегии на грчката црква и на господарите, царот прифатил и грчки закони[456].

Осврнувајќи се на спомenатата традиција, царот го почитувал и тој сегмент од него, што се однесувало на законодавната активност на православниот цар. Се претпоставува дека главната цел на скратување на Синтагмата била да се произведе пократка збирка на византиските закони, што би ги користеле судиите[457], и дека не поминало многу време, се создало целокупен зборник, од кој дел станал и скратена Синтагма.

[454] А. В. Соловјев,"Постанак и значај Душанова законика", Београд, 1928, стр. 12;
[455] А. В. Соловјев,"Законодавство Стефана Душана цара Срба и Грка", Београд, 1928, стр. 89;
[456] Н. Селаковиќ,"Душанов законик и правни трансплaнти", Београд, 2007, стр. 12 .
[457] А.В. Соловјев,"Законодавство Стефана Душана цара Срба и Грка", Београд, 1928 стр. 88 .

Затоа и јас, највeрниот роб на Господ Мој Христос, со господ крунисан и благо верен цар Стефан, со вера што држејќи го царскиот скиптар во рацете, и со најсаканиот син на кралството, кралот Урош, и богослужена царица г-ѓа Јелена (сестра на бугарскиот цар), Јас посакав некои од вештините и законите од највистинската и православна религија и да се поставам, како тие треба да бидат поддржани и да се бранат во светото и сите совети и апостолска црква на Господ Бог и нашиот Спасител Исус Христос, по држави и градови, за да не се размножи секоја злоба, зло, имагинација и злобна омраза, но за да можеме сите да живееме во потполна тишина и мирен живот и во животот на православната вера, со сите луѓе на нашето царство, мали и големи, и да го достигнеме царството небесно во тоа идно време[458].

Законикот бил објавен на 21 мај 1349 година на скопскиот собор. Зборникот претставувал кодификација на правата и барањата на одделните класи и регулирање на сите класни односи, и се состоел од 135 члена. Во 1354 година во Собранието во Срез или Скопје, самиот Законик бил дополнет со уште 66 члена. Во овие членови најголемо внимание е посветено на напредокот на класните односи, обезбедувањето на ред и сигурност во земјата, а особено на борбата против кражби и грабежи – (разбојништво)[459].

[458] В. Сандиќ,"Душанов Законик", - Школа гусала Сандиќ-, Београд, 2014, стр. 121 - 122 .
[459] Н. Селаковиќ,"Душанов законик и правни транспланти", Београд, 2007, стр. 15 .

# 5. Душановиот законик

Не е зачуван ниту еден запис од Душановиот законик од времето на Царството, а камоли од оригиналот – дури ни посебен ракопис од првиот законик од 1349 година, што поради употреба требало да се умножи барем до 1353/1354 година, ниту ракопис со новелите, ако првично е посебно издаден, ниту едиствениот правен зборник составен од двата законика, при ажурирање и ревидирање на првиот. Сепак, не постои сигурен одговор на прашањето дали корекциите на редоследот на членовите и нивното групирање околу истиот предмет, или се веќе направени во текот на примената на првиот законик или најрано кога бил изменет односно ревидиран, кога некои регулативи, исто така можеле да бидат реформулирани[460].

Откриени се 25 транскрипции, од кои најважни се верзиите на ракописите изработени помеѓу XIV и XV век, заради нивната блискост со оригиналната верзија, како што се ракописите на Струга, Атос, Призрен, Ходош[461], и ракописите на Хиландар, Студеница, Бистрица итн. Другите верзии, кои можеби датираат од XVI и XVII век, имаат секундарно значење и може да се сметаат како копии на постарите ракописи.

Единствен исклучок е оној ракопис од Раковац[462], кој содржи 11 ставки, унии, копиран на почетокот на XVIII век. Првото печатено издание, објавено во 1795 година во Виена од страна на Н. Рајич[463], се засновало на ракописот на Текелија, кој содржел неодамнешна верзија (XVII век). Во текот на XIX век поголемиот дел од ракописите биле откриени и објавени, но првично биле уредувани само четири ракописи. Во последната четвртина од векот, голем придонес дал рускиот научник Флоринциј[464], кој во својата монументална работа ги уредувал интегралните текстови на четири ракописи (Флоринциј ги уредувал ракописите на Раваница, Софија, Атос и Струга.

[460] Ѓ. Бубало,“Време Душановог законика“,- Slovène- International Journal of Slavic Studies, Vol 4, №2, Београд, 2015, стр. 120 .
[461] В. А. Мациејовски,“Historia prawodawstwa słowiańskiego“, Варшава, 1832–1835.
[462] П. Ј. Шафарик,“Uebersicht der vorzüglichsten schriftlichen Denkmäler älterer Zeiten bei den Serben und anderer Südslawen“,ebenda, 53, Виена, 1831 .
[463] Н. Раич, Историја разнух славенских народов наипаче Болгар, Сербов и Хорватов, Vol 5, Виена, 1795.
[464] Т. Флоринциј, “Памјатники Законодатељнoj дејателности Душана царја Сербов и Греков“, Киев, 1888, стр. 1-15.

Како што беше истакнато претходно, двата последни ракописи имаат примарно значење)[465].

Бистричкиот ракопис може да се земе како можно потомство на таа гранка на ракописот, бидејќи сите промени во редоследот на членовите кај него се ограничени на првиот дел од Законикот. Во истата можност ќе ја посочи фрагментарно зачуваниот дел на Струшки, не само со промени во редоследот на членовите, судејќи според остатокот на делот од текстот на првиот законик, но и со тоа што почетокот на дополнување на дел од Законикот не е обележан со датумот на титулата, како и во сите други ракописи, туку продолжува без посебен белег на текстот од првиот дел. Затоа, може да се претпостави дека е препишана од уникатен ракопис, датиран од 1353/1354 година, во кој биле вклучени измените во првиот дел од Законикот[466].

Друга можност е, се разбира, дека при прогласување на новелата 1353/1354 само се додадени нови одредби без соодветни измени во првиот законик. Но, истакнувањето на овие можности не приближува до одговорот на прашањето дали сите зачувани записници потекнуваат од ревидираниот Зборник од 1353/1354 г. или меѓу нив има примероци кои потекнуваат од предците создадени со механичко спојување на двата зборника, без разлика дали првиот е променет или не, пред ревидирањето.

За Призренскиот[467] ракопис со сигурност може да се каже дека на својата корица првиот дел од Законикот е внесен без промени во редоследот и содржината на одредени прописи, или како посебен прв законик со механичко спојување со вториот законик, или преку ревидираниот зборник, ако тогаш не се направени измени во првиот дел[468]. Повеќето ракописи на постарата редакција содржат записници на два други правни текстови – Скратена синтагма на Матија Властар со Правилата на св. Јован Позника и Законикот на Јустинијан[469].

Законикот на Душан бил исклучително динамичен текст. Доколку е можно да се утврдат подоцнежните измени и дополнување во Законикот, и хронолошки да се

---

[465] P. Angelini,"The Code of Dušan 1349–1354",- Tijdschrift voor Rechtsgeschiedenis / Revue d'Histoire du Droit / The Legal History Review, Volume 80, Лејден, 2012, стр. 79 - 80 .
[466] Ibidem.
[467] С. Новаковиќ,"Законик Стефана Душана цара српског. 1349 и 1354.", Београд, 1870, стр. XII и XIII .
[468] Т. Флоринциј, "Памјатники Законодатељноj дејателности Душана царја Сербов и Греков", Киев, 1888, стр. 1-15.
[469] Б. Марковиќ,"Јустинијанов закон", САНУ, Београд, 2007 .

стават во одредено социјално-друштвено опкружување, тогаш обемот и природата на овие интервенции би можеле да се искористат како извор. Од она што е изоставено, ќе толкуваме кои одредби инаку ја изгубиле својата важност во различни актуелности односно услови. Од она што е сменето, на пример, можеме да следиме промени во казнената политика, нејзино ублажување или затегнување.

И од она што е преработено или поточно кажано, можеме да видиме кое е вистинското значење на првично нејасните или нецелосните регулативи. Затоа, ако не ја земеме предвид еволуцијата на Законикот, уредничките интервенции од XV век може некритички да се применат за реконструирање на минатото од средината на XIV век. Ова е причината зошто е важно да се идентификуваат слоеви на текстот, да се разликуваат оние што содржат подоцнежни дополнувања и промени од оние што припаѓаат на оригиналната верзија[470].

Постојат недвосмислени докази дека Законикот останал во сила во земјата на наследникот на Душан, барем во раните години на неговото владеење. Сепак, упатувањето на Законикот за изрекување казна во повелбите на императорот Урош има свои особености[471].

Најстариот зачуван ракопис на Душановиот законик веќе покажува промени во однос на првобитниот редослед на материјалот, кој се признава со многу оправданост во Призренскиот ракопис[472], а ракописите од првата половина на XV век го содржат текстот на Душановиот законик, со измената и дополнувањето кои настанале како одраз на адаптации на различни правни и социјални околности, но и на корисници со специфични цели и обем на правна јурисдикција. Такви се ракописите на Бистрица, Атос, Хиландар и Ходош[473].

Сепак, појавата на ракописи со одлики на треднички интервенции во структурата и содржината на поединечните регулативи не означуваат напуштање на една или повеќе верзии што се обидоа да го пренесе составот, редоследот на членовите и духот на Законикот од времето на неговото прогласување. Новата или новите

[470] Ѓ. Бубало,“Време Душановог законика“,- Slovène- International Journal of Slavic Studies, Vol 4, №2, Београд, 2015, стр . 123.
[471] Ibid. 125 .
[472] А. Соловјев,“Законик цара Стефана Душана 1349. и 1354. Године“, САНУ, Извори српског права VI, Београд 1980, стр. 120 - 137 .
[473] Ibidem.

редакци не ги заменуваат старите, не ги прават застарени и несоодветни за употреба, но различни верзии се се уште живи, се препишуват и се споредуваат рамо до рамо, се до радикалните уреднички измени на крајот на XVII и почетокот на XVIII век, што ги вовело помлад редакциски одбор. Она што е заедничко за сите овие ракописи е, сепак, спојувањето на Душанов законик со кодиколошката средина, чиј прв, непроменлив слој се состоел од Скратена Синтагма и Јустинијановиот законик[474]. За разлика од Законикот, СС и Јустинијановиот законик покажуваат конзервативност во текстот, без скоро никакви промени во уредничкиот тип – пропусти, релокации, дополнувања, освен специјалниот редакциски одбор на Скратена Синтагма[475].

Новаковиќ смета дека во составувањето на државниот законик, Душановиот законик, бил вклучен само државниот врв – царот, царицата и патријархот. Од друга страна, Соловиев прави паралела со законодавната работа во Русија во 1649 година и претпоставува дека во периодот пред Националното собрание, изготвил законодавен проект од некој вид комитет[476].

---

[474] В. А. Мошин,"Властерева синтагма и Душанов законик у Студеничком 'Отечнику',", Старине Јазу, 42, Загреб, 1949, стр 5- 25.

[475] Ѓ. Бубало,"Оглед из историје текста Душановог законика (рукописно окружење)", ЗРВИ, 50/2, 2013, стр. 730.

[476] Н. Селаковиќ,"Душанов законик и правни транспланти", Београд, 2007, стр. 14.

## 5.1. Донесување на првиот дел

За време на владеењето на царот Стефан Душан, Србија била територијално најголема, и во воена смисла, најсилна држава на Балканот. Аспирацијата на Стефан Душан била таа да остане и економски и културно најсилна држава и да го заземе местото на Византија, како најголемо православно царство.

По неговото крунисување, Душан станал цар на целиот византиски запад, а самата претпоставка за царската титула влијаела и на внатрешниот живот на државата, бидејќи Душан презел обемна законодавна активност. Новите можности, исто така, барале нови законски реформи и во овој поглед, во врска со Законикот го посветил поголемиот дел од своето време на регулирање на правната положба на социјалните слоеви (друштвениот слој), нивните меѓусебни односи и односи со царот[477] “.

На 21 мај 1349 година завршен бил и прогласен во Скопје „Законикот на благоверниот цар Стефан“, познат како Душанов законик. Тој не бил исклучиво, дело на царот или неговите советници, туку бил донесен како што се вели и во насловот: „од православната Сабора нашего, преосвештеним патријархом кир Јоаникијен и васели архијереји и црковники, малим и великим и многу благоверним царем Стефаном и васеми властели царства ми и малими же и великими[478].“

Законикот на Стефан Душан не е зачуван во оригинал[479]. Оригиналната верзија, веројатно зачувана во царската канцеларија, се уште не е откриена; според теоријата на С. Новаковиќ, можело да се напише како хрисовули.

Имено, сложените потреби на српско-грчкото царство покренувале многу нови прашања, и предизвикувале потреба од озаконување на многу правни односи за кои нема ни збор во преведуваните византиски зборници. Така, византиските зборници (Прохиронот, Властаревата Синтагма) најмногу говорат за граѓанското, кривичното и црквеното право, најмалку за уставното право и за судската постапка. Душановиот законик, пак, од 1349 година во своите 135 членови најмногу се занимава со прашањата сврзани за односите на поодделните сталежи (класи) спрема владетелот и меѓу себе. На тие односи посветена е половината на Законикот донесен во 1349 година.

[477] Љ. Кркљуш, Правна историја српског народа, Нови Сад, 2002. године, стр. 56- 57
[478] Б. Поповска,”Државно-правна историја на Македонија VII-XX век“, Скопје, 2010, стр. 72 - 73 .
[479] С. Јантолек,“О Душановом законику“, Београд, 1948, стр. 39 - 41 .

Исто така, како што спомнавме, многу одредби говорат за судската постапка, која е многу малку регулирана во спомнатите византиски зборници и која во српскиот суд доста се разликувала од сложената грчка постапка. Во Душановиот законик има и доста одредби од кривичното право, главно за оние прашања кои ги нема во Синтагмата. Најмалку одредби има од областа на граѓанското право, затоа што таа материја главно била регулирана со Синтагмата[480].

Многу одредби од овој Законик спаѓаат во административното право, односно управното право, и говорат за државната управа. Законикот на Душан, законски го признал нивниот социјален ранг, заради истакнатата улога и привилегии што им биле дадени на верските институции[481].

Сепак, имајќи предвид дека записниците од Душановиот законик биле создадени во текот на долг период од неколку векови и по неговата смрт, укажува на можноста да продолжат да важат голем број правни правила содржани во Законикот[482]. Важно е да се напомене дека Душановиот законик претставува кодификација на обичајното право и на византиското право, кое се засновало на античкото римско право[483].

За времето и приликата во која бил донесен и спроведуван, законот бил напреден. Тој ја вовел независноста на судовите, покрај колективната и индивидуалната одговорност за стореното кривично дело, без да направи голема разлика во социјалните класи, и по својата автономија тој дејствувал и на царот. Законикот на Душан бил во главите на обичните граѓани многу долго, неколку векови, дури и до XIX век. Царот Душан во законскиот текст внел се што наметнал тоа време како потреба да се регулира, поточно, се што се случувало во реалноста и што не било напишано никаде, туку се користело обичајното право.

Не постои соодветна и целосна систематизација на кривични дела во рамките на самиот правен текст, но може да се најде во текот на правниот текст, мешан со одредбите на другите гранки на правото: семејство, наследно, имотно, договорно и слично. Законикот ги казнувал различните недопуштени човечки дела наречени со

[480] Ibidem.
[481] С. Ќирковиќ,"Pravoslavna crkva u srednjovekovnoj srpskoj državi 1219–1969", - Spomenica o 750-godišnjici autokefalnosti, Beograd, 1969, стр. 31- 51 .
[482] Љ. Крклјуш,"Правна историја српског народа", Београд, 2009, стр. 40-41.
[483] А. Соловјев, Душанов законик, Београд, 1929. године, стр.17-39

терминот „Зло“, изјавувајќи „кој прави зло“ ќе биде казнет[484] ..... Законикот на Душан на неколку места споменува заштита на имотот со пропишување казна за лице кое нешто со своите активности прави штета или против имотот на друго лице, конкретно упатувајќи на крадци, пирати и разбојници.

Како што е погоре кажано, Душановиот законик во старите ракописи никогаш не се јавува сам, туку секогаш на трето место по Скратената Синтагма и т.н. Закон на царот Јустинијан.

Законикот имал многу слаб систематски поредок, ограничен на диспозиција на црковно право, и иако во некои случаи поглавјата што ја регулираат истата материја биле распоредени едно по друго, како на пример поглавјата за убиство (94 – 96), воениот закон (129 – 132), кражби, грабежи (145 – 150) и криминални фалсификати (168 –170), се чини дека не е можно да се поддржи присуството на генерален систематски редослед на диспозициите[485].

Покрај промените што се резултат на намалувањето на материјалот, подеднакво важни се и оние што се рефлектираат во новата систематизација. Покрај измените направени како резултат на намалувањето на материјалот, подеднакво се значајни и оние што се рефлектираат во новата систематизација, чии први обиди можеа да се направат пред ревидирањето на Законикот, 1353/1354 година. Испуштањата и преместувањето на членовите со текот на времето зазеле толку голем интензитет што е тешко денес да се воспостави првобитниот редослед на членовите. Постои забележителна потреба правниот материјал да биде доследно усогласен по сродство, за да може да се постигнат подобри суштински единици, исто така истакнати со заеднички наслови[486].

Сепак, начините за артикулирање на распоредот на матријалот со насловите се разликуваат толку многу меѓу ракописите, што е многу тешко да се посочат оние што имаат потекло од оригиналната верзија[487].

---

[484] С. Стојичић, Душанов законик, Лесковац, 1970. године, стр. 36-39.

[485] А. Соловјев,“Законик цара Стефана Душана 1349. и 1354. Године“, САНУ, Извори српског права VI, Београд 1980, стр. 9 - 14 .

[486] Ibid. 119 – 137 .

[487] С. Ќирковиќ,“Студије о Душановом законику 1“, Београд, 2006, стр. 7 - 41 .

Од друга страна, истите наслови повторувани пред одделни членови или групи на членови расфрлани на различни места во Законикот, веројатно, претставуваат еден од критериумите според кои била направена селекција на материјали, преместувајќи ја од првичното место и собирајќи прописи за истиот предмет под еден наслов лоциран на почетокот на групата така избрани. Притоа, не е нарушен принципот на регулативата/прописите да не се пренесува од првиот на вториот законик и обратно. Скоро сите преместувања ја потврдуваат оваа претпоставка[488].

Законикот имал за цел, не само да обезбеди позитивен правен материјал туку да сведочи со својот изглед и авторитет за раскошните традиции на средновековната држава во согласност со аспирациите за историцизам. Законикот бил збогатен со голем број ракописи со текстот на српската хроника. Всушност, додека XIII век се приближувал, неговата улога преземала предност над правната практика[489].

[488] Ѓ. Бубало,''Време Душановог законика'',- Slovène- International Journal of Slavic Studies, Vol 4, №2, Београд, 2015, стр. 131 .
[489] М. Бошков,"Три брата Мрњавчевића у рукописној традицији рачанских летописа", у: С. Томин, Љ. Пешикан-Љуштановић, Н. Половина, ред., Зборник у част Марији Клеут, Нови Сад, 2013, 339–356.

## 5.2. Донесување на втор дел на Душановиот законик

Вториот дел може да се смета како додаток кој содржи диспозиции на хрисовули и простагмата, изготвени од канцеларијата помеѓу 1349 и 1354 година. Царот им го додели на црковните институции, руралните села, градови и области и беа вклучени во Законикот со цел да се обезбеди униформна примена на сите царски територии[490].

Усвојувањето за кодификација на законикот на Душан претставуваше воведување во новородената грчко-српското Царство на изведен византиски правен систем. Царството беше поделена на два дела делумно: северниот дел, наречен „српска земја“ управуван од синот на Душан, цар Урош V, а јужниот дел наречен „грчка земја“, управуван од самиот цар Душан[491]. Де-факто и двата дела беа под надлежност на царот Душан, кој му дал на својот син титула цар, за да го легитимира успехот[492].

По издавањето на првиот дел од Душановиот законик, 1354 година на собор во Скопје или Сер, законикот е дополнет со нови одредби. Овие одредби по својот каракгер биле или дополнение на поедини членови од I дел, или самостојни одредби за нови правни прашања чие регулирање практичните потреби го наметнувале по донесувањето на I дел од Законикот.

Посебно место во II дел од Душановиот законик заземаат строгите одредби за борба против “гусарите и татите“, односно разбојниците и крадците и против нивните јатаци (чл. 143, 145 - 150). За нив се предвидени мошне строги казни: бесење и ослепување. Вториот дел, во судењето воведува поротно судство составено од 24, 12 и 6 поротници кои решаваат со мнозинството на гласови, со што се отвораат широки можности за примена на српското обичајно право[493].

Во II дел со повеќе одредби, Душановиот законик го нагласува начелото на законитоста. Така, во чл 136 се вели „књига царства ми дасе не преслуша где приходи, или ка госпожли царици, или ка краљу, или ка властелом, великим и малим, и всакому

[490] P. Angelini,“The Code of Dušan 1349–1354“,- Tijdschrift voor Rechtsgeschiedenis / Revue d'Histoire du Droit / The Legal History Review, Volume 80, Лејден, 2012, стр. 86 .
[491] Т. Тарановски,“Историја српског права у немањићкој држави“ - Класици југословенског права-, Београд, 1996, стр. 250 - 251 .
[492] А. Соловјев,“Предавање из историја словенских права“, Београд, 1939, стр. 383 - 384 .
[493] Б. Поповска,“Државно-правна историја на Македонија VII-XX век“, Скопје, 2010, стр. 78 .

човеку‘‘, што значи дека никој па ни самиот цар и царица не се над законските одредби. Натаму, одредбите на законикот не смее да ги прекрши ни самиот владетел. Тој не смее да ги прекрши повластиците дадени на градовите, па така во Душановиот законик се вели: *„хрисовољи царства ми што су учињени градовом царства ми, да им неста воља потворити ни господин цар“(чл. 137).* Во натамошниот текст оваа одредба се воопштува и се востановува општото правило според кое наредбите на владетелот кои му противречат на Законикот немаат вредност. Ако таква противречност се утврди, судот е овластен самиот да ја пресуди работата. Така, во чл. 171 се вели: *„Акте пише књигу царство ми или по службе, или по љубви, или по милости ча некога, а она - за књига разара Законик, не по правде и по закону, како пише законик, судије ту - за књигу да не верују, такмода суде и врше како је по правде".* Веројатно дека одредбата на чл. 171 била повеќе од декларативно отколку од ефективно значење, меѓутоа сепак заслужува внимание како израз на политичко-правната идеологија на тоа време, особено ако се има предвид дека не доаѓа случајно, туку како круна на цела една низа поединечни прописи, кои во себе го содржат барањето за однесување „по законот“, односно ништо да не се дозволува „пред закон“[494].

Овие одредби без сомнение се резултат и израз на забрзаниот тек на развитокот на Немањичката држава и влијанијата кои доаѓале од развиените европски културни центри, како источните, така и западните. Овие одредби чл. 171 и чл. 172 е утврдено во правно - историската наука, се позајмени од византиското право и најмногу, според Соловјев[495], се приближуваат на Новелата на Манојло Комнен од 1169 година. Навистина, во византиското право (иако тоа понекогаш ја повторува старата реченица: *princeps legibus solutusest,* владетелот е слободен од законот) се наоѓа целото учење за тоа дека *princeps legibus alligatus* - владетелот е врзан со законите и дека општите закони *(leges generales)* издадени од владетелот и сенатот се од поголемо значење од поодделните владетелеви укази. За востановувањето на начелото на законитост во Немањичката држава помогнале и западните влијанија, под кои се наоѓала средновековна Србија. Особено улогата и контактите со Дубровник. Не е случајно што токму во договорите со Дубровник доаѓа онаа основна формула „по законот‘‘, но која е

[494] Б. Поповска,”Државно-правна историја на Македонија VII-XX век“, Скопје, 2013, стр. 78 .
[495] А. Соловјев,“Предавање из историја словенских права“, Београд, стр. 143 - 160 .

изразено основното барање на начелото на законитоста и која што како што рековме толку често се среќава во Душановиот законик[496].

Во наредниот период, царот Стефан Душан објавил некои од новелите, за кои се претпоставува дека се кодифицирани на собранието, кое е одржано помеѓу 1 септември 1353 година и 31 август 1354 година. На тоа Државното собрание, кое се претпоставуваше дека ќе се одржи во Сер, Душановиот Законик беше дополнето со 66 нови члена, а после тоа брои вкупно 201 члена[497].

[496] Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија VII-XX век", Скопје, 2013, стр. 78 .
[497] Н. Селаковиќ,"Душанов законик и правни трансплanти", Белград, 2007, стр. 15.

## 5.3.Значење на Душановиот законик

Самиот Законик не претставува српско законодавство како целина. Иако ги регулира правните позиции на социјалните класи, нивните меѓусебни односи и односот према Царот, како и организацијата на судството и судските постапки кои значително се разликуваат од византиското право, повеќето одредби од граѓанското право се содржани во Скратена синтагма. Затоа, Душанскиот законик никогаш не се појавува сам во постарите записници, туку на третото место, по скратената синтагма и Јустинијанскиот закон[498].

Душановиот законик со преведените и скратени византиски зборници (СС и ЈК) претставувал една доста хармонична целина. Како што рековме, византиските зборници опфаќаат главно одредби од материјалното право, граѓанско и кривично, додека Душановиот законик ги регулира сталешките(класните) односи, како и прашањата сврзани за местото на судот и карактеристиките на судската постапка. Така, во врска со последното според законикот (чл. 30, 92), забрането било секакво самоволие. Па така, *„силе да нест никому за један дуг у земљи царској",* пишува во чл. 101. Насилникот („најахалац“) морал да биде казнуван како убиец со умисла[499].

Со строги казни законикот им се заканувал на оние кои би го одбиле судскиот чиновник или би го осрамотиле судијата (чл. 107 и 111), додека судијата морал да биде правичен и да не бара никакви бенифици *„оброка по сили“* (чл. 110)[500].

Овој Законик го поставува православното собрание напреосвештеним, Господ Јоаникије, и сите архиереи и свештеници, мали и големи, и со мене, благословниот цар Стефан и сите цареви на царството, малите и големите. Цар Душан бил голем и многу паметен цар и тој каде што одел, и при секое усвојување на нови територи со него носел цел тим на соработници писари и на секое место го именувал према местоположбата, и сето тоа се запишувало во книги, тие имиња на градови, планини, реки и др. и ден денес ги носат истите имиња и секаде го ширеше христијанството[501].

---

498 Љ. Кркљуш,“Правна историја српског народа“, шесто издање, Центар за издаваштво и информисање, Београд, 2014, стр. 37-39 .
499 Ibidem.
500 Б. Поповска,”Државно-правна историја на Македонија VII-XX век“, Скопје, 2010, стр. 77 .
501 В. Сандиќ,“Душанов Законик“, - Школа гусала Сандиќ-, Београд, 2014, стр. 21 .

Карактеристично за ДЗ е што тој е законик што важи на целата државна територија, што во периодот во којшто бил донесен и важел без исклучителна појава. Исто така, настојувајќи да ги обедини старите и новооснованите области не прави никаква разлика меѓу победителите и победените, и ги гарантира сите стекнати права на православната грчка црква, на грчката властела и на грчките градови.

Споредено ова настојување со правните прилики во Византија, на територијата во XIII век под власта на франечките витези, мора да се истакне прогресивноста на некои решенија (секако за тоа време). Имено, во XIII век француското, каталонско и млетачко благородништво во Атина и на Пелопонез, на Кандија и на Кипар го донесувало со себе системот на персонални закони. Потполни права уживале само Французите, кои се управувале по своите феудални законици.

Византиското право е потиснато во позадина, додека Грците се сметале за поданици од втор ред. И само поодделни Грци добивале *privilegium francitatis,* повелба на повластени франачки права и станувале полноправни граѓани. Ова го нема како што гледаме во Душановата држава;

Душан се стреми да создаде единствен правен систем, еден „закон по свој земљи‘‘[502].

[502]Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија VII-XX век", Скопје, 2010, стр. 77 .

## 6.Главните одредби на Душановиот законик

Законикот на Душан содржи 201 член. Првите 38 члена се посветени на црквата, проследени со одредби кои се однесуваат на привилегиите на сопствениците-господарите и слободни луѓе и нивните должности, а потоа и одредби кои се однесуваат на обврските на зависното население, себора (селани и земјоделци). Следниве се одредби за судството, казни за разни видови на кривични дела и други дела.

Една од важните одлики и принципи на Душанскиот законик е големо почитување према црквата. Самиот Законик започнува со прописи за црквите и црковните односи. „ Најпрво за христијанството, веќе го имаа образот да се очисти христијанството “, се вели во член 1 од Душанскиот законик. Кога станува збор за вера, е многу интересна и карактеристична терминологијата на Законикот во врска со различните христијански вероисповести-религијата. Само православни се сметаат за христијани. Тие се единствените „вистински христијани“, додека католиците се „еретици“ и „азими“. Католицизмот, во врска со православието, ерес, затоа што ја проповеда Законикот на Душан, ‘‘азимство“ т.е. поинаков начин на причест од Православните[503].

Законикот исто така ги содржеше правилата на брачното право, граѓанското право и кривичното право, како и правилата на судските постапки. Со оглед на широчината на области на општествени односи што тој ги регулира, Законикот може да се смета за Устав на средновековна Србија. Може да се забележи дека не постои целосна систематика во Душанскиот законик. Не ги регулира редовните односи, но е регулирано со повелби и претходни закони. Основната намера на законодавецот беше да ги регулира новосоздадените односи, предизвикани од проширувањето и зајакнувањето на државата, како и да се потврдат стекнатите права и односи, чиј предмет беше од важност за владетелот и државата[504].

Големата важност на самиот законик на Душан не само што се рефлектира во правото, тој е важна и како културен споменик, туку и како важен историски извор.

[503] Б. Благојевиќ,‘‘Законик цара Душана – основ законистости средњевековне Српске државе“, Скопје, 1939, стр. 35 .
[504] Ibidem.

Тоа е синтеза на византиското право и античките српски обичаи во време на феудален социјален поредок, а нејзиниот класен елемент е резултат на еден вид компромис меѓу владетелите, световни и духовни достоинственици.

Како што рековме и погоре првите членови сочинуваат посебен оддел - за црквата. Во сите држави на тоа време црквата заземала особено повластена положба, поради својата економска моќ, поради фактот што била еден од првостепените политички фактори во државата, меѓутоа и како најсилен културен чинител.

Во католичката црква од тоа време гледаме како папата се издигнува над владетелот, како наместник на Господ на земјата, како некогаш води борба против непослушните владетели, како и за себе бара световна држава. Такво нешто нема во православната црква. Во Византија царот како „чувар на верата" имал право да влијае и на црквените работи; тука царот бил по правило посилен од патријархот, и црквата речиси никогаш не доаѓала во судир со монархот. Затоа често во литературата може да се сретне поимот *„цезаропапизам"* во Византија, наспроти терминот *„папоцезаризам"* во Рим, со кои термини всушност се означува односот меѓу владетелот и црквата[505].

И царот Стефан Душан како православен цар, во својот Закоинк, во повеќе членви ги регулирал прашањата кои шго се однесувале на црквата и ја штител православната вера. Саборот во 1349 година донел стриктни одредби за задолжителноста на црквениот брак, потоа го утврдил правото на спископите верниците да ги колнуваат со духовни казни, а особено внимание се обрнало на борбата против католицизмот и ересот.

Верската нетрпеливост била значајна ознака на тоа време. Доволно е да се спомне дека во ова време римскиот папа неколку пати проповедал крстоносна војна против „неверниците‘‘ во кои ги вбројувал и босанските богомили и „шизматиците" (православните) и го благословувал унгарскиот крал Лудвик да биде водач на свтската војна за одбрана на христијанството (католицизмот).

Папата истовремено се трудел и византијскиот и српскиот владетел да ги потчини на католичката црква. Оттука Душановиот законик зазема одлучен став против ширењето на католичката вера во Србија. Католицизмот Душановиот законик

505 Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија VII-XX век", Скопје, 2010, стр. 73 .

го нарекува „латински ерес“, а католиците „полуверници“. Така, никој од православните нема право да помине во „азимство“, туку треба повторно да се врати во „христијанство“ или да биде казнет (чл. 6).

Исповедањето на католицизмот било дозволено; по градовите на Србија имало доста католички епископи, попови и манастири, меѓутоа ширењето било забрането: латинскиот поп мора да биде казнет ако православен преведе во латинска вера (чл. 8). Мешовит брак меѓу католици и православни се раскинува, ако сопругот, односно сопругата, не премине во православието (чл. 9); на исто гледиште стоела и католичката црква. На еретиците (богомилите) Законикот им се заканувал со телесна казна и прогонство (чл. 10). Забранета била продажбата на православен роб во „ниедну веру-во ниедна вера“ (чл. 21)[506].

Душановиот законик содржи и многу одредби за манастирите кои ги дополнуваат односните одредби на Синтагмата, а главно се засноваат на Василиките. Главни повластици на црквите и манастирите биле ослободување од сите даноци и терети спрема државата и исклучиво право на црквата да им суди на „црковните луѓе“ (на зависното население на црковните имоти, чл. 33).

Духовниот суд бил потполно независен: световната власт („козмици“, *грч. kosmikoi)* немале право да судат во духовни парници (чл. 12), додека пак од друга страна, црковните власти често имале право да судат световни предмети. Како должности на црквата се спомнува обврската по сите манастири бесплатно да се хранат сиромашните (чл. 28), и благо да постапуваат со своите селани (чл. 32)[507] .

Од член 39 почнува одделот за другиот повластен сталеж – властелата. Според Душановиот законик и Србите и Грците се еднакви пред законот: нивните баштини добиени пред Душан се неприкосновени (чл. 39). Исто така, баштините подарени од цар Душан се исто „тврди‘‘ како подарените од грчките цареви (чл. 40). Баштината станува наследна не само во директна линија, туку и по странична, до третиот братучед“, односно до осмиот степен на сродството, како и во Византија во тоа време (чл. 41). На властелинот му е загарантирано повторно баштинско право на своите отроци (чл. 44): тој може самиот да ги ослободи, или да им суди. Властелинот има баштинско право на манастирот ако таков соѕидал на својот имот. Властелинските

[506] Б. Поповска,”Државно-правна историја на Македонија VII-XX век“, Скопје, 2010, стр. 73 - 74 .
[507] Ibidem.

баштини ослободени се од сите работи и давачки, освен во два случаи: воена обврска и соќе (чл. 42). Овие повластици и биле и пред Душан главно познати на Српската и Гчката властела, меѓутоа немаше општи закони со кои тие би биле санкционирани[508].

Повластената положба на властелата се гледа и во начинот на пропишаната заштита во одредбите кои се однесуваат на кривичното право. Имено, од одредбите произлегува фактот на нееднаквата правназаштита на припадниците на различните сталежи(класи). На пример, властелин кој ќе навредел себар се казнувал само со глоба од 100 перпери(златници), додека себарот кој што ќе го навредел властелинот, се казнувал не само со парична, туку и со телесна казна (со тепање, по чл. 50, односно со „смуѓење“, т.е. со спалување на брадата и косата, по чл. 55).

Овие разлики изгледаат како неопходно дополнение на Синтагмата во која се наоѓаат општи одредби за кривичните дела, меѓутоа без сталешки(класни) разлики, зашто византиското право се засноваше на старите римски сфаќања дека сите граѓани (со исклучок на робовите) се еднакви пред законот. Меѓутоа, всушност токму Византија во XIV век имала повластена властела (дури со поделба на властела и властелинчиња *(archontes и archontopouloi).* Интересни се и различно се толкуваат одредбите од Душановиот законик кои се однесуваат на заштитата на зависните селани од самоволието на властелата. Имено, обврските на себрите се точно утврдени во Законикот и повеќе од тоа, значи, пред законот, властелинот не смее ништо повеќе да бара[509].

Па така, додека оваа и некои други одредби од законикот, во постарата историографија се толкуваат како ,грижа за правата на селаните, за нивна заштита од властелата“ со што цар Душан се јавува „како наследник на најдобрите традиции на византиските цареви, како Роман Лакапен и Василие Бугароубиецот, кои создаваа новели во корист на селаните’’, дотогаш во поновата историографија се укажува на романтичарскиот карактер на ваквото толкување и се истакнува изразито класниот карактер на сталешката држава. Веројатно, ваквите одредби во Душановиот законик се внесени врз основа на свеста за потребата себрите да се заштитат од прекумерното

[508] Ibidem.
[509] Б. Поповска,’’Државно-правна историја на Македонија VII-XX век“, Скопје, 2010, стр. 75.

исцрпување и истовремено да се неутрализира нивното незадоволство од тешката положба[510].

Средновековното кривично право се засновал на обичајното право, но претрпе големо влијание од Византија[511]. Во времето на средниот век, обичаите биле најважните извори на правото, покрај властителските повелби или манастирски хрисовули. Со зајакнувањето на суверената централна власт, правната сигурност во Србија (односно во Словенскиот народ во тогашна Србија) ослабе со текот на времето. Законодавството во средниот век се карактеризираше, пред се, од несистематско, односно немаше специфични гранки на правото, но единствениот правен споменик во тоа време регулирал различни области на правото: граѓански, семејни, наследни, задолжителни (облигациони), кривични итн. Ова значи дека законските текстови од тоа време, без посебна внатрешна систематика, се обидувале да го регулираат целиот живот на населението и односите во општеството[512].

Притоа, треба да се истакне дека во законодавството во тоа време во голема мерка влијаеше религијата, па освен владетелот и државата, а црквата се сметаше за најважното социјално добро и секој напад врз неа беше строго казнет со смртна казна. Корените на српскиот(словенскиот) средновековен закон се засноваат на римско и византиско право, а првиот правен споменик е создаден со кодифицирање на тогашното широко користење и во голема мера применливото обичајно право, црковно право и византиско право.

Влијанието на византиското право врз средновековната српска-словенска легислатива(законодавство) се рефлектира и во примената на тешка и оштра телесна казна (која дотогаш не го познавало римското право) и смртна казна. Финансискиот надоместок што го плаќа сторителот на оштетеното семејството постепено се внесува во системот на кривични санкции. Покрај индивидуалната кривична одговорност, ова е и време во кое широко се применува колективна одговорност (на пр. Села) за кривично

[510] А. Соловјев,"Предавање из историја словенских права", Београд, 143 – 160 .
[511] Ф. Бачић,"Опћи поглед на средњовјековно кривично право", Зборник Правног факултета у Загребу, Загреб, број 5-6, 1988. године, стр. 683-700.
[512] Ibidem.

дело, затоа што куќата, задругата или селото биле одговорни за штетата на имотот предизвикана од нивниот член[513].

Најзначајниот пишан правен споменик на средновековната српска легислатива(законодавството) е Душанскиот законик, и заради неговата голема важност се сметаше и за „Устав“ на средновековната српска држава. Во најголем дел, тој е посветен на кривично право[514].

Во областа на кривичното право како што рековме погоре Душановиот законик потполно го прифатил суровиот византиски систем на телесни и смртни казни. Уште во 1308 година кралот Милутин одбил да ја воведе смртната казна за убиство, која од него ја барале Дубровчаните, зашто старото српско право ги казнувало виновниците со парична казна (вражда). Во Душановиот законик е честа паричната казна, глобата, меѓутоа се предвидува и смртната казна. На пример, спалувањето на оној што ќе го убие татка си (чл. 96) како и во византиското право; бесење (во чл. 95 и 130). Чести се и телесните казни, позајмени од византиското право (отсекување на рацете, носот, ушите и т.н.); феудалната држава на овој начин во интерес на сопственото зацврстување настојувала виновниците да ги елиминира или што повеќе да ги застраши-заплаши. Сепак, постоел начин строгоста на законот да се ублажи.

Владетелот го имал правото да ја прости или олесни казната. Ова било старо начело на византиското право, изречно спомнато во СС. Постоел уште еден начин на олеснување, односно простување на казната - тоа било правото на азил. На секој виновник кој што ќе се засолнел во црква му се простувала казната. Ова византиско начело спомнато во Синтагмата било дополнето во Законикот со одредбите според кои и патријарховиот двор и царевиот двор ги уживаат истите права. Според тоа, затворениот што ќе побегнел од темницата во царевиот двор добивал слобода (чл. 112 и 113)[515].

---

513 Ђ. Миловић, Општи поглед на историјски развој кривичног права, Правни зборник, Титоград, број 3, 1960. године, стр. 83-97

514 М. Доленц, Душанов законик, Љубљана, 1925. године, стр. 56-89

515 Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија VII-XX век", Скопје, 2010, стр. 76 .

## 6.1.Црквата и христијанството

Во член еден во Душановиот законик се вели: Најпрво за христијанството. На овој начин да го прочистиме христијанството[516]. На одредбата што е токму така, тумачите и преведувачите на овој Законик се речиси непостојани, иако неговото значење е исклучително важно и многу јасно: законикот е направен со цел да се сочуваат вредностите на кои тие почиваат (или треба да се одмораат) односите меѓу поединците индивидуално и во општеството како целина, и дека тие вредности, кои христијанството канонизира преку Божјите заповеди, ги штитат и законските норми, барем колку биле оштри казните за нивно непочитување[517].

Црква во Византија, подчинета  од вселенскиот патријарх Цариградски, таа немаше симпатија кон српскиот народ, за свештенството на Србите, според обичаите на татковците, требаше да му служи со владетелот на Бога„. Иако српскиот народ ја прими црквата и нејзината целосна организација од Византија, таа не ја прифати подчинетата позиција на свештенството, што беше спротивно на неговата предхристијанска, привилегирана позиција.

Така, додека византиската војска во византиската империја била на прво место, дотогаш кај Србите, и до ДЗ, а и после неа, свештенството било прво и највисоко рангирано, носител на науката и мислата, со својата света мисија да му служи на Бога, вистината, предците и светоста на истите предци, кои според старата вера, навистина станале свети[518].

Свештениците биле добро сакани од Србите, кога успеале целосно да го остранат византиското влијание, останувајќи национално и работно, без да ја изневерат светата народна традиција на служење на небесното царство ... Оставувајќи се во оваа смисла на целосно национална традиција, самиот император Душан, во Законодавно-правното сабор, се стави пред своето господарство, но го постави свештенството пред него[519].

516 Група аутора, Душанов законик, Београд 1986, стр. 57 .
517 В. Сандиќ,"Душанов законик", Школа гусала Сандиќ, Београд, 2014, стр. 25 .
518 Ibid. 8 .
519 О. Л. Пјановиќ,"Срби...најстариот народ", Том II, Београд, 1990, стр. 19 – 20 .

Така утврдениот ред не треба да се сфаќа како место на моќ, во денешна смисла. Претставник на науката и знаењето, свештенството беше сфатено како мозок и ум на неговиот владетел, кој го привлече целото свое внимание, советувајќи се со него за државните работи, што ги правеше како владетел. И самиот владетел, кој претставуваше - по разбирањето на Србите - и умот и моќта, одржуваше рамнотежа помеѓу свештенството, умот и господарот и го заштитуваше најнискиот ред. На овој начин, владетелот го разбираат Србите, чие чувство за правда е невообичаено развиено, како фактор на рамнотежа, додека почитта кон свештенството беше почит кон умот, а не за сила и моќ[520].

## 6.2.Давачки и такси

Кефалиите (управник на градот) што се по градовите, да го земаат својот доход по законот, житото и виното и месото нека им се продава по динар, што е за друг по два, меѓутоа само тие граѓани да му продаваат, а друг никој. Сиротата куделница да е слободна исто онака како и попот(чл.64). За предавање земја на приставот(бил помошен судски орган-вид на сведок) три перпери од село, од млин три перпери, три перпери од жупата, од секое село три перпери, и од градот коњ и одело, од лозје три перпери, од коњ перпер, од кобила шест динари, од говедо четири динари, од овен два динари(чл.108). И што запишува царот баштина на оној што ќе му запише село, да даде на логотетот(управник на дворската канцеларија)  триесет перпери за хрисовулата, а на кој жупа, од секое село триесет перпери, а на ученикот за пишување шест перпери[521].

[520] И. Живанчевиќ,"Идна генерација", Београд, 1992, стр. 41-42 .
[521] С. Новаковиќ,"Законик Стефана Душана цара српског. 1349 и 1354.", Београд, 1870, стр. 10 - 11 .

# 7.Правото во Македонија во Средниот век според Душановиот законик

## 7.1.Семејното право

Карактеристиките на семејството и кај македонските Словени биле слични како кај другите словенски народи на истиот степен на развојот на општествените односи. Сочуваните извори што се однесуваат на бракот, говорат за постоењето на обичајот на многуженство кај Словените. Така, Кадлец, меѓу другите извори го посочува и Ибн Руста кој што говорејќи за Словените спомнува постоење на три жени кај еден маж. Ова, меѓутоа, не значело дека е тоа општа појава, туку најверојатно појава кај кнезовите и другите помоќните луѓе[522].

Властите и другите луѓе да не се венчаат без благослов на нивниот архијереј, или да ги благословуваат тие кој се архијереји што ги поставија како духовници[523].

Душановиот законик од XIV - век, со цел да го зацврсти христијанскиот брак, изречно нормира во чл. 3 дека ниедна свадба не смее да се направи без венчавање и дека „... ако се направи без благослов и не се праша црквата, таквите да се разделат‘‘. Нешто повеќе, чл. 9 од Душановиот законик го забранува бракот меѓу католици и православни па вели дека ако се најде полуверец (католик) кој зел христијанка, ако сака да се крсти во христијанството, а ако, не се крсти, да му се земат жената и децата, да им се даде дел од куќата, а тој да се протера.

Повеќе одредби за бракот, односно за условите за склучување брак, брачните пречки, разводот на бракот и т.н. содржи Скратената Синтагма. Таа содржи и одредби кои што го регулираат прашањето за миразот (прикијата) кој што жената го внесува во бракот, при што на мажот му се дава правото тој имот да го ужива, но не и да располага со него и да го наследува. За ова говори и Душановиот законик кој што во чл. 70 го нормира следното: „И кој ќе се најде во една куќа, или братучеди, или таткото со синовите, или некој друг, одделени со леб и имот, и ако биде на едно огниште, а инаку одделен, тој да работи како и другите мали луѓе[524].

---

[522] К. Кадлец,“Првобитно словенско право пре X века“, Београд, 1924, стр. 78 .

[523] С. Јасиќ,“Душанов законик“, Београд, 1968, стр. 1 - 2.

[524] Б. Поповска,’’Државно-правна историја на Македонија VII-XX век“, Скопје, 2010, стр. 92 .

## 7.2.Наследување

Податоци за наследувањето според обичајното право има малку. Основната причина лежи во самиот карактер на сопственичките овластувања на родот, односно семејната задруга. Кога станува збор за родот тука не можело воопшто и да стане збор за наследувањето со оглед на колективната сопственост над недвижностите, а пак што се однесува на подвижните ствари, како: оружјето, облеката, накитот и сл. тие се сметале за дел од личноста на поединецот и се погребувале со него.

Исто така, кога станува збор за семејната задруга со оглед на тоа што се работело за заедничка сопственост врз недвижностите, не можело да стане збор за наследувањето. Дури со појавата на индивидуалната сопственост, односно правната сопственост над недвижностите можело да стане збор за нследување.

При тоа, следејќи го обичајното право на македонскиот народ и во подоцнежни времиња (XIX век) јасно произлегува дека обичајното право им давало право на наследство на машките деца на оставителот, додека пак женските деца имале право на дел од имотот кој што го добивале како мираз при мажачката и тоа по правило право на подвижните ствари, а не и над недвижностите[525].

Што се однесува на наследениот феудален посед - баштината, чл. 41 од Душановиот законик вели дека „кој властелин нема деца или пак има деца, па му умрат, и по неговата смрт баштината останува пуста, каде ќе се најде од неговиот род до третиот братучед тој да ја има баштината‘‘. Душановиот законик не содржи одредби за наследувањето на парцелите на меропсите (зависните земјоделци).

Најверојатно властелинот одлучувал во конкретниот случај според конкретните околности поаѓајќи од интересот за обезбедување на своите приходи. Ограничувања во наследувањето имало и кај поповите, при што имотот можел да биде оставен само на машко дете под услов да биде поп; и кај занаетчиите чиј имот и занает останувале исто така на еден од синовите односно оној кој што ќе го изучел татковиот занает[526].

Наследувањето по завештание не е изречно-предвидено во Душановиот законик, меѓутоа, од чл. 40 според кој „И сите хрисовули и простагми што на некого му е дадено од царството ми и на кого ќе биде дадено, сите тие баштини да се сигурни како и на поранешните правоверни цареви; да се слободни и на црквата да и дадат, или за душа да ги остават, или продадат на кој било“, се гледа дека со баштината, односно

[525] Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија VII-XX век", Скопје, 2010, стр. 92 .
[526]Ibid. 93 - 94 .

со наследениот имот, баштиникот слободно располагал, што значи дека имал право и да ја остави кому сака по пат на тестамент. Исто така, во пописот на имотот на манастирот „Св. Богородица“ во Тетово од 1346 година содржани се и ниви кои што селаните му ги имаат завештано на манастирот[527].

[527] М. Андреев, Ф. Милкова,“История на бЪлгарската феодална държава и право“, Софиа, 1993, стр. 219.

## 7.3.Сопственост

Уште во време на населувањето на Балканскиот полуостров, а и потоа, основно занимање на Словените било земјоделството. Оттука, уште од време на населувањето и особено по населувањето, Словените ја познавале недвижната сопственост, кај која што, меѓутоа, како сопственик се јавувал не поединецот, туку родовската заедница или селската општина. Тоа значи дека првиот облик на сопственост над земјиштето кај Словените по населувањето била колективната сопственост.

Развиените општествени односи на византиската територија на која што се населиле македонските Словени, меѓутоа, и развиената приватна сопственост над недвижностите довеле до развој и посилна општествена диференцијација чиј израз било распаѓањето на колективната-општинска сопственост над ораниците и нивно трајно присвојување од страна на поодделните патријархални семејства со што се јавила како облик на сопственост задругарската сопственост над обработливото земјиште. Што се однесува на задругарската сопственост, самата задруга претставувала големо семејство кое што го сочинувале таткото, мајката, нивните возрасни синови и нивните жени и деца.

На чело на задругата се наоѓал најстариот машки член, а во врска со сопственоста над недвижностите, таа-тие биле во сопственост на сите возрасни машки членови на задругата. Тука се работело, значи, за вид на колективна сопственост со која што не можело слободно да се располага освен со согласност на сите задругари[528]. Инаку, Душановиот законик ја спомнува задругата како установа во чл. 70 во кој што говори за обврските на членовите на задругата по нејзиното делење и во чл. 70 каде што го регулира прашањето „за братската злоба‘‘.

Сето ова се уредуваше со Душанскиот законик, чин што ги систематизираше приватно-правните односи според нормите на обичајното право и на античките и средновековни Словени, кои земјата ја сметаа за државна сопственост и, како таква, можеше да се култивира-обработува. Затоа, не би можело да се расправа за наследување на сопственоста на земјиштето. Само имотот (како стан) и дворот припаѓале на имотот. Ако владетел имал право да го наследи државното наследство од кое е тужен владетелот, тој грант не претставувал должност како товар, туку како

[528] Б. Поповска,''Државно-правна историја на Македонија VII-XX век'', Скопје, 2010, стр 81.

признание дека имотната држава е сопственост на целиот народ во чие име владетелот располага како народен полномошник. (Семејството на починатиот голем човек му ги враќа на царот и коњот и оружјето како државна сопственост ставена на располагање на борецот додека бил во воена служба). Сопственик ја стекна сопственоста на земјиштето благодарение на неговата обврска да се подава-обврзе целиот живот нарекувајќи се себеси војник, а во случај на војна да оди во војска(војна). Прекинувањето на ваквите обврски значеше и обврска да се врати земјиштето стекнато како државен имот, и да и се врати на државата[529].

Од крајот на XI-от век со развојот на класичниот феудализам и пронијарскиот систем навлегувал во Македонија како составен дел на Византија, а од втората половина на XIII-от век и во Српската феудална држава преку Македонија и другите освоени византиски краишта. Во овој период почнало, во однос на карактеристиките на феудалната сопственост, да се прави разлика меѓу баштинската, како наследна сопственост, со која што властелинот баштиник(се регулира со чл.42) може сосема слободно да располага и пронијата(се регулира со чл.59) чие што користење било врзано за вршење на воената служба и со која пронијарот не можел слободно да располага. Пронијата можела да се наследува единствено под услов на вршење на воена служба. Со развојот на феудалните односи дошло и до зацврстување на имунитетните права на феудалците, односно: административниот, финансискиот и судскиот имунитет. Покрај феудалната сопственост, во класичниот феудализам во Македонија постои сеуште сопственоста на слободните селани на своите баштини (наследни имоти), како и приватната сопственост на градското население[530].

[529] В. Сандиќ,"Душанов Законик", - Школа гусала Сандиќ-, Београд, 2014, стр. 11 .
[530] Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија VII-XX век", Скопје, 2010, стр. 83 .

## 7.4. Облигационото право

Облигационото право кај македонските Словени се до X-от век било слабо развиено, со оглед на тоа што стопанството било натурално и се произведувало за задоволување на сопствените потреби.

### 7.4.1.Трампа

Што се однесува на Душановиот законик, тој во чл. 43 го вели следното: „Да не е овластен господинот цар ни крал ни госпоѓата царица на било кого да му ја земе баштината со сила, или да ја купи, или да ја замени освен ако некој сам се согласи[531]‘‘.

### 7.4.2.Заем

Во Душановиот законик од XIV-век исто така се содржани одредби за договорот за заем. Во чл. 90 пишува дека ‘‘каде што ќе се најдат залогите да се откупуваат‘‘, што значи дека должникот можел независно од договорениот рок, односно и пред рокот да го плати долгот (да ја откупи залогата[532]).

### 7.4.3.Договорот за подарок

Договорот за подарок бил честдоговор во Македонија во средниот век. Тој се јавувал како во односите меѓу владетелот и властелата, така и во односите на спомнатите спрема црквите и манастирите.

[531] Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија VII-XX век", Скопје, 2010, стр. 85 .
[532] Ibid. 87 .

### 7.4.4.Договор за остава

Душановиот законик во чл. 125 пишува дека во градовите нема приселица, туку кога оди жупјанин мал или голем, нека оди кај крчмарот нека му го предаде коњот и имотот, да го чува крчмарот, а кога ќе си оди гостинот, крчмарот се да му предаде што ќе прими од него, а ако нешто му снемало, се да му плати[533].

### 7.4.5.Меѓународни договори

Меѓународните договори со Дубровник и со Млетачката Република, исто така, претставувале извори на правото и со нив се регулирале правата и привилегиите на нивните трговци на територијата. Најзначаен таков договор бил договорот на цар Душан од 1349-та година со Дубровник, во кој што царот Душан ја презел обврската тој да им ја надомести штетата на дубровничките трговци, ако таква им е нанесена од страна на разбојници. Овој договор служел како пример на сите други меѓународни договори кои што се склучувале до пропаста на српската држава.

Посебно интересен е меѓународниот договор со кој што кралот Волкашин, во 1370-та година им ги потврдил привилегиите на Дубровчаните во неговото кралство. Во овој договор тој го вели следното: ,,И виде моето кралство што е запишано од господин цар Стефана и другите претходни господари, го прочита и виде кралството мое запишано од претходните господари како ги запишале и потврдиле хрисовулите и законите за град Дубровник,,.

По истиот начин и моето кралство не го поништи запишаното од нив туку подобро и поздраво го потврди кралството мое за да останат и понатаму здрави и непомрднати[534].

[533] Б. Поповска,''Државно-правна историја на Македонија VII-XX век'', Скопје, 2010, стр. 88 .
[534] Л. Лапе,''Историјата на македонскиот народ'', Скопје, 1975, стр. 182 .

## 7.5.Кривично право

Душановиот законик во чл. 30 го забранува самовласното намирување на правдата и го вели следното: „...ако некој некому е крив, нека се гони преку судот и со парница по законот; ако нанесе штета без суд, или некому додева, да плати седумпати повеќе.“ Инаку, и пишаното право морало да води сметка за обичајното право, па тоа го гледаме оттаму што кај кривичните дела против личноста во Душановиот законик преовладуваат имотните казни (откупот според обичајното право), како и во фактот што на пр. Кралот Милутин во 1308 година, ги одбил Дубровчаните да воведат смртна казна кај казненото дело убиство, поаѓајќи од обичајното право на плаќањето на крварината[535].

Законикот на Душан го регулира сеопфатниот предмет на средновековно кривично право и крајно придонесуваше за напредокот на земјата, како во законодавниот, така и во историскиот развој, за прв пат ги кодификуваше нормите што се применуваа само во обичаеното и канонското право. Со својот законик, Царот Душан ги постави темелите на кривичното законодавство во оваа територија и воведе институти кои и денес се уште ја наоѓаат нивната примена[536].

[535]Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија VII-XX век", Скопје, 2010, стр. 95 .
[536] Љ. Крκљуш,"Правна историја српског народа", Београд, 2009, стр. 107-109.

## 7.5.1.Видови кривични дела и казни според Душановото законодавство

Овој законик, како најважен извор на српското право, содржи бројни одредби за кривично право и го смета злосторството не како приватна работа на поединецот, туку како јавна работа што ја загрижува и се однесува на целата заедница. Законикот ги прогласува најсериозните и најтешките дела за јавни и се заканува со смртна казна и сурова телесна казна. Законикот направил разлика помеѓу намерата и небрежноста и предвидува казнување на само најсериозните несовесни престапи, со многу полесна казна[537].

Кривичните дела според Душановото законодавство можат да се групираат во неколку основни груни, и тоа:

1. кривични дела против феудалниот општествен и државен поредок;
2. против црквата и религијата;
3. против имотот; и
4. против личноста.

### 7.5.1.1.Кривични дела против феудалниот општествен и државен поредок

Во првата група казнени дела влегуваат казнените дела кај кои како сторител се јавувало зависното население, односно себрите; дела кај кои што како сторител се јавувала властелата; и делата против судството.

Делата на зависното население насочени против постоечкиот поредок се: оние кои што биле резултат на феудалната експлоатација и отпорот на населението против неа. Тука спаѓале следните дела: Собир на себрите, при што учесниците биле

[537] З. Стојановиќ,"Кривично право - општи део", XX издање, Београд, 2013., стр. 30.

казнувани со сечење на ушите, а нивните водачи со „смуѓење“, односно палење на косата и на брадата (чл. 69 од ДЗ)[538];

Бегање на меропсите (зависните селани) од властелинствата при што биле казнувани како самите меропси со „смуѓење“ и со сечење на носот (чл. 201), така и оние што им помогнале да побегнат ( чл. 101, 183) и оние властелини или старешини на градови што ги примиле на своето властелинство, односно во градската населба (чл. 140, 141); и

Одмазди на меропсите на властелинските имоти при што предвидени се два случаи и тоа: случај кога господарот на селото ќе умре, а неговото село ќе го запалат или разурнат селаните кое што Душановиот законик во чл. 58 го пропишува и го казнува само со надомест на штета; и случајот кога властелинот ќе избега, а селаните ќе му ја ограбат напуштената куќа и имотот кај кое извршителите биле казнувани како предавници (чл. 144)[539].

Во групата на кривични дела кај кои како сторители можело да се јави само властелата спаѓаат следните: Неверата (предавството) која што ја чинел властелинот тогаш кога немало да се јави на повикот на владетелот за војна било против надворешен непријател, било против друг властелин.

Инаку Душановиот законик не предвидува казна за ова кривично дело, меѓугоа според одделни повелби тоа било казнувано со конфискација на имотот на властелинот и некогаш и со сталешко(класно) деградирање[540];

Неплаќањето на соќа како обврска на властелинот спрема владетелот и како признавање на неговата врховна власт, се казнувало со задржување на властелинот врзан на дворот на владетелот додека не плати двоен износ (чл. 198);

Непокорување на наредбите на владетелот кое што го предвидува чл. 136 од Душановиот законик, меѓугоа за кое не е пропишана казна, веројатно затоа што ова дело можела да го стори само крупната властела, против која што владетелот не бил сигурен дека ќе може да ја изврши пропишаната казна.

[538] Ibidem.
[539] Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија VII-XX век", Скопје, 2010, стр. 97
[540] Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија VII-XX век", Скопје, 2010, стр. 97

**Во групата кривични дела против судството влегувале следните**: Самосуд, кој што претставувал самовласно, вон судот, намирување на правдата и за кое Душановиот законик предвидува седмократно плаќање (чл. 30);

Престојот или недоаѓање на повик на судот за кое што Душановиот законик предвидува, дека кога властелин не ќе се одзвел на судската покана, глоба од 6 волови (чл. 56); и Одбојот или противењето на судските органи, кој што според Душановиот законик се казнувал со пленење и со конфискација на имотот (чл. 107)[541].

## 7.5.1.2.Кривични дела против црквата и религијата

Во казнените дела против црквата и религијата Душановиот законик ги предвидува следните: Ересот, или богомилството, односно припадноста на друга секта. При тоа, ако се најде еретик да живее тајно меѓу христијаните, според чл. 10 бил казнуван со горење по образот и прогонство, додека оној кој што проповедал богомилство, „бабунски збор", според чл. 85 се казнувал - ако бил властелин со 100 перпери, а ако бил зависен селанец со 12 перпери и со тепање[542].

Католицизмот, односно преминот во католичка вера и пропагандата на католичката вера според Душановиот законик (чл. 6, чл. 8 и чл. 9) биле казнувани.

Од член 6 дознаваме дека имало православни кои преминале во римокатолицизам (ерес латински; азимство), а Законикот им заповеда да се вратат во Православието. Секој што не се придржува кон одредбите на Душанскиот законик, ќе биде казнет според законот на Светите Отци[543].

Член 8 се казнува римокатолички свештеник (поп латински) кој би ги претворил православните во римокатоличка религија, со смртна казна[544].

Член 9 предвидува римокатоличка религија на мажот како брачно мешање. Секако, ова брачно мешање може да се поправи со претворањето на римокатолиците во православна вера. Голем број православни луѓе преминале во римокатолицизмот, што го наложило законикот било неопходно и морало, под закана од казна, дека мора

[541] Ibid. 98.
[542]Л. Лапе,"Историјата на македонскиот народ", Скопје, 1975, стр. 173 .
[543] А. Соловјев,"Законик цара Стефана Душана 1349. и 1354. Године", Београд, 1980, стр. 176.
[544] E. Durham,"High Albania", London, 1909, стр. 294.

да се вратат во православната вера. Во оваа римокатоличка пропаганда учествувале и латино-католички свештеници, а Законикот предвидувал и казна за латинскиот поп. Бракот помеѓу римокатолиците и православните не беше дозволен[545].

Заклучокот извлечен од овие одредби е дека нивната главна цел била да го заштитат Православието од римокатоличко влијание. Така, забрането е верско Римокатолички проселетизам. Законикот не го забранува исповедот на римокатоличка вера од римокатолички верници кои се родени во неа, ниту пак нареди римокатолиците да преминат во Православие (освен член 9, но само ако римокатолиците сакат да го зачуват бракот со православните, што во суштина е уште една заштитна мерка). Забрането е пропаганда и претворање на православните во римокатолицизам[546].

Инаку, во српската феудална држава по градовите, по рударските и трговските места живееле доста католици кои што уживале слобода на вероисповедта, меѓутоа официјална вера било православното христијанство и тоа било со закон заштитено; Вражбините, како остатоци на старите верувања Душановиот законик строго ги казнувал (чл. 20 и чл. 109) настојувајќи населението да ги прифати христијанските догми.

[545] С. Стојановиќ,"Јеретик из члана 10 Душановог Законика", Зборник радова Правног факултета у Нишу, Бр. 85, Ниш, 2019, стр. 412 .
[546] Ibid. 413 .

## 7.5.1.3.Кривични дела против имотот

Во казнените дела против имотот Душановиот законик ги предвидувал следните, строго казнувајќи ги со цел за заштита на феудалната сопственост: Разбојништвото и кражбата (гуса и татба) биле казнувани исклучително строго (чл. 145-147). Така, разбојникот се казнувал со стрмоглаво бесење, а крадецот со ослепување.

Селото во кое што ќе се најдел разбојникот или крадецот се казнувало со раселување, додека господарите и старешините на селата или катуните биле должни да ја надоместат штетата, а покрај тоа и тие се казнувале како разбојниците, односно крадците. Ваквите остри казни биле резултат не само на настојувањето за заштитата на феудалната сопственост, туку и многу веројатно последица на раширеноста на разбојништвото во класичниот феудализам, кога често пати самата властела се занимавала со него,отфрлајќи ја централната власт[547].

Законикот во член 126 се однесува на поимот „грабеж“, што укажува на имотно казнено дело. Така, оваа законска одредба гласи: „Градско земјиште, што се наоѓа околу градот, и ако биде украдена или одземена, да се плати за целата таа околина“, што предвидува колективна одговорност на градот за кражба или присилно одземање на нечиј друг имот (грабеж и - или изнудување) на неговата територија.

Во членот 180 на Душанскиот законик се споменуваат и поимите „ грабнување “ и „сила“, со терминот „ грабнување “ користен во смисла на опасна кражба, а терминот „сила“ што се користи во смисла на кривични дела грабеж или изнуда - „нешто со сила“ како форма на имотно дело (криминалитет). Оваа законска одредба гласи како што следува: „И ако некој приведе украде или грабнува *(corpus delicti),* или земе со сила, секој да си даде свод(Свод бил вид на доказно средство, лицето морало да посочи од кого ја добило (купило) таа ствар), ако некој купи било каде, или во земјата на царот и во друга земја, секогаш да дава свод, ако не, да плати според закон“. За кривичните дела на имотот, Законикот на Душан предвидувал кражба и разбојништво и тоа во неколку членови. Казната за сторителите на овие кривични дела доколку бидат фатени на местото на извршувањето на делото е двојно, кумулативно. Прво, овие лица ќе бидат подложени на телесна казна од слепило, а потоа проследено со смртна казна со

[547] Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија VII-XX век", Скопје, 2010, стр. 98 - 99 .

бесење. Ваквата сурова и строга казна за крадците и арамите имаше за цел да превентивно делува на широките маси да бидат спречени, со цел да ги заплаши и да се воздржат од извршување на вакви престапи затоа што тешките имотни дела, претежно од насилна природа, биле вообичаена појава во тоа време, и скоро секојдневна појава[548].

Палењето на куќа, гумно, слама или сено во село или надвор од селото чл. 99 од Душановиот законик го казнувал со запалување навиновникот. Ваквата строга казна веројатно била последица на фактот што често пати ова дело се јавувало како облик на отпор против феудалната експлоатација. Потката било кривично дело кое што опфаќало различни дејствија против земјишната сопственост (Скопската повелба ги предвидува овие облици на повреда на земјишната сопственост: поведување вода од црковен избор; продажба на пронија; ако се изора нива или се направи градина на црковна земја; и сечење на шума без дозвола на игуменот. Казната во сите овие случаи била парична), а кое што според Душановиот законик (чл. 77) се јавува како повреда на међа меѓу селата;

Испашата, беше пасење на стадо на туѓо земјиште. Душановиот законик во чл. 76 предвидувал испаша сторена намерно и ненамерно, при што во првиот случај пропишувал глоба од шест волови, а во вториот само надомест на штета, која што требало да ја утврди судот[549].

[548] Ф. Чулинић, Душанов законик, Београд, 1931. године, стр. 34- 35.

[549] Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија VII-XX век", Скопје, 2010, стр. 99 .

## 7.5.1.4.Кривични дела против личноста

Во казнените дела против личноста Душановиот законик ги предвидува следните: Убиството, при што, како што погоре кажавме, се правела разлика меѓу намерното и небрежното убиство. Првото Душановиот законик го казнувал со исечување на рацете, а второто со парична казна од 300 перпери (чл. 87). Овде многу јасно доаѓа до израз правната нееднаквост во правото на феудална Србија. Така, ако зависен селанец убиел властелин, тогаш нему му биле исекувани двете раце и морал да плати и 300 перпери. Во обратен случај, властелинот беше должен да плати единствено парична казна од 1000 перпери (чл. 87)[550];

Телесните повреди се предвидени во чл. 166 на Душановиот законик, според кој, се пропишува само случајот на телесни повреди кои што ги предизвикал пијаница. Така, кога пијаница ќе му нанесел на друг телесна повреда, пијаницата бил казнуван со исечување на рака и со вадење на око, а доколку му нанесе само срам некому, се казнувал со тепање, потоа се затворал и по пуштањето повторно се тепал;

Силувањето (чл. 53 од Душановиот законик) на властелинка од властелин и на себарка од себар се казнувало со исечување на рацете и со потсечување на носот. Доколку себар, пак, силувал властелинка тој бил казнуван со смртна казна - со бесење. Душановиот законик не го предвидува како кривично дело силувањето на себарка од властелин;

Навредата, на различни начини бил предвидена на повеќе места во Душановиот законик (чл. 97, 98, 50, 55, 111) и казната се определувала не само со оглед на тежината на навредата, туку и со оглед на сталешката(класната) припадност на сторителот и на навредениот; и Душановиот законик како посебно дело го предвидува блудот на властелинка со себар кога и двајцата се казнувале со исечување на раката и на носот. Ваквата строгост во казнувањето била резултат на прекршувањето на обичаите на сталешката(класната) припадност[551].

Од условите споменати во Законикот, што може да се однесуваат на денешниот поим за кривични дела, терминот ‘‘грабнување“. Во врска со ова, важно е да се наведе

[550]Ibidem.
[551] Б. Поповска,’’Државно-правна историја на Македонија VII-XX век“, Скопје, 2010, стр. 100 .

чл. 101, Душанскиот законик се однесуваше: „За насилството“. Оваа законска одредба го наведува поимот: „насилник“, со тоа што се однесува на кривични дела против сексуална слобода (силување).

Овој напис од Законикот гласи: „Ако некој сопственик го принудува сопсвеничката со сила, неговите раце треба да се отсечат и да му биде отсечен носот; ако го земе себарот(варварот) со сила, тој да се обеси, ако си го земе другиот човек со сила, двете раце да му се отсечат и носот да му се отсече “. Во одредбата од член 192 од Душанскиот законик се користи и терминот „ грабнување“, во кој, овој член гласи: „За три случаи - за предавство, за убиство и за грабнување на властелинка да се оди пред царот“, што ја одредува царската јурисдикција (надлежност) во пресудата за овие најсериозни злосторства (предавство, убиство и грабнување)[552].

[552] Н. Селаковић, Душанов законик и правни трансплaнти, Београд, 2007. године, стр. 20-25.

## 7.5.1.5.Казни

Од веќе кажаното, произлегува дека во средновековното право во Македонија бил присутен еден многу суров систем на казни, кој што впрочем бил преземен од византиското право, пред се овде говорејќи за начинот на извршувањето на смртната казна и за телесните казни воопшто. Инаку, иако постојат и случаи на колективна одговорност, за кои што порано говоревме, сепак под влијанието на византиското право кривичната одговорност е индивидуализирана.

Исто така, мора да посочиме дека и видот и тежината на казната често пати, како што може од горното да се заклучи, зависеле од сталешката(класна) припадност на оштетениот и сторителот. Во нашето средновековно право за казнените дела се пропишани следните казни:

- Смртната казна, која што се извршувала, според Душановиот законик со бесење или запалување на сторителот. Таа е предвидена во низа одредби на Душановиот законик (чл. 53, 95, 96, 130, 145, 169), при што по правило се извршувала кај казнените дела против имотот, додека кај казненото дело убиство, само во два случаи што ги предвидува Душановиот законик: за убиство на епископ, калуѓер или поп; и за убиство на татко, мајка, брат или свое дете (чл. 95 и 96)[553].

Казната за убиство по правило, како остаток од поранешното плаќање на крвнината, се казнувала со имотна казна што се однесува, пак, на нашето ранофеудално право, смртната казна. Еклогата ја пропишувала за: престапите против државната власт (т. XVII), против религијата (т. XVII), во случај на палеж сторен со умисла (т. XVII), при убиство сторено со умисла (т. XVII), и т.н[554].

Телесните казни, биле секогаш сурови и варварски, и тие во Душановиот законик биле преземени од византиското право. При тоа, основната карактеристика на визатискиот систем бил при телесното казнување казната да биде насочена кон оној дел на телото со кој што делото било извршено. Така, повторната кражба според Еклогата (т. XVII) се казнувала со отсечување на раката; исто така лажното сведочење со сечење на јазикот; и т.н. При ова, мора да посочиме дека ЗСЛ, кој што настанал многу блиску до покрстувањето, имал еден резервиран однос спрема телесните казни и

[553] Ibid. 98-100.

[554] Б. Поповска,''Државно-правна историја на Македонија VII-XX век'', Скопје, 2010, стр. 100 .

ги предвидувал најмногу кај делата против христијанскиот морал и против половата чест, со можност тие да бидат заменети со црковни казни[555].

Имотните казни: Според Душановиот законик таа можела да биде платена или во добиток или во пари, со тоа што преовладувале паричните казни;

Прогонство и прогонство со конфискација на имотот била казна која што Душановиот законик ја предвидувал како казна кај оние дела кои што феудалната држава сакала по секоја цена да ги искорени како: за непронаоѓање на тат (татите) или гусар од селото, за ерес, за навреда на судија и т.н.;

Лишувањето од слобода била казна која што ретко се предвидувала, а во Душановиот законик била предвидена само во два случаи. Сепак, меѓутоа, дека таа била практикувана казна ни сведочат занданите кои се пронајдени од тој период[556].

[555] Ibidem.
[556] Б. Поповска,''Државно-правна историја на Македонија VII-XX век", Скопје, 2010, стр. 101 .

## 8.Судството по Душановиот законик

Судството во српската феудална држава во XIII век не било одвоено од управата. Него го вршеле истите локални органи на власта: жупан, кнез, севаст. Од новоосвоените византиски области дошол поимот за судиите како засебни органи. Но Скопската повелба од 1300 година се наведуваат „судија градски и судија жупски“. Сепак и потоа може да се заклучи од изворите дека во Скопје судството го вршел ќефалијата кој што бил и управен орган. Во договорот на кралот Милутин пак со Дубровник се споменува „судија српски“ и дубровачки. Душановиот законик на организацијата и функционирањето на судовите им обрнал посебно внимание. Цар Душан поставил судии по Целата земја и на секој му ја утврдил областа во која што ќе суди[557].

Во чл.172 се вели: Сите судии да судат по законикот, право како што пишува во законикот, а да не судат од страв од царството ми[558], на судиите им дал независност во судењето и настојувал да го подигне нивниот углед. Овие судии им суделе на припадниците на оние сталежи(класи) кои биле непосредно потчинети на државната власт, а тоа била властелата за која не постоел засебен сталешки(класен) суд. Понатаму, царските судии им суделе на себрите од властелимските имоти за т.н. „царски долгови‘‘, односно за убиство, телесна повреда и парници околу земја. Во нивна надлежност спаѓале сите парници во врска со разбојниците и познатите крадци „татите“, како и тужбите на меропсите против своите господари.

Меѓутоа, покрај царските судови и натаму останувал широк круг засебни судови. На црквените имоти сите дела ги расправал патримонијалниот црковен суд. На властелинските имоти постојат властелински судови, кои се засновале на судскиот имунитет на властелинството, односно на правото на властелинот да им суди на сите луѓе на своето властелинство, со исклучок на т.н. „царски долгови“.

Приморските градови и Сасите имале своја судска организација, односно се суделе пред свои судови. Грчките градови имале судови кои биле од мешовит состав, составени од црквениот клер и „владалци градски ми“ (световната властела) (чл. 176), додека и кефалијата исто така, вршел судски функции. Најпосле, на сила било и старото сфаќање по кое владетелот можел лично да ја пресуди секоја значајна парница.

[557] Б. Поповска,”Државно-правна историја на Македонија VII-XX век“, Скопје, 2010, стр. 79 .
[558] С. Новаковиќ,“Законик Стефана Душана цара српског. 1349 и 1354.“, Београд, 1870, стр. 7-8.

Иако чл. 175 забранувал странките да се повикуваат на царскиот двор мимо утврдената област и надлежност на царските судии, од изворите јасно произлегува дека Душан лично ги судел делата во врска со разбојништвото и споровите околу манастирските поседи. Владетелот бил највисок судија: нему му се обраќале самите судови со барање за решавање на некои спорови. Покрај владетелот се спомнува и „дворски судија“ кој во тоа својство го заменувал (чл. 175)[559].

## 8.1.Судиите

Судиите да патуват по земјата, каде е чија област, да прегледуваат и исправуваат за бедните и за сиротите. Кој судија е во царскиот двор, и ќе стори некое зло, на тие да се суди: А ако случајно се најдат парничари на царскиот двор да им суди дворски судија. А никој да не се обрнува на царскиот двор покрај областа на судијата, кого го поставило царството ми, да оди секој пред својот судија[560].

## 8.2.Порота

Наредува царството ми: Отсега па натаму поротата да е и за многу и за малку – за големо дело да се 24 поротници, а за помала кривица 12, а за помало дело 6 поротници. И тие поротници да не се овластени никого да измируват, освен да ослободат или пак окриват. И секоја порота нека биде во црквата и попот во одежда да ги заколне. И во поротата за која што страна повеќето се колнат, и кого повеќето го оправдаат, на тие да им се верува[561]. Во судењето во српската феудална држава големо значење имала поротата воведена уште од кралот Милутин. Поротата води потекло од старите „ротници“ - клетвеници кои со својата едногласна заклетва го потврдуваат исказот на едната странка. Српската порота била составена од 24, 12 и 6 поротници кои

[559] Б. Поповска,''Државно-правна историја на Македонија VII-XX век'', Скопје, 2010, стр. 80.
[560] С. Новаковиќ,''Законик Стефана Душана цара српског. 1349 и 1354.'', Београд, 1870, стр. 32 .
[561] Ibid. 6 .

ги доведуваат обете странки во еднаков број. Тие свечено се заколнувале пред судијата и ги решавале прашањата со  мнозинство гласови. Тие сепак не сочинувале суд, туку доказно средство од пресудно значење за судијата.

## 8.3.Судови

Судството во Македонија во раниот среден век, кога станува збор за Склавиниите кои што биле релативно самостојни во однос на Византија, било најверојатно родовското, односно племенското судство кај кое што по правило родовскиот, односно племенскиот старешина, како и народното собрание биле тие што се јавувале како судски органи, кои ги расправале сите спорови и ги суделе деликтите на своите  соплеменици.

Со настанувањето на задругите како облик на семејството, по правило старешината бил тој што имал право да ги казнува членовите на задругата. Исто така, можеме со голема веројатност да заклучиме дека и владиците како црковни органи и на нив потчинетите архиери вршеле судски функци, за определени дела за чие што казнување црквата била заинтересирана[562].

Во класичниот феудализам во Македонија во времето кога таа се наоѓала во рамките на српскага феудална држава, се зголемиле правата на црковното судство. Така, во Скопската повелба на кралот Милутин, од 1299/1300 годииа го пишува следното: „Во сите метохии каде ќе се најдат луѓето од Св. Георгија  во која било жупа или по град Скопје во чие и да е село или во кој и да е град, на човек што и припаѓа на црквата Св. Георгија да не му суди ниеден од оние што управуваат во областите на моето кралство... Но ако се најде да е крив човекот од цркната Св. Георгија нека се суди пред игуменот...‘‘. Исто така, слични одредби се содржани и во чл. 33 од Душановиот законик.

Покрај црковните судови постојат и судови на световните властелинства кои што им судат на сите жители на властелинството за сите дела со исклучок на оние кои

[562] Б. Поповска,’’Државно-правна историја на Македонија VII-XX век‘‘, Скопје, 2010, стр.  107 .

што владетелот како највисок судија ги резервирал за својот суд, како и за оние што претставувале „духовни долгови" и кои што како такви ги судела црквата.

Што се однесува на градовите, во рударските места во внатрешноста покрај кнез и есфалија постоел и одбор од 12 граѓани кои со кнезот на чело покрај управата вршел и судска власт. Во освоените грчки градови, во кои што спаѓале и градовите во Македонија за судството во чл 176 од Душановиот законик го пишува следното: „Сите градови по земјата на царството ми да се по закон во се како што биле по законите по поранешните цареви, а за судовите, што имаат меѓу себе, да се судат пред градските управници и пред црквениот клер, а ако некој жупјанин го тужи пред градскиот управник и пред црквата и пред клерот по законот[563]".

[563]Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија VII-XX век", Скопје, 2010, стр. 108 .

## 8.4.Судска постапка

Првиот облик на задоволување на правдата кој што го карактеризира словснското обичајно право и не само него, била самопомошта, односно самиот оштетен или неговиот род, односно задругата се грижеле за заштита на нивните права. Често ова доведувало до крвната одмазда, односно примена на талионот кој што го карактеризирал принципот „око за око, заб за заб‘‘, а подоцна до откупот или крварината, кои што се плаќале на оштетениот, односно на неговите блиски[564].

Во оваа фаза бил чест случајот на учество во постапката на т.н. мирители, кои најчесто биле старешината на родот, односно на задругага, кои што помагале при утврдувањето на износот на откупнината. Оттука, значи, во првите фази на настанувањето на државата, кога таа била сеуште премногу слаба да ја монополизира власта, задоволувањето на правдата паѓало на терет на оштетениот, односно на неговите блиски.

Па и подоцна, во текот на развојот на феудалните односи и зацврстувањето на државната власт, сеуште покренувањето на постапката пред судот паѓало на терет на оштетениот. Така, Душановиот законик ова го предвидува и за кривичните дела и го регулира во чл. 89. Сепак, тој прави исклучок кај кражбата и разбојништвото кои што се гонеле по службена должност (чл. 145).

Што се однесува на самопомошта, Душановиот законик ја забранувал, дури и нешто повеќе, само судот го дефинирал како кривично дело. Оттука, гледаме дека остатоците на некогашната самопомош долго се задржале низ Средниот век, макар што правото многу брзо и рано ја забранувала и востановило постојани судски органи[565], слично како и Душановиот законнк кој што така постапувал кај кражбата и разбојништвото, за што погоре говоревме, а којшто бил правен споменик од подоцнежно време, односно од класичниот феудализам. Ова е сосема разбирливо, со оглед на тоа што државата најнапред морала себеси да се заштити[566].

Следната карактеристика на судската постапка се однесувала на доказниот систем, кој во многу нешта се разликувал од современиот систем.

[564] Ibidem.
[565] Б. Поповска,’’Државно-правна историја на Македонија VII-XX век‘‘, Скопје, 2013, стр. 102 .
[566] Ibid. 100-102.

1.Ордалиите или божјиот суд било едно од најприменуваните доказни средства во средновековната постапка. Тоа имало потекло од давнини и го познавало уште словенското обичајно право, макар што се среќава и кај другите народи. Суштината на ова доказно средство се состоела во верувањето дека Бог ќе му помогне на невиниот да ја докаже својата невиност.

Постоеле повеќе облици на божјиот суд меѓу кои што најстар бил судскиот двобој, кој што бил облик на двостран божји суд и кој што по примањето на христијанството црквата се обидувала да го искорени. Подоцна се јавиле поблагите облици на божјиот суд. Тука спаѓа испитувањето со вода кое што можеше да биде испитување со студена и испитување со врела вода. Во првиог случај обвинетиот врзан бил фрлен во вода при што ако потонел се сметало дека е невин, поаѓајќи од сфаќањата дека водата нема да прими ништо нечисто.

Во спротивниот случај, се сметало дека е виновен. Испитувањето, пак, со врела вода се состоело во тоа што обвинетиот морал со гола рака од котел со врела вода да извади некој предмет. При тоа, доколку не се повредел се сметало дека е невин. Друг облиг на божјиот суд бил испитувањето со вжештено железо. Во Душановиот законик божјиот суд се јавувал како „котао“ или „мазија“, односно вадење на усвитено железо од котел со врела вода (чл. 84 и чл. 106), или како правдање со железо, односно пренесување на усвитено железо од вратата на црквата до олтарот(чл. 150)[567].

2.Судската заклетва претставувала исто така едно доста старо доказно средство кое што го познаваат низа народи. Нејзината суштина се состоела во тоа што лицето ја повикувало на себе Божјата казна и проклетство ако лажно сведочит[568].

3.Клеветници или соклеветници било доказно средство што во средновековниот процес се применувало почесто од поединечните заклетви на тужителот, односно на тужениот. Тоа биле определен број лица кои што изјавувале и со заклетва потврдувале дека исказот на кој странката се заколнала е вистинит. Тие не биле сведоци во постапката, туку помагачи на странката во заклетвата. Така заповеда божјиот закон, а кој не се придржува до него нека биде проклет“. Исто така, нив како доказно средство ги спомнува и Душановиот законик (чл. 106 и чл. 132)[569].

4.Обличението впрочем значело фаќање на дело. Тоа било најсилно доказно

[567] Б. Поповска,’’Државно-правна историја на Македонија VII-XX век’’, Скопје, 2010, стр. 102 .
[568] Ibid. 103 .
[569] Ibidem.

средство и него го предвидува Душановиот законик во чл. 149 каде што говори за крадецот и разбојникот што се фатени на дело „облични гусар и тат“.

5.Признанието е исто така едно од доказните средства кое што се применувало во нашата средновековна постапка. Правните извори од овој период не го спомнуваат, меѓутоа, самите карактеристики на средновековниот процес укажуваат на неговата примена. При тоа, судот не навлегувал во оценувањето на вистинитоста на признанието, туку поаѓал од тоа дека штом е тоа сторено вината е докажана.

6.Сводот(давачка) како доказно средство е пропишан со Душановиот законик и тој се применувал при докажувањето на вината кај кривичните дела разбојништво и кражба. Така, во чл. 180 на Душановиот законик пишува дека „ако некој препознае одземена или украдена ствар или со сила земена, секој за тоа да даде свод(да посочи од кого ја добило или купило стварта); а некој било каде ја купил, или во царската земја или во друга земја, секогаш за тоа да даде свод, а ако не даде свод да плаќа по законот[570]‘‘.

7.Сведоците и исправите биле исто така доказно средство во средновековната постапка. При тоа, сведоците треба да се разликуваат од соклетвениците како доказно средство. Така, додека сведоците во постапката ги изнесувале своите сетилни забележувања за настанот на кој присуствувале, соклетвениците впрочем, со клетва докажувале дека една од страните ја кажува вистината.

Прашањата во однос на сведоците во класичниот феудализам се подробно регулирани во Синтагмата на Матија Властар, според која сведоци не можат да бидат: робот и сиромашните, синот за таткото ниту таткото за синот, малолетните, глувите, немите, лудите, блудниците и т.н. Од аспект на класниот приод јасно се гледа дека во однос на прашањето кој може да биде сведок Синтагмата е многу поблиску до решенијата прифатени во Еклогата.

Поаѓајќи од овој аспект М. Андреев и Ф. Милкова[571] го потенцираат влијанието на обичајното право во соодветните одредби на ЗСЛ. Исто така, во однос на сведоците и исправите како доказно средство Јустинијановиот закон предвидува дека пет

[570] Б. Поповска,’’Државно-правна историја на Македонија VII-XX век’’, Скопје, 2010, стр. 104 .
[571] М. Андреев, Ф. Милкова, ’’История на бЪлгарската феодална държава и право’’, София, 1993, стр. 255-256 .

веродостојни сведоци можат да заменат нзгубена исправа (чл. 5), како и дека ако изказите на сведоците се разликуваат тогаш нема никому да му се верува (чл. 6)[572].

Душановиот законик во постапката, во чл. 91 го споменува и приставот како сведок. Впрочем тука се работело за службен сведок кој што пред судот го изнесувал она што го забележал, а на што на барање од странката присуствувал. Што се однесува во текот на постапката таа започнувала со повикување на тужениот на суд. Во раниот феудализам, па и подоцна, по правило, тужителот сам го повикувал тужениот на суд.

Сепак во XIV век дошло до извесна измена паралелно со јакнењето на државната власт, така што, повторно, тужителот го повикува тужениот, меѓутоа, во присуство на приставот како државен орган. Притоа, на тужениот му се покажувал печатот на судот, а само кога се работело за гонет властелин тој бил повикуван на суд со судска покана. Потоа, следела фазата на изведувањето на доказите, односно утврдувањето на вистината и најпосле фазата на донесување на пресудата.

Што се однесува на оваа фаза, од времето на Душановиот законик, судските пресуди морале да бидат писмени, при што се издавале во дупликат: едниот препис се давал на онаа странка која што го добила спорот. Во интерес на заштитата на законитоста, се инаку, византиските одредби содржани во Душановиот законик според кои: ,,Уште наредува царството ми: Ако напише писмо царството ми или од лутина или од љубов, или од милост за некого, а тоа писмо го руши законот, не е по правда и по законот, како законикот што пишува, судиите на тоа писмо да не му веруваат, туку да судат и извршуваат како што е по правда‘‘(чл. 171).

Исто така и во чл. 172 пишува: „Сите судии да судат по законикот, право како што пишува во законикот, а да не судат од страв од царството ми“. Што се однесува на извршувањето на пресудата, тоа, во почетокот, паѓало на заинтересираната странка, додека подоцна минало на приставот како државен орган и на глобарите како помошни чиновници во наплатувањето на паричните казни[573].

---

[572] Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија VII-XX век", Скопје, 2010, стр. 105 .
[573] Ibid. 106.

## 9.Судбината на Душановото законодавство

Недостасуваат податоци за да може точно да се одговори на прашањето до кога Душановото законодавство останало во сила и се применувало во српската феудална држава. Нема сомнение дека важело за време на царството.

Самиот Душан се повикувал на својот законик во три повелби издадени во 1354 и 1355 година. Во едната, Душан точно го навел чл. 68 од Душановиот законик за меропските работи како *„закон меропхом по всом земљи“,* задолжителен и за односната метохија. Во другите две предвидел примена на казна *„по законику царства ми“,* за оној кој што нема да ја изврши царската наредба[574].

Исто така, царот Урош при своето крунисување во април 1357 година нагласил дека тој со српскиот сабор ги утврдил правилата што ги востановил неговиот татко, т.е. целокупното негово законодавство. По тој датум повеќе нема непосреден помен на Душановиот законик во српските повелби.

Сепак од договорите со Дубровник се гледа дека и подоцна се применувал. Така, и Балшиќите, на пример, сметале дека Душановите одредби се задолжителни за нив. И во деспотовината Душановиот законик бил во сила се до нејзината пропаст. Така, деспотот Ѓураѓ му потврдува во 1445 година на Дубровник договор по законот на цар Стефан[575].

[574] А. Соловјев,"Предавање из историја словенских права", Београд, 143 - 160 .
[575] Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија VII-XX век", Скопје, 2013, стр. 79 .

# Заклучок

Правото во средновековна Македонија на почеток се потпирала на обичајното право, која била единсвен извор на правото. Обичајното право се појавило спонтано во потесни и пошироки општествени заедници. Историјата на правото, докажува дека обичаите како општествени правила се формирани пред појавата на државата и правата во модерната смисла на зборот. Општо земено, обичајот може да се дефинира како долготрајно и стабилно човеково однесување во дадените околности. Таа произлезе од социо-економските и духовните потреби на општеството. Со текот на времето, обичајот се повторува и станува задолжителен.

Некои обичаи, од време на време, од генерација на генерација, се менуваат и исчезнуваат. Обичајот постои во пракса и како колективна свест. Преносот на обичаите, односно обичајното право, може да биде во различни форми, како што се: правила, изјави, поговорки, реченици итн. Обичајното право може да се дефинира како збир на законски обичаи.

Нема сомневање дека тешко е, јасно и прецизно да се разликуваат интеракциите помеѓу овие две права(пишаното и обичајното право). Разумно може да се претпостави дека државното законодавство има преземено многу норми и институции од обичајното право. Обичајното право не е статично; таа е жива и во постојан развој, способна да се прилагоди на новите околности.

Голем дел од обичајното право денеска ја имаме во пишана форма односно во позитивното право, и е дел на нашето право. Без значителни промени, обичајното право понекогаш оди во пишан закон, и обратно. Таков бил случајот со член 145 на Душановиот законик, кој наметна колективна кривична одговорност во селото и предвидува казна за селските старешини ако во него имало разбојништво и кражба (гуса и татба).

Извори на правото во Македпнија во раниот среден век биле: непишаното словенско обичајно право и византиското право. Сред македонските Словени се применувале неколку значајни извори на византиското право, какви што биле[576]:
-Еклогата, која што била донесена во средината на VIII век (739- 740 год.) и се

[576] Билјана Поповска ,,Државно-правна историја на Македонија –извори-, Скопје 2005, стр. 35 .

потпирала на Јустинијановата законодавство и делумно на византиското обичајно право;

-Законот за судење на луѓето (ЗСЛ) кој бил донесен во IX век и претставувал словенска редакција на Еклогата;

-Поморскиот, Воениот и Земјоделскиот закон, кои што се донесени во втората половина на VIII век и кои што ја дополнувале Еклогата.

Важно е да се напомени Земјоделскиот законик кој е византински законик што ги решава проблемите по судски пат што можат да настанат во едно село. Текстот е напишан на грчки јазик, а денес се зачувани неколку грчки ракописи – повеќето датираат од подоцнежно време. Исто така, постојат и подоцнежни словенски преводи. Локалните обичаи значително се разликувале во целата Византинска Империја. Затоа ако правниот документ се применувал, на пример, во Тракија, тогаш би можел да предизвика безредие ако им бил наметнат на тамошните селани.

Повеќето истражувачи сметаат дека законикот важел локално, а бил изготвен за некој одреден регион. ЗЗ во неговите 85 члена, меѓу другото, се спомнуваат лозја и овоштарници со смокви, но не се наведени маслинови дрва, оваа ги исклучува пределите на Далмација и поголемиот дел од Грција, каде што маслинките биле главна земјоделска култура, како територија на која би се применувал законикот. Но затоа во Македонија и во внатрешноста на Тракија имало смокви, но немало маслинки. Речиси целиот законик е посветен на односите во селото[577].

Овој законик е напишан врз основа на словенското обичајно право, со цел законикот да им даде своевидно упатсво на потчинетите судски чиновници што ги решавале селските случаи и на тој начин да се запознаат со локалните обичаи што не им биле познати.

Земјоделскиот закон ги регулирал аграрните односи на село врз основа на обичајното и феудалното право. Се смета дека во голема мера овој закон го одразил словенското обичајно право и затоа многу често се вика и ‘‘Словенски закон‘‘[578].

Сите правни работи се регулирани со законски обичаи до подоцно време до XII век, но има и оделни гранки на правото кои се регулирале со обичајното право дури до XIX деветнаесеттиот век, во областа на приватното право.

[577] Џон В. А. Фајн Јуниор „Балканот во раниот среден век“ , Скопје, 2015 , ст.84.

[578] Б. Поповска, "Државно-правна историја на Македонија –извори-, Скопје, 2005, стр. 37.

Проучувањето на обичајното право, како дел од една култура, несомнено е од големо значење за разбирање на феноменот на секундарниот археизм во културата воопшто. Тоа придонесува за целосно познавање на старите општествени односи, објаснување на непишаните норми, и се своевидни чувари на идентитетот на македонскиот народ.

Законот за Судење на Љуѓето е еден од најстарите и најпознатите историски извори на словенскиот закон, е еден од најстарите Македонски пишан зборник, кои се претпоставува дека е напишан околу IX- век, од Методиј на словенски јазик со грчко писмо. Во Законот за Судење на Љуѓето се опфатени : кривични дела против имотот, кривични дела против моралот, кривични дела против физичкиот интегритет на личноста, кривични дела против бракот и семејството (Овде спаѓа и кривичното дело пропишана во глава 15, Бигамија која го забранува двоженството, но нема сомненије дека овие правила не важеле за сите и тоа: бигамијата и полигамијата, најверојатно биле дозволени кај владителите на словените, како симбол на нивната моќ, а во некои случаи и како нивна привилегија[579].), повреда на правото на азил во црква и купување слободен човек заробен во војна, односно овој зборник содржи освен казнено право и одредби од приватното и процесното право.

Така, пред се, во глава 2 е содржан еден многу значаен процесно-правен принцип со кој што се забранува управникот на областа и судијата да примаат обвиненија „без многу сведоци", односно да го разгледуваат предметот „без многу сведоци", како и обврската на тужителите и доушниците своите тврдења да ги докажуваат *„со сведоци под клетва"*. Овде се прави, впрочем, чекор напред во утврдувањето на материјалната вистина при разгледувањето на судските дела и многу веројатно се сака да се надмине самопризнанието како највисоко доказно средство во средновековното право воопшто и начините на неговото изнудување.

Дел од одредбите на ЗСЛ се однесуваат на регулирањето на материјата на *приватното право,* при што како и во погорните случаи регулирањето е казуистично и се регулираат само одделни прашања од оваа правна област. Така, тука се регулирани следните прашања: прашањето за ослободувањето на роб засегнато од глава 21; прашањето за одговорност во случај на наем на коњ засегнато во гл. 24; прашањето за одговорноста на сопственикот на роб што краде, засегнато во гл. 27; прашањето за

[579] М. Андреев,"Блгарското обичаино право, правно-историческо проучване" , Софир, 1979, стр. 93.

одговорноста на оној кој што примамува или крие туѓ роб, засегнато во г. 32; и прашањата од областа на брачното и семејното право, уредени во гл.33[580].

Како што сме спомнале и погоре дека во целиот Закон за Судење на Људето има само една и единсвена смртна казна и тоа за оној што ќе запали туѓа куќа со намера(кривични дела против имотот), но има уште една маскирана форма на смртна казна и тоа за повреда на правото на азил во црква, но официално било само една смртна казна, во ЗСЛ имало еден број казни, кои покрај световните казни (смртната казна која што се состои во запалување на сторителот или негово сосечување со меч; казни на телесно сакатење кои што се состојат главно во отсечување на носот; казната тепање; казната иселување; паричната казна или глобата во натура; казната продажба на обвинетиот, на него лично, или заедно со сиот свој имот; казната разделување на сопрузите; и казната губење на статусот на слободен човек, односно префрлање во ропство)[581] кои биле преведени и превземени од Еклогата се предвидуваат и црковни казни (долгите постови и јавното покајување) кои биле додадени за да ја зацврстат новата прифатена религија кај македонскиот народ и кај другите околни народи, каде што доминирало Христијанството.

ЗСЛ претставува казуистичен правен текст кој што регулира определени конкретни случаи од определени правни области без намера за целосно решавање на правните проблеми од односните области на еден систематски начин, или со други зборови „... тоа е дело на едно уште првобитно сознание, коешто се движи сеуште истражувајќи, кое што се движи од конкретен кон конкретен случај и кое што низ уредувањето на одделни конкретни случаи се бара себе си[582].

Оригиналниот ракопис на овој документ не е зачуван. За најстари и најблиски извори кои се зачувани во текстот на Законт за Судење на Људето од триесет и два (32) членови се смета преписот од Новгородската крмчија од 1280 или 1282 година, односно најстариот датиран ракопис, и Устјушко крштевање од XIII век.

Иако Законот за судење на луѓето е предмет на истражување од средината на деветнаесеттиот век до денес, многу хипотези останаа без конечни одговори. Повеќето правни историчари тврдеа дека потекнува од Бугарија, пак некои историчари тврдат

[580] Б. Поповска,"Државно-правна историја на Македонија VII – XX век", Скопје, 2010, стр. 45-46.
[581] Ibid. 44 .
[582] В. Ганев," Законъ соудный людьмъ",София, 1959, стр. 113.

дека ЗСЛ би можел да биде составен само во Моравија, а според Троицки местото на создавање на ЗСЛ би можело да биде областа Стримон(Струмица) во Македонија, во времето кога Методиј, според некои претпоставки, бил таму воен заповедник. Според неа, привично ЗСЛ бил напишан на словенски со грчки букви, а подоцна преведена на глаголица и кирилица. Истотака и јас ја подржувам теоријата на Троицки, дека ЗСЛ има македонско потекло, и без сомнение тоа е создадено од Методиј, за да му служи на неговиот народ.

Законодавството на Македонската династија започнало со Василие I во 867 година со доаѓањето на византинскиот престол, и за време на неговиот син Лав VI Мудриот. Владеењето на македонската династија донесе расцут на законодавството во Византија тие ја обновија, адаптирајќи ја на новите услови на општествениот живот, старата јустинијанска легислатива-законодаство. Така ова обновување на законите ја почна Василие I, кои многу внимание му дал на обновувањето на античките закони, така тој го почна оваа освежување на закони со создавање на прирачник законик во 879 год. наречен Прохирон, а по неколку години создаде и второ издание од претходното, наречен Епанагога во 886 година.

Прохиронот сеевкупно содржи 40 титули од областа на приватното и јавното право, и кои многу ја олесна работата, во споредба со јустинијановото право која имаше еден куп закони, Прохирон беше по практичен, и беше појасен за повеќето корисници на овој прирачник. Прохиронот бил донесен во периодот меѓу 870 и 879 година и бил замислен како правна збирка којашто требало да ја замени Еклогата во работењето на судовите.

Целта за донесувањето на Прохиронот беше кодификација на јустинијановото право односно обновувањето на правото и враќањето на моќта на некогашното Јустинијаново право.

Епанагогата беше составена нешто подоцна од Прохиронот, очигледно во 884 - 886 година. Како Прохирон, и Епанагогата го осудува законодавството на иконоборците, но за разлика од Прохирон, тој содржи значајни отстапки кон Исаурискиот Еклог, кои особено се осветли во XIX-та титула. Во исто време,

епанагогата вклучува голем број нови наслови што се однесуваат на различни аспекти на византиското право[583].

Епанагогата иако е дополнување на прохирон таа содржела и други правни одредби: Новелите на царот Василие I, одредбите за односите и правата, должностите на царот и на патријархот и одредбите на брачното право земени од Еклогата. Најзначајните нови одредби се однесувале на односите меѓу државата и црквата, односно царот и патријархот[584].

Во Епанагогата освен друго се зборува и за: судски систем, обликационо право, семејно право, имотно право, наследство и кривично право.

Истотака големо влијание на освежувањето на античките закони, има и Лав VI, кои на самото качување(доаѓање) на престолот, го продолжувало тоа што го почна неговиот татко, обновување на јустинијановото право, така тој создаде Василиките (Царските закони) и збирката наречена како Новелите на Лав VI.

Василиките биле составени на почетокот на владеењето на Лав VI, додека тие биле завршени околу 890 година. Во предговорот на компендиумот од X век, Епитом вели дека императорот Лав VI, со помош на протоспатаријот Симватие и другите мажи (луѓе-правници), ги собрале „скоро сите закони" почнувајќи од XII-те табели, Јустинијановите закони, институции и новелите, и така ги претставил (ги собрал) во шеесет книги[585]. Василиките ги заменија старите термини со понови. Сепак, тоа не било потребно. Знаеме дека не беа вклучени сите одредби од Јустинијановиот закон во Василиките.

Василиките биле создадени во 60 книги и 6 томови кои претставуваале најголема збирка во Средниот век. Напишани биле на грчки јазик, (службен јазик во Византија). Тие содржат одредби од граѓанското, од црковното и од јавното право.

По донесувањето на Василиките, византиските императори веќе не преземале обемни кодификаторски потфати, туку постојното законодаство го менувале или го дополнувале со своите законодавни акти наречени новели. Во овој контекст значајна

[583] K. E. Zachariae von Lingenthal,"Collectio librorum juris Graeco-Romani ineditorum", Лајпциг, 1852. J. P. Zepos," Jus Graecoromanum", vol. II, стр. 236 .

[584] Б. Поповска,"Историја на правото", Скопје, 2017, стр. 135 .

[585] А. П. Каждан,"Василики как исторический источник" - Византийский временник, том XIV, Москва, 1958, стр. 57 .

била Збирката на Новелите на Лав VI, којашто содржела 113 одредби, коишто се однесувале на различни прашања. Значајно е да се напомене дека со своите новели Лав VI ја зацврстил централната власт и формално ги укинал законодавните права на Сенатот[586]. Новелите на Лав VI имаа главна цел да ги усогласат канонските закони со византиското право, и да се изменат застарени правила-закони, како и да се легитимира канонскиот закон.

Како што сме спомнале и претходно во периодот на класичниот феудализам, во Македонија покрај обичајното право како извори на правото се применувале и оние закони, под чија што власт се наоѓала Македонија. Така, во периодот кога Македонија била под српската власт се применувале сите оние закони кои што важеле на територијата на феудална Србија, така бил и случајот со Душановиот законик.

Душановиот законик имал голема важност и се применувало во Македонија во периодот на класичниот феудализам. Оргиналниот ракопис не е зачуван.

Душановиот законик со преведените и скратени византиски зборници СС и ЈК претставува една доста хармонична целина. Душановиот законик никогаш не се појавува сам во постарите записници, туку на третото место, по скратената синтагма и Јустинијански законик[587].

Душановиот законик ги регулира сталешките(класните) односи, како и прашањата сврзани за местото на судот и карактеристиките на судската постапка. Законикот исто така содржии правила на брачното право, граѓанското право и кривичното право, како и правилата на судските постапки.

Душановиот законик имал за цел да го зацврсти христијанскиот брак, така во чл. 3 се вели дека ниедна свадба не смее да се направи без венчавање и без благослов на црквата, потоа во чл. 9 од ДЗ се забранува бракот меѓу католици и православните.

Во најголем дел, ДЗ е посветен на кривично право. Кривичните дела според Душановото законодавство можат да се групираат во неколку основни групи, и тоа: кривични дела против феудалниот општествен и државен поредок; против црквата и религијата; против имотот; и против личноста.

586 Б. Поповска,''Историја на правото'', Скопје, 2017, стр. 136 .

587 Љ. Крксљуш,''Правна историја српског народа'', шесто издање, Центар за издаваштво и информисање, Београд, 2014, стр. 37-39 .

Во нашето средновековно право за казнените дела се пропишани следните казни: Смртната казна (бесење или запалување на сторителот); Телесните казни (насочена кон оној дел на телото со кој што делото било извршено); Имотните казни (конфискација на имотот и паричните казни); Лишувањето од слобода.

Освен тоа што е кажано погоре дека Душановиот законик имало многу голема важност е и тоа дека ДЗ е прогласен во Скопје на 21 мај 1349 година , и дека Македонија имало големо значање за царот Душан.

Може да се заклучи дека влијанието на правото во средновековна Македонија имало големо влијание(значење) во секојдневниот живот во оптшесвото во Македонија во средниот век, но и до доцна кај некои области на правото биле регулирани со обичајното право и со изворите на средновековното право, се до XIX век. Но во некои региони, правните обичаи, во помал или поголем степен, остана на сила, покрај државните закони, и против нив, до ден денес.

# БИБЛИОГРАФИЈА

## Правна литература (книги- домашна и странска) :

A. Guillou,''The Byzantine Civilization'', Athens, 1998.

A. Schminck,''Ein rechtshistorischer - Traktat'', FM 9, 1993.

A. Schminck,''Frömmigkeit ziere das Werk'' - Zur datierung der 60 Leons VI- , Subseciva Groningana 3 , 1989.

A. Schminck,''Studien zu mittelbyzantinischen Rechtsbüchern'', Frankfurt am Main, 1986.

A. Vogt, I. Hausherr,''Oraison funebre de Basile I par son fils Leon VI le Sage'', Roma, 1932.

A. Vogt,''Basiler Ier'', Paris, 1908.

A. Terrasson,''Histoire de la jurisprudence Romaine'', Paris, 1750.

Andrea Llukani, ''Historia e Krishtërimit'', Tiranë, 2014.

Andrew Louth,''Justinian and His Legacy'', in The Cambridge History of the Byzantine Empire, 2008.

А. В. Соловјев,''Законодавство Стефана Душана цара Срба и Грка'', Београд, 1928.

А. В. Соловјев,''Постанак и значај Душанова законика'', Београд, 1928.

А. Е. Тахиаос,''Солун и свет Словена'', Ниш, 2014.

А. Јевтић,''Свештено канони цркве'', Beograd, 2005.

A. Ernout, A. Meillet, "Dictionnaire etymologique de la langue latine"- Histoire des mots-, Парис, 1967.

А. Соловјев, Душанов законик, Београд, 1929.

А. Соловјев,''Законик цара Стефана Душана 1349. и 1354. Године'', САНУ, Извори српског права VI, Београд 1980.

А. Соловјев,''Предавање из историја словенских права'', Београд, 1939.

Алберт Вајс, Лубица Кандиќ: ‘‘Општа историја на државата и правото‘‘, Скопје, 1971.

Bernard Stolte,-The Social Function of the Law,-‘‘The Social History of Byzantium‘‘, Singapore, 2009.

Bogišić,’’Pisani zakoni na slovenskom jugu’’, Zagreb, 1872.

Bonini, R., ‘‘Introduzione allo studio dell’ età giustininea‘‘, Bologna, 1985.

Б. Благојевиќ,‘‘Законик цара Душана – основ законистости средњевековне Српске државе‘‘, Скопје, 1939.

Б. Марковиќ,‘‘Јустинијанов закон‘‘, САНУ, Београд, 2007.

Б. Ферјанчић, С. Ћирковић Стефан Душан, Н. Селаковиќ,‘‘Душанов законик и правни транспланти‘‘, Београд, 2007.

Б. Ферјанчић, С. Ћирковић,‘‘Стефан Душан‘‘, Београд 2005.

Билјана Поповска „Државно-правна историја на Македонија –извори-, Скопје 2005.

Билјана Поповска, „Државно-правна историја на Македонија VII-XX век‘‘, Скопје 2013.

Билјана Поповска,„Историја на правото‘‘, Скопје, 2017.

Билјана Поповска,‘‘Државно-правна историја на Македонија VII – XX век‘‘, Скопје, 2010.

Caroline Humfress,‘‘Law and Legal Practice in the Age of Justinian‘‘, in The Cambridge Companion to the Age of Justinian, 2005.

D. Obolensky, ‘‘The Byzantine Commonwealth’’, New York, 1971.

Д. Ангелов,‘‘ Историја на средновековна Бугарија- држава и право‘‘, Софија, 1992.

Д. К. Николић, ‘‘Закон судњи људем‘‘ - најстарији словенски правни зборник, Ниш, 2016.

Д. Николиќ,‘‘Фрагменти правне историје‘‘, Ниш, 1997.

Д. Оболенски,‘‘Византиски комонвелт – Источна Европа 500-1453‘‘, Скопје, 2002.

Д. Попов и група автори,‘‘Бугарска историја‘‘, Белград,  2008.

E. Durham,’’High Albania’’, London, 1909.

E. Pašalić, Simpozijum, 1969.

E. G. White, ‘‘Steps to Christ ‘‘, Превод на делото: Ч. Дичевски, Скопје, 2019.

F. Dolgeг, ’’Byzanz und die europäische Staatenwelt’’, Ettal-Бавариа, 1953.

F. Dvornik,‘‘The Photian Schism - History and Legend‘‘, Cambridge, 1948.

F. Zigel, ’’Lectures on Slavonic Law’’, London, 1902.

Frederick W. Dingledy,‘‘The Corpus Juris Civilis: A Guide to Its History and Use‘‘,-Wolf Law Library, College of William & Mary, Williamsburg, Virginia, 2016.

Ф. Чулинић, “Душанов законик”, Београд, 1931.

Флорин Курта, „Создавање на Словените‘‘, Скопје, 2018.

G. G. ‘‘Giustiniano legislatore‘‘, Bologna, 1970.

G. Monchi, I. Bekker,’’Vitae imperatorum recentiorum’’, Bonnae, 1838.

G. Ostrogorski, ‘’Povijest Bizanta 324 – 1453’’, Загреб, 2006.

G. Vernadsky,’’Medieval Russian Laws’’, New York, 1947.

Georg Ostrogorski, ‘’Historia e Perandorisë Bizantine’’, Tiranë, 2002.

Guarino, A.,‘‘La compilazione dei 'Digesta Iustiniani', Pagine di diritto romano‘‘, Vol. IV, Napoli, 1994.

Г. Галев, Ј. Д. Анастасовска,’’Облигационото обичајно право во Македонија’’, прилози за обичајното право во Македонија, Скопје, 2005.

Г. Губиделников,’’Законъ соудныи людьмъ‘‘, Юридически преглед 16, кн. 2-3, София, 1908.

Г. Розенкампф,‘‘Обозрение Кормчей книги в историческом‘‘ изд. 1, Москва, 1829.

Г.Острогорски,’’Историја на Византија’’, Скопје, 1992.

Ѓ. Давичиќ; В. С. Караджиќ,‘‘Библија или Свето писмо Старога и Новога завјета‘‘, Београд, 2008.

H. Ismaili, F. Sejdiu,’’Historia e institucioneve juridike dhe shtetërore‘‘, Prishtinë, 2009.

H.F. Jolowicz, Barry Nicholas,‘‘Historical Introduction to the Study of Roman Law‘‘, New York, 1972.

Х.Џ.Блекхо, М.Кренстон, П.Фолкис, С.Х.Хук, Х.Г.Џаџ, М.С.Лори, Д.Мекреи, А.Квинтон, А.Смарт, “Растежот на идеите”, Култура, Скопје, 1995.

I. Puhan,‘‘E drejta Romake’’, петто издание, Приштина, 1989.

I.Bekker,’’Theophanes Continuatus’’, Bonnae, 1838.

I.Thurn,’’Ioannis Scylitzae Synopsis Historiarum’’, Berlin, 1973.

И. Живанчевиќ,‘‘Идна генерација‘‘, Београд, 1992.

J. Ковачевјħ,‘‘Средњовековна ношња балканских Словена‘‘, Београд, 1953.

J. M. Roberts,’’History of the World’’, Penguin Books, London, 1995.

J. Scharf,’’Photios und die Epanagoge’’, 1956.

J. Scharf,’’Quellenstudien zum Prooimion der Epanagoge’’, 1959.

J. Werner: Beiträge zur Archäologie des Attila – Reiches, München, 1956.

J.Deniker, ‘‘Les races et les peuples de la Terre‘‘, Paris, 1926.

J. Таковски,‘‘Терминологија од областа на теологијата, Македонска терминологија 102‘‘, МАНУ, Скопје, 1999.

J.M.Kelly,’’A short history of western legaltheory’’, Oxford, 1994.

J.M.Roberts, ‘’History of the World’’, ‘’Penguin Books’’, 1995.

J.Ostojic,‘‘Benediktinci u Hrvatskoj i astalim nasim Krajevima‘‘, II, Split, 1964.

John Henry Merryman, Rogelio Pérez-Perdomo,‘‘The Civil Law Tradition‘‘, Stanford University Press, California.

John W. Barker,‘‘ Justinian and the Later Roman Empire‘‘ 1966.

Jusuf Buxhovi, ‘’Maqedonia nga antika deri te koha jonë’’, Prishtinë, 2019.

Џон В. А. Фајн Јуниор, ‘‘Балканот во раниот среден век‘‘, Скопје, 2015.

Kadiec,’’Introduction a l’etude comparative de l’histoire du droit public des peoples slaves’’, Paris, 1933.

Kurtovic Sefko,’’Opca povijest prava I drzave I ’’, Zagreb, 1994.

К. А. Максимович, Законъ соудьнъии людьмъ, источниковедческие и лингвистические аспекты исследования славянского юридического памятника, Москва, 2004.

К. Д. Калайдович, П. М. Строев,‘‘Законы великого князя Ивана Васильевича и Судебник царя Иоанна Васильевича с дополнительными указами‘‘-Предисловие к изданию 1819 года, Москва, 1878.

К.В. Вершинин,‘‘Мерило Праведное‘‘ - в истории древнерусской книжности и права-, Москва, Санкт-Петербург, 2019.

К. Е. Zachariae von Lingenthal,”Geschichte des griechisch-romischen Rechts”,3, Aalen, 1955.

К. Илиевска,‘‘ Мазуринска крмчија, јазична анализа‘‘- Стари текстови VI -, Скопје, 1999.

К. Илиевска,‘‘ Законъ соудныи людьмъ‘‘, Скопје, 2004.

К. Илиевска,‘‘Единство староцерковнославянского языка в диалектном разнообразии‘‘, Москва, 1996.

К. Кадлец,‘‘Првобитно словенско право пре X века‘‘, Београд, 1924.

К. Ф. Калайдович,‘‘Русские достопамятности издаваемые Обшеством истории и древностей российских‘‘, ч. I, Москва, 1815.

Кандриц Лјубица, ,,Савремена администрација‘‘, Београд, 1992.

Константин Бастаиќ, Богдан Кризман,”Општа хисторија државе и права”, Загреб, 1981.

L. Niederle,‘‘ Život starỳch Slovenu I‘‘, Praha, 1911.

Л. Ковачева,‘‘Погребни обичаи и верување во македонската народна традиција‘‘Скопје, 2015.

Л. Макаријоска,‘‘Лексиката на македонската традиционална култура‘‘, Скопје, 2014.

Лубен Лапе „Историјата на македонскиот народ„ Скопје, 1975.

Лукиќ Радомир: „Историја политичких и правних теорија‘‘, Београд, 1982.

Љ. Кркљуш, Правна историја српског народа, Нови Сад, 2002.

Љ. Кркљуш,‘‘Правна историја српског народа‘‘, Београд, 2009.

Љ. Кркљуш,‘‘Правна историја српског народа‘‘, шесто издање, Центар за издаваштво и информисање, Београд, 2014.

M. Šarac; Z. Lučić, ‘‘Римско приватно право‘‘, Novo Sarajevo, 2006.

М. Валтровић,‘‘Земљани праисторијски кип из Кличевца‘‘, Београд, 1890.

М. Я. Сюзюмов,’’О социальной сущности законодательства -Василик-’’, Моаква, 1953.

Mazal, P., ‘‘Justinian I. und seine Zeit‘‘, Köln, 2001.

Michael Maas,-Roman Questions, Byzantine Answers-, in The Cambridge Companion to the ‘‘Age of Justinian’’, 2005.

M. Ljubinković,‘‘Ka problemu kontinuiteta Iliri – Sloveni‘‘ - Simpozijum predslovenski etnički elementi na Balkanu u etnogenezi Južnih Slovena, knj. XII, Sarajevo, 1969.

М. Андрев, Д. Ангелов,’’Историк на балканската феодална држава и право’’, Софир, 1972.

М. Андреев, Ф. Милкова,‘‘История на бЪлгарската феодална држава и право‘‘, Софиа, 1993**.**

М. Андреев,’’Блгарското обичаино право, правно-историческо проучване’’ , Софир, 1979.

М. Андрејев, ‘‘Нови студии и нови теории за потеклото на законот за судење на луѓе‘‘ - Годишникот на Софискиот универзитет, София, 1964.

М. Бошков,"Три брата Мрњавчевића у рукописној традицији рачанских летописа", Нови Сад, 2013.

М. В. Вардарски,''Брачното и семејното обичајно право на македонскиот народ'' прилози за обичајното право на македонскиот народ, Скопје, 2000.

М. Доленц, "Душанов законик", Љубљана, 1925.

М. Н. Тихомиров & Л. В. Милов,‘‘ Закон Судныи людем краткои редакции‘‘, Москва, 1961.

М. Фасмер „Зтшлологическж словару, русского лзмка‘‘,  Москва 1971.

Н. В. Калачев,‘‘Мерило Праведное‘‘,- Архив историко-юридических сведений, относящихся до России,книга 1, Москва,  1876.

Н. Милаш,''Православно црквено право'', Мостар, 1902.

Н. Селаковиќ,‘‘Душанов законик и правни трансплантi‘‘, Београд, 2007.

Н. Сотировски,‘‘Историја на државите и правата на југословенските народи‘‘, Скопје, 1980.

Николиќ Д., ‘‘Фрагменти правне историје‘‘, Ниш, 1997.

О. Л. Пјановиќ,‘‘Срби...најстариот народ‘‘, Том II, Београд, 1990.

P. E. Pieler, ''Ανακάθαρσις τῶν παλαιῶν νόμων und makedonische Renaissance'', 1989.

P. Lemerle,''Agrarian History of Byzantium fron the Origins to the Twelfth century'', Galway, 1979.

П. Георгиевски,‘‘Млад Богослов‘‘,Списание на МПБ „Св. Климент Охридски“, БР.2, Драчево, 2018.

P. Noailles, A. Dain,''Les Novelles de Leon VI le Sage'', Paris, 1944.

P. Skok,‘‘Etimologijski rječnik II‘‘, Zagreb, 1972.

Paul Lunde & Caroline Stone, ‘‘The Meadows of Gold'', Routledge, London 1989.

П. Ј. Шафарик,‘‘Uebersicht der vorzüglichsten schriftlichen Denkmäler älterer Zeiten bei den Serben und anderer Südslawen‘‘, Виена, 1831.

R. S. Lopez,’’Byzantine law in the Vllth century. Byz’’, 1944.

Rr. Zojzi,’’La „guna“ dans la tradition vestimentaire des peuples balkaniques’’, Tirana, 1966.

Р. Ивановски, ‘‘РОМЕИТЕ (ТН.ВИЗАНТИЛЦИ)=ХРИСТИЈАНИ-СКЛАВИНИТЕ (ТН.СЛОВЕНИ)=ПОВЕЌЕБОЖЦИ‘‘, Битола, 2017.

Р. Хубе,‘‘O znaczeniu prawa rzymskiego and rzymsko-byzantinskiego in narodow slowianskich‘‘, Варшава, 1868.

Я. Н. Щапов,’’Византиискoе и южнославянскoе правовое наследие на Руси в XI-XIII вв’’, Москва, 1978.

S. Codoñer & A. Santos,’’La introducción al derecho (eisagoge) del patriarcha Focio’’, Madrid, 2007.

S. N. Trōianos, ‘’Δίκαιο και ιδεολογία στα χρόνια των Μακεδόνων”, 2001.

Srdan Sarkic, Dragoljub Popovic, ‘’Veliki pravni sistemi i kodifikacije’’, Beograd, 1993.

Stein, ‘’Geschichte’’; A. Mikelian, ‘’Die armenische Kirsche in iren Bezihungen zur byzantiniscchen’’, 1892.

C. A. Beck,’’De novellis Leonis augusti et philosophi’’, Halae, 1779.

С. Бобчев,‘‘История на старобългарското право‘‘, София, 1910.

С. Јантолек,‘‘О Душановом законику‘‘, Београд, 1948.

С. Јасиќ,‘‘Душанов законик‘‘, Београд, 1968.

С. Ќирковиќ,‘‘Pravoslavna crkva u srednjovekovnoj srpskoj državi 1219–1969‘‘, - Spomenica o 750-godišnjici autokefalnosti, Beograd, 1969.

С. Ќирковиќ,‘‘Студије о Душановом законику 1‘‘, Београд, 2006.

С. Новаковиќ,‘‘Законик Стефана Душана цара српског. 1349 и 1354.‘‘, Београд, 1870,

С. Стојичић, "Душанов законик", Лесковац, 1970.

Сима Аврамовиќ,''Општа правна историја- Стари и Средњи век'', Београд, 2004.

Срезневский,И.И.''Обозрение древних русских списков Крмчей книги'', Санктпетербург, 1897.

С. Лишев, ''За генезиса на феодализма в България'', Софиа, 1963.

Ст. Новаковић,''Законски споменици српских држава средњег века'', Београд, 1912.

Стивн Рансимент, ''Византијска Цивилизација'', Суботица, 1964.

Стивн Рансимент, ''Византијска Цивилизација'', Суботица, 1964.

С. Троицки,''Св. Мефодий как автор – Закона судного людЬям '', ИНИ, Скопје, 1970.

Шарл Дил, ,,Историја на Византинската Империја'', Јули, 1919.

SH. Gjeçovi, '' Kanuni i Lekë Dukagjinit", Lezhë, 1999, стр. 80. ; Б. Поповска,''Државно-правна историја на Македонија VII-XX век'', Скопје, 2013.

T. Honoré,''Tribonian'', London, 1978.

T. P. Vukanović, ''Deformisanje lobanje kod stanovništva u Kosovsko Metohijskoj Oblasti'', Priština, 1961.

T. P. Vukanović, ''Nošnje balkanskih Slovena u srednjem veku''- Glasnik Muzeja Kosova I Metohije, knj. I, Priština, 1956.

T. Saturnik,''Prispevky k šireni byzantskeho prava u Slavanu'', Praha, 1922

T. Vukanović,''Etnogeneza južnih slovena '' Vranje, 1974.

Th. E. van Bochove, -To Date and Not to Date-, ''On the date and status of Byzantine law books'', Groningen, 1996.

Т. Р. Ђорђевић, ,,Наш народни живот'', Београд, 1923.

Т. Тарановски, "Историја српског праваy немањићкој држави", т.1,Београд, 1931.

Т. Тарановски,''Историја српског права у немањићкој држави'' - Класици југословенског права-, Београд, 1996.

Т. Флоринский,‘‘Антички споменик на бугарското право‘‘, Киев, 1904.

Т. Флоринциј, ‘‘Памјатники Законодатељној дејателности Душана царја Сербов и Греков‘‘, Киев, 1888.

V. Stanković,’’Les patpiarches de Constantinople et les empereus de la dynastie macedonienne‘‘, Beograd, 2003.

Valtazar Bogišić,’’Pravni obicaji u slovena’’, Zagrebu, 1867.

Vogz, J: ‘’Constantin der Grosse und sein Jahrhudert’’, Berlin, 1960.

V. Uysal,‘‘Psikolojik Açidan Oruç‘‘, Ankara, 1994.

B. Marušić,‘‘Istra u ranom srednjem vijeku‘‘, Pula, 1960.

В. А. Мациејовски,‘‘Historia prawodawstwa słowiańskiego‘‘, Варшава, 1832–1835.

В. А. Мошин,‘‘Властерева синтагма и Душанов законик у Студеничком ‘Отечнику‘”, Старине Јазу, 42, Загреб, 1949.

В. Камбовски,”Средновековното обичајно казнено право и казненото право до илинденскиот период”, Скопје, 2000.

В. Сандиќ,‘‘Душанов Законик‘‘, - Школа гусала Сандиќ-, Београд, 2014.

В. Станковиќ,’’Цариградски патријарси и цареви Македонске династије‘‘, Београд, 2003.

Венелин Ганев, ‘‘Законъ соудный людмъ‘‘, София 1959.

Вук Караѓиќ, ‘‘Средњи век: ренесанса‘‘, ‘‘Народна књига‘‘, Београд, 1983.

Z. R. Chitwood,’’Byzantine legal culture under the Macedonian dynasty, 867-1056’’, Princeton, 2012.

Z. Vinski,‘‘Kasnoantička baština u grobovima ranoga srednjega vijeka kao činjenica i kao problem‘‘, Jugoslavije, 1964.

З. Стојановиќ,‘‘Кривично право - општи део‘‘, XX издање, Београд, 2013.

# Стручни списанија, научни текстови и други документи:

А. А. Васильев,’’ История Византийской империи’’- Том I. Время до крестовых походов (до 1081 г.), Алетейя, 2000.

А. П. Каждан,‘‘Василики как историческийˈ источник‘‘ - Византийский временник, том XIV, Москва, 1958.

А. Шмеман,’’Судьба византийской теократии’’ - Православная мысль бр.5, Парис, 1947.

Ђ. Миловић,”Општи поглед на историјски развој кривичног права”, Правни зборник, Титоград, број 3, 1960.

Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава‘‘, Скопје, 1981

Д. Миланова,‘‘Секуларизмот во Црквата како современ етички проблем‘‘- Специјалистички студии по методика на наставата по религиско образование-, Штип, 2011.

Charles P. Sherman,‘‘The Study of Law in Roman Law Schools‘‘, Yale Lawe.Journal, Pennsylvania, 1908

Е. Э. Липшиц,‘‘НесколЬко замечанийˈ о Василиках как источнике‘‘ - Византийский временник, том XIV, Москва, 1958.

Enciklopedija Jugoslavije VI, ’’O pojmovima obi*ća*jno pravo I pravna etnologija-antropologija’’, Zagreb, 1965.

F. Lawśon,’’The Basilica – I –‘’, Law Quarterly Review, 1930

Ф. Бачић,‘‘Опћи поглед на средњовјековно кривично право‘‘, Зборник Правног факултета у Загребу, Загреб, број 5-6, 1988.

G. Dragon,’’Le traité de Grégoire de Nicée sur le baptême des Juifs’’, Travaux et mémoires 11, Princeton, 1991

G. Pilarić,‘‘Antropološka istraživanja artificijalno deformiranih lubanja iz ranosrednjovekovne nekropole u Rakovčanima kod Prijedora‘‘, Glasnik Zemaljskog muzeja XXV. Arheologija, 1970.

Ѓ. Бубало,‘‘Време Душановог законика‘‘,- Slovène- International Journal of Slavic Studies, Vol 4, №2, Београд, 2015.

Ѓ. Бубало,“Оглед из историје текста Душановог законика (рукописно окружење)”, ЗРВИ, 50/2, 2013.

Г. Данаилов,‘‘Един паметник на старото българсрско право‘‘,Сборник на народни умотворения, наука и книжнина 18, том III, София, 1901.

И. Божилов и В. Ѓузелев,‘‘Историја на средновековна Бугарија‘‘, том I, VII-XIV век, Софија, 1999.

И. Милотиќ, ‘‘Testis unus testis nullus u rimsko-kanonskom i važećem kanonskom postupku‘‘, - Bogoslovska smotra-, Загреб, 2019.

J. P. Zepos,’’ Jus Graecoromanum’’, vol. II

J. Vašica,’’Origine Cyrillo-Methodienne du plus ansien code slava dit ‘’Zakon Sudnyi ljudem”’, Byzantinoslavica, XII, 1951.

K. E. Zachariae von Lingenthal,’’Collectio librorum juris Graeco-Romani ineditorum’’, Лајпциг, 1852.

К.Трајанов,’’JOURNAL OF HISTORY’’, SKOPJE, 2015/2016 №. 1.

M. Kostrencic,’’Vinodolski zakonik’’-Historijski zbornik, Zagreb, 1949.

M. Th. Fögen,’’Reanimation of Roman law in the ninth century: remarks on reasons and results’’, Publications/ Society for the Promotion of Byzantine Studies 5, Birmingham, 1996.

М. Я. Сюзюмо,‘‘Василики как источник Для внутренней истории Византии‘‘ - Византийский временник, том XIV, Москва, 1958.

Маргетиќ Л, ‘‘Еклога из 726 године и њезина важност за нашу правну повијест‘‘ Зборник, Ријека, 1980.

H. Oroshakoff,’’Ein Denkmal des bulgarischen Rechts (Zakon Sudnyi ljudem)’’, Zeitschrift fur vergl. Rechtswissenschaft 33, Stuttgart, 1912.

H.Birn-baum, ‘’The Orginal Homeland of the Slavs and the Problem of Early Slavic Linguistic Contacts’’, Indo-Europian Studies 1, no.4. 1973.

N. F. Pavković,’’La peine dans le droit coutumier des Slaves du Sud’’- Recueils de la Societe Jean Bodin pour l’histoire comparative des institutions,LVII, Bruxelles, 1989.

N. F. Pavković,’’Pravni obićaj kod južnih slovena’’,- Zbornik etnografskog muzeja u Beogradu 1901-2001, Beograd.

Novels of Leo VI, Novel 1, line 22-4: “Καὶ γὰρ οὕτω καλῶς εἰς ἓν σῶμά τε ποιησάμενος τὴν καταμερισμένην τῶν νόμων ὑπόστασιν...”

N. Nisiotis,‘‘Теологија као наука и славословље у теологији‘‘, Истина и живот

Н. Раич, “Историја разнух славенских народов наипаче Болгар, Сербов и Хорватов”, Vol 5, Виена, 1795.

P. Angelini,‘‘The Code of Dušan 1349–1354‘‘,- Tijdschrift voor Rechtsgeschiedenis / Revue d'Histoire du Droit / The Legal History Review, Volume 80, Лејден, 2012.

P. Karlin-Hayter,’Byzantion’’ - Vita S. Euthymii – Vol. 25/27 No.2 (1955-56-57), Brussels

P. Noailles, A. Dain,‘’Les Novelles de Léon VI le Sage’’, -texte et traduction, 1944. In: Bulletin de l'Association Guillaume Budé, n’1, juillet 1946.

Повијест свијета‘‘, Загреб, 1990.

Schmid H. F.‘‘La legislazione bizantina e la pratica giudiziare occidentale nel piu antico codice slavo‘‘, Atti del Congresso internazionale di diritto romano e di storia deldiritto, Verona 1948, Milano 1953, vol. 1

Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава‘‘, Скопје,1981.

С. Стојановиќ,‘‘Јеретик из члана 10 Душановог Законика‘‘, Зборник радова Правног факултета у Нишу, Бр. 85, Ниш, 2019.

С. Троицки,‘‘Святой Мефодий как славянский законодатель‘‘, Богословские труды сб.II, Московская патриархия, Москва, 1961.

Шаркиќ Срѓан, ‘‘Правне и политичке идеје у Источном Римском Царству‘‘, ‘‘Научна књига‘‘.

Wolfgang Kaiser,‘‘Justinian and the Corpus Iuris Civilis‘‘, in The Cambridge Companion to Roman Law, 2015.